

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА
**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

за
2023
година

за **2023**
година

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ
И ЗА РАБОТАТА НА
**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Наслов на оригиналот:**
Годишен извештај за извршените ревизии и
за работата на Државниот завод за ревизија
за 2023 година

**Издавач:**
Државен завод за ревизија - Скопје
улица Павел Шатев бр.2, Палата Емануел Чучков, Скопје

**За издавачот:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Уредник:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Печати:**
Друштво за графичко печатарска дејност, трговија,
производство и услуги ГЕТЕО принт Перо ДООЕЛ
извоз - увоз- Скопје

**Компјутерска и техничка обработка:**
Јана Сајковска Димитриевски, Надица Доневски,
Весна Богдановиќ, Елена Догазанска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

657.6(497.7)»2022»(047.31)

ГОДИШЕН извештај за извршените ревизии и за работата
на Државниот завод за ревизија за 2023 година /
[уредник Максим Ацевски]. - Скопје:
Државен завод за ревизија, 2024.
- 237 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-5006-06-9

а) Државен завод за ревизија (Скопје)

-- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 63886597

**Година:**
2024

**Тираж:**
200 примероци

**Место на издавање:**
Скопје

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Имплементирано од:

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за управување со промени

Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), проект на Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. ПСП ја спроведуваат Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас цивилис"- Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на оваа публикација не може, на било кој начин, да се смета дека ги одразува ставовите на СДЦ.

# СОДРЖИНА


| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | | 20 |
| | 1.1. | Правна рамка | 24 |
| | 1.2. | Стратешки и годишни документи и активности | 25 |
| | 1.3. | Методолошки документи и примена на добри практики | 35 |
| 2 | КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | | 36 |
| | 2.1. | Комуникација и транспарентност во работењето | 37 |
| | 2.2. | Соработка со Собранието, државните органи, професионални асоцијации и институции, граѓански организации и општата јавност | 45 |
| | 2.3. | Соработка со надлежни органи за ревизиите и ефектите од истите | 51 |
| 3 | АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ | | 54 |
| | 3.1. | Организациска структура и човечки ресурси | 55 |
| | 3.2. | Зголемување на знаењата и вештините на државните ревизори | 58 |
| | 3.3. | ИТ ресурси | 61 |
| | 3.4. | Финансиски средства за работа на ДЗР | 63 |
| | 3.5. | Одржлив развој и заштита на животната средина | 71 |
| 4 | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | | 72 |
| | 4.1. | Меѓународна соработка | 73 |
| | 4.2. | Проектни активности | 83 |
| | 4.3. | ЕУ интеграција | 89 |
| 5 | ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ | | 90 |
| | 5.1. | Додадена вредност | 99 |
| | 5.2. | Буџет на Република Северна Македонија | 101 |
| | 5.2.1. | Основен буџет на Република Северна Македонија за 2022 година | 101 |
| | 5.2.2. | Ефикасност на мерки и политиките за сервисирање на јавниот долг | 111 |
| | 5.2.3. | Плати и додатоци на плати на административните службеници во Република Северна Македонија | 114 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2.4. | Управување со државниот имот | 119 |
| 5.2.5. | Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на Република Северна Македонија, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централната власт и локалната самоуправа | 124 |
| 5.3. | Одбрана | 132 |
| 5.3.1. | Министерство за одбрана | 132 |
| 5.4. | Одрживи развојни цели на Обединетите нации | 135 |
| 5.4.1. | Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на целите за одржлив развој до 2030 година | 135 |
| 5.5. | Здравствен систем | 140 |
| 5.5.1. | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 140 |
| 5.5.2. | Јавни здравствени установи | 143 |
| 5.5.3. | Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца | 145 |
| 5.6. | Информациски системи, безбедност и заштита на податоци | 149 |
| 5.6.1. | Ефективност на националниот портал за е-услуги | 149 |
| 5.6.2. | Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи | 152 |
| 5.7. | Правосудство и владеење на правото | 154 |
| 5.7.1. | Државна комисија за жалби по јавни набавки | 154 |
| 5.7.2. | Процес на доделување на договорите за јавни набавки | 156 |
| 5.7.3. | Виш управен суд | 158 |
| 5.7.4. | Народен правобранител на Република Северна Македонија | 159 |
| 5.8. | Животна средина | 160 |
| 5.8.1. | Министерство за животна средина и просторно планирање | 160 |
| 5.9. | Сообраќај, Транспорт и Комуникација | 162 |
| 5.9.1. | Министерство за транспорт и врски | 162 |
| 5.9.2. | ЈП за државни патишта | 164 |
| 5.9.3. | ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта | 167 |
| 5.10. | Енергетика | 169 |
| 5.10.1. | Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија | 169 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.11. | Економија | | 172 |
| | 5.11.1. | Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот | 172 |
| 5.12. | Јавни комунални дејности | | 176 |
| | 5.12.1. | Јавни претпријатија на локално ниво | 176 |
| 5.13. | Труд и социјална политика | | 180 |
| | 5.13.1. | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија | 180 |
| | 5.13.2. | Агенција за вработување на Република Северна Македонија | 183 |
| 5.14. | Образование | | 186 |
| | 5.14.1. | Ефективност на мерките за спречување на одливот на високо образовни и стручни кадри | 186 |
| | 5.14.2. | Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард | 190 |
| | 5.14.3. | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје | 196 |
| 5.15. | Локална самоуправа и рамномерен регионален развој | | 197 |
| | 5.15.1. | Единици на локална самоуправа | 197 |
| | 5.15.2. | Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд | 200 |
| 5.16. | Политички партии и изборни кампањи | | 202 |
| | 5.16.1. | Политички партии – редовно работење | 202 |
| | 5.16.2. | Изборна кампања - Локални избори 2022 година | 203 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ** | 207 |
| 7 | **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР** | 216 |
| 8 | **КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ** | 238 |

# Почитувани дами и господа,

# Почитуван читателу,

Во вашите раце се наоѓа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година. Овој извештај е резултат на многу труд посвететеност и ентузијазам и претставува алатка за објективно, транспарентно и веродостојно прикажување на нашите резултати и спроведените ревизии во 2023 година.

Во 2023 година, Државниот завод за ревизија ја реализираше Годишната програма за работа со која беа опфатени 66 ревизии. Утврдивме 957 состојби и дадовме 697 препораки кои се содржани во 100 ревизорски извештаи. Овие извештаи презентираат фактички иннформации за работењето на ревидираните субјекти и областите опфатени со ревизиите на успешност.

Особено внимание оваа година посветивме на ревизиите на успешност, кои се однесуваат на теми и области од интерес на засегнатите страни, даночните обврзници, граѓаните и пошироката јавност.

Со овие ревизии веруваме дека дадовме јасен и објективен приказ на состојбите во областите на целите за одржлив развој, родовата еднаквост, одливот на високообразовани и стручни кадри, експлоатација на минералните ресурси, развојот на студентскиот стандард, користењето на здравствените услуги, заштита на критичните информациони системи, капиталните инвестиции, националниот портал Е-услуги и други. Во исто време дадовме препораки за начинот на постапување на надлежните органи во насока со цел обезбедување на ефективност и ефикасност и отстранување на причините за утврдените состојби.

Дополнително, значајни се и активностите кои се преземени од областа на уредување и донесување на стратешки и годишни документи, како што се Годишниот план за спречување на корупцијата и на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2023 година.

Вработените во ДЗР како Врховна ревизорска институција и оваа година покажаа и докажаа дека се со висок интегритет и етика и посветени на зголемување на своите знаења и вештини. Имено, во рамките на Програмата за превенција од корупција, се стекнаа со меѓународниот сертификат од вкупно 126 сертифицирани вработени во јавниот сектор за управување со ризици од корупција, 101 вработен се од ДЗР и од вкупно 18 обучувачи за спроведување на оваа програма, 17 вработени се од ДЗР.

Овие резултати потврдуваат дека ДЗР е посветен на имплементација на принципите на INTOSAI - P12, со што обезбедуваме: Вредност и придобивки од ВРИ правење разлика во животот на граѓаните при што веруваме дека обезбедивме: зајакнување на отчетноста, транспарентноста и интегритетот на државните органи и субјектите од јавниот сектор; демонстрирање трајна релевантност за граѓаните, парламентот и другите засегнати страни и претставуваме организација за пример.

Со ревизиите во 2023 година го зголемивме опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства. Дополнително, ја зголемивме додадената вредност од извршените ревизии, посебно во висината на утврдени помалку пресметани, помалку вратени или помалку уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија и во буџетите на општините, што укажува на значајниот придонес на ДЗР кон зајакнување на институциите и менаџерската одговорност во нашето општество.

Постојано посочуваме на системските слабости, како и на недостатоците и недореченостите во регулативата во одредени области и укажувајќи ја потребата за нивно надминување. Нашата работа придонесува кон зајакнување на правниот систем и создавање на поволна средина за понатамошен развој на правните субјекти. Сепак, и покрај овие активности, некои системски слабости се провлекуваат со години, што укажува на неактивноста на одредени надлежни органи во преземањето мерки за нивно одстранување.

Транспарентноста и отчетноста во работењето на ДЗР, е од суштинско значење за изградба на довербата, одговорноста и ефикасноста во извршувањето на државната ревизија. За таа цел, континуирано преземаме активности за зголемување на бројот на засегнати страни кои навремено добиваат информации за работата на ДЗР, и со задоволство истакнуваме дека бројот на засегнати страни во декември 2023 година изнесуваше 1.200.

На меѓународен план, како на билатерално ниво, преземени се низа активности кои го вбројуваат ДЗР како рамноправен партнер со останатите ВРИ и партнер препознатлив со своите активности во работните групи на INTOSAI и EUROSAI.

Постигнатите резултати и спроведените активности по својот обем и квалитет се должат на несебичната посветеност на вработените во ДЗР, ангажираните надворешни (домашни и меѓународни) експерти и големиот број на донатори на кои изразуваме голема благодарност за нивната поддршка.

Наведените активности овозможуваат Државниот завод за ревизија да ги извршува своите обврски на начин кој му обезбедува доверба на Собранието и на другите заинтересирани страни. Ова ги уверува дека извештаите за извршените ревизии и Годишниот извештај, содржат точни и објективни информации засновани на факти, наоди и препораки.

Наш приоритет во идниот период ќе биде реализирање на стратешките активности, насочени кон јакнење на независноста и интегритетот на ДЗР како ВРИ, професионалната надградба на вработените и реализација на одредбите од потпишаниот Меморандум со Собранието.

Силно веруваме дека извршната и законодавната власт ќе продолжат со преземените активности до конечно донесување на новиот Закон за државната ревизија и утврдување на ДЗР во уставот на нашата држава како ВРИ, обезбедувајќи уставна и целосна финансиска и оперативна независност на Државниот завод за ревизија.



„КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ИМААТ ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ДОКОЛКУ ОБЕЗБЕДАТ НАВРЕМЕНИ, КВАЛИТЕТНИ И КОНТИНУИРАНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ“

Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски

# **КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**
# ОД РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

во 000 денари

**2.145.513.095**
Вкупна актива/пасива

**5.030.418**
Неплатени/помалку уплатени/јавни давачки/надоместоци во Буџетот на државата

**3.642.901**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини

**1.001.206**
Незаконско користење на средства

**28.261.918**
Вкупен износ на јавни набавки

**19.950.492**
Опфат на ЈН со ревизија

**3.844.205**
Вкупен износ од утврдени неправилности кај ЈН

**43.252**
Финанскиски ефекти од ревизијата/уплатени средства во текот на ревизијата

ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

**14.952**
Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за ЈН

**38.871.654**
Корективни книжења во Билансот на состојба

**58.057.372**
Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија и капиталните инвестиции

**5.102.327**
Откажани/изгубени грантови

**36.914**
Износ на изгубени судски постапки

**31.764**
Помалку пресметани даноци на добивка

**1.812.484**
Платени провизии за неповлечени средства од кредити/заеми

**1.495.383**
Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кои субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител

**61.985**
Помалку пресметани придонеси

**1.777.913**
Друга додадена вредност од ревизијата

# **ГОДИШНА ПРОГРАМА** ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2023 ГОДИНА




ТЕМИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

| | |
|---|---|
| **66** | **ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ** |
| **47** | Ревизии на регуларност |
| **9** | Ревизии на успешност |
| **2** | ИТ ревизии |
| **4** | Ревизии на усогласеност |
| **4** | Follow up - ревизии |

ЦЕЛИ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ



# Ревизии низ бројки

**100** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

**РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ**

**79** мислења за финансиските извештаи

- **31** без резерва
- **12** со резерва
- **30** неповолно мислење
- **6** воздржување од мислење

**72** мислења за усогласеност [14] со закони и прописи

- **24** без резерва
- **18** со резерва
- **28** неповолно мислење
- **2** воздржување од мислење

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ**

- **4** заклучоци за ревизија на усогласеност
- **9** заклучоци за ревизија на успешност
- **2** заклучоци за ИТ ревизија
- **4** заклучоци за Ревизија на спроведување на препораките (follow up)

**957** ⚠ НАОДИ И ПРАШАЊА ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **593** ревизија на регуларност
- **215** ревизија на успешност
- **122** ревизија на усогласеност
- **27** ИТ ревизии

**140** СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **29** ревизија на регуларност
- **74** ревизија на успешност
- **13** ревизија на усогласеност
- **2** ИТ ревизија
- **18** учесници во изборна кампања на локални избори
- **4** ревизија на спроведување на препораките

**37** КОНСТАТИРАНИ СЛАБОСТИ ВО НАОДИТЕ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
**28.261.918**
во 000 денари

**РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**
**19.950.492**
во 000 денари

**3.844.205** ⚠
УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ
во 000 денари

**14.952**
ИЗВРШЕНИ НАБАВКИ ЗА КОИ НЕ Е СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА
во 000 денари

- слабости во реализација на склучените договори по јавни набавки
- не спроведени постапки за јавни набавки
- слабости во планирањето на јавните набавки
- неправилности при подготовката на тендерската документација/техничката спецификација
- слабости во фазата на случување на договори со избраните понудувачи

# **РЕВИДИРАНИ** ЈАВНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ВКУПНО **365.025 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **395.961 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година

| | | Ревидирани јавни приходи | Ревидирани јавни расходи |
|---|---|---|---|
| Централен буџет на Република Северна Македонија | Годишна програма 2023 | 203.174 | 15.619 |
| | Годишна програма 2022 | 227.343 | 79.847 |
| Буџет на фондови | Годишна програма 2023 | 135.804 | 129.629 |
| | Годишна програма 2022 | 123.039 | 115.742 |
| Буџет на ЕЛС | Годишна програма 2023 | 5.243 | 4.888 |
| | Годишна програма 2022 | 12.515 | 11.536 |
| Корисници на средства од буџетот на ФЗО | Годишна програма 2023 | 1.730 | 1.720 |
| | Годишна програма 2022 | 1.045 | 1.014 |
| Учесници на изборна кампања на локални избори | Годишна програма 2023 | 19 | 19 |
| | Годишна програма 2022 | 766 | 734 |
| Јавни претпријатија | Годишна програма 2023 | 14.681 | 10.947 |
| | Годишна програма 2022 | 1.659 | 1.709 |
| Други институции/ Правни лица во кои државата е доминантен акционер | Годишна програма 2023 | 1.523 | 1.539 |
| | Годишна програма 2022 | 8.134 | 7.958 |
| Опфатени со Ревизии на усогласеност | Годишна програма 2023 | 0 | 50.446 |
| | Годишна програма 2022 | 1.685 | 3.236 |
| Опфатени со Ревизија на успешност | Годишна програма 2023 | 2.851 | 181.154 |
| | Годишна програма 2022 | 35.322 | 63.063 |

Годишна програма 2023 Годишна програма 2022

во 000.000 денари

## **ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ**
## И ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ

# 2023



# 2022

**775** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼775 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼131 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**644** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**75%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ




# 2021

**654** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼654 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼46 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**608** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**81%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ



# ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## СТРАНА (Facebook)

| | |
|---|---|
| Кои виделе една содржина | 114.465 |
| Вкупен број на посетители | 542.585 |
| Вкупен reach за последните 10 објавени содржини | 56.281 |
| Следачи на страната | 9.116 |

## Youtube

| | |
|---|---|
| Споделувани видеа | 23 |
| Видеа за ревизии | 6 |
| Видеа за Државниот завод за ревизија | 3 |
| Интервјуа | 14 |

## МЕЈЛИНГ ЛИСТА КОМУНИКАЦИЈА СО НАДВОРЕШНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

2020-2023




## ПОСЕТИ НА WWW.DZR.MK

2020-2023




## ОДНОСОТ СО МЕДИУМИТЕ

01.01.2023 | 31.12.2023

**519** МЕДИУМСКИ ОБЈАВИ ЗА КОНЕЧНИ РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

**89** ОБЈАВИ ПРЕНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ

**430** ОБЈАВИ ПРЕНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИТЕ

**14** ИНТЕРВЈУА И ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ

# ПРОЦЕС НА РЕВИЗИЈА



# ЗАДОЛЖУВАЊЕ
# СО ЗАЕМИ/ГРАНТОВИ

опфатени со ревизијата на
основен Буџет за 2022 година

во 000 денари

| | | | | | | Динамика на реализација, согласно периодот на задолжување со заем/грант |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МФ | 4.620.956 | 1.580.515 | 3.040.441 | 66% | 25.955 | 3 проекти од 2016, 2021 и 2023 година со редовна динамика на реализација |
| МТВ | 12.442.956 | 6.911.455 | 5.531.501 | 44% | 26.566 | 2 проекти од 2009-2022 година со редовна динамика на реализација;<br>2 проекти од 2010 и 2019 година со бавна динамика на реализација; |
| МЖСПП | 7.958.655 | 0 | 3.084.750 | 39% | 0 | 1 проект од 2022 година со бавна динамика на реализација;<br>1 проект од 2023 година со редовна динамика на реализација; |
| МЗ | 1.661.906 | 832.883 | 829.024 | 50% | 0 | 1 проект од 2015 година, кој бележи голема забавена динамика на реализација (застој) |
| МТСП | 8.174.588 | 6.775.252 | 1.399.335 | 17% | 22.691 | 3 проекти од 2018 и 2020 година со редовна динамика на реализација |
| МП УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 3.084.750 | 1.295.595 | 1.789.155 | 58% | 0 | 1 проект од 2010 година, кој бележи голема забавена динамика на реализација (застој) |
| МЗШВ | 8.020.350 | 287.670 | 7.485.900 | 93% | 29.443 | 1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација;<br>1 проект од 2021/2022 година со редовна динамика; |
| МОН | 11.060.992 | 8.951.008 | 2.409.984 | 22% | 11.903 | 3 проекти од 2011/2022 и 2021 година со редовна динамика на реализација;<br>1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација; |
| ЈПДП | 79.471.670 | 10.819.497 | 41.342.864 | 52% | 615.676 | 6 проекти од 2014-2022 година со бавна динамика на реализација;<br>1 проект од 2014/2019 година со голема забавена динамика (застој) |
| ЈПЖРСМ | 17.123.992 | 4.811.798 | 12.312194 | 72% | 461.852 | 3 проекти од 2010-2018 година со бавна динамика на реализација |
| АД ЕСМ | 8.040.151 | 1.025.284 | 5.862.530 | 73% | 56.711 | 2 проекти од 2019 и 2023 година со редовна динамика на реализација;<br>2 со бавна динамика на реализација;<br>1 проект во тек на евалуација на понуди; |
| АД МЕПСО | 4.565.430 | 2.456.868 | 2.108.562 | 46% | 126.008 | 2 проекти од 2013 и 2015 година со бавна динамика на реализација |
| АД НОМАГАС | 13.537.364 | 5.552.550 | 7.984.814 | 59% | 240.547 | 2 проекти од 2015 и 2021 година со бавна динамика на реализација |
| М-НАВ | 602.760 | 0 | 602.760 | 100% | 1.546 | 1 проект од 2022 година со бавна динамика на реализација |
| ГРАД СКОПЈЕ | 4.318.650 | 0 | 4.318.650 | 100% | 0 | 1 проект од 2021 година со голема забавена динамика (застој) |
| ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје | 7.773.570 | 0 | 7.773.570 | 100% | 0 | 1 проект од 2019/2023 година со бавна динамика на реализација |
| | **192.458.740** | **51.000.374** | **107.876.034** | | **1.618.897** | |

Надлежна институција за реализација на проектот

Вкупен износ на заеми / инвестициски грантови

Износ на повлечени средства

Износ на неповлечени средства

% на неповлечени средства

Трошоци за провизија на неповлечени средства

# 1

## ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА



Државниот завод за ревизија (ДЗР) е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

ДЗР ревизиите ги врши во согласност со ревизорските принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката на професионални објави на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државната ревизија, во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, утврден е широк мандат во вршењето на ревизиите, со слободен пристап до сите неопходни информации, документации, евиденции потребни за спроведување на државната ревизија.

ДЗР самостојно ја утврдува Годишната програма за работа, објективно одлучува за субјектите предмет на ревизија како и за начинот на известување од извршените ревизии, без пристрасност и ослободено од влијанија од законодавната и извршната власт.



# МИСИЈА

## КОИ СМЕ И ШТО РАБОТИМЕ?

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има мандат да ги врши работите на државната ревизија. Државниот завод за ревизија ја врши државната ревизија на финансиски извештаи, на усогласеност со законски прописи и регулатива и ревизија на успешност во согласност со барањата на ИНТОСАИ стандардите.

Наша задача е да **спроведеме испитувања, да дадеме оценки и да издадеме мислење** од извршените ревизии кои ќе имаат додадена вредност за граѓаните и општеството.

Резултатите од нашата работа и нашиот мандат се во функција на исполнување на потребите и очекувањата на нашите корисници, заради промоција и осигурување на отчетност, објективност и транспарентност во поддршка на државата, во насока на мудрото и чесно раководење со јавните средства.

# ВИЗИЈА

## КОН ШТО СЕ СТРЕМИМЕ?



Во стремежите за исполнување на нашата мисија, веруваме дека и понатаму ќе ја одржиме нашата независност, професионалност, етичност и чесност, спроведувајќи ги нашите задачи согласно законот и мандатот, ќе обезбедуваме постојана промоција на објективноста и транспарентноста, ќе бидеме инспиративни и иновативни и ќе дадеме најдобар пример за заштита на јавниот интерес во функција на постигнување на високо ниво на доверба од јавноста.

Во насока на остварување на овие наши вредности, посветено работат сите наши вработени како високо изградени професионалци, штитејќи ги и почитувајќи ги интересите на ревизорската професија.

# 1.1 ПРАВНА РАМКА

## НЕЗАВИСНОСТ И ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција на Република Северна Македонија чии надлежности се пропишани со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122 /2021 година) и истите се извршуваат согласно меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции усвоени од Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции - ИНТОСАИ.

Покрај основниот закон, со посебни закони од националното законодавство се уредуваат определени прашања од надлежностите на Државниот завод за ревизија од кои посебно се издвојуваат по значењето одредбите од Законот за финансирање на политичките партии кои се однесуваат на ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, одредбите од Изборниот законик за ревизија на финансиските извештаи на учесниците во изборните кампањи, ревизија на буџетот на Републиката согласно Законот за буџетите, ревизија на финансиските извештаи на општините согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалната самоуправа.

Државниот завод за ревизија е активен учесник во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) 2021– 2025 за Поглавјето 3.32. Финансиска контрола, а својот придонес во работните групи за преговори и придонес во извештајот за напредокот на земјата во процесот на европска интеграција го дава континуирано во поголем број поглавја како што се јавните набавки, правосудството, борбата против корупција, родова еднаквост, функционалност на демократските институции и реформа на јавната администрација.

Државниот завод за ревизија е активен чинител во постигнувањето на целите, преземањето мерки и спроведувањето активности опфатени во еден од најважните програмски документи на државата, Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025 година.

Покрај континуираното ажурирање на методолошките акти согласно кои се спроведуваат ревизиите, во 2023 година особено внимание беше посветено на правната рамка за начинот и постапката на поднесување на конечните ревизорски извештаи до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија зајакнато со повеќе работилници и технички состаноци меѓу државните ревизори и јавните обвинители во насока на ефикасно процесирање на истражни дејствија по однос на утврдените состојби во ревизиите за кои постои основано сомневање за сторено кривично дело од страна на субјектите на ревизија. За оваа цел на 19 декември 2023 година, главниот државен ревизор донесе Упатство за известување за утврдени состојби во вршењето на државна ревизија за кои има сомнеж дека субјектот предмет на ревизија сторил кривично дело.

Усвојувањето на предлог амандманите за изменување и дополнување на Уставот на Република Северна Македонија со цел уставно втемелување односно највисока правна гаранција на неговата независност и самостојност, како и предлог законот за државната ревизија подготвен и усогласен со меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции, во согласност со законодавството на земјите членки на Европската Унија и праксата на Врховните ревизорски институции членки на ЕУРОСАИ, остануваат клучен предизвик за органите на извршната и законодавната власт и во 2024 година.

## 1.2 СТРАТЕШКИ И ГОДИШНИ ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ

Во извештаите од извршените оценки на релевантни меѓународни организации, како и во Извештајот за Република Северна Македонија за 2022 година на Европската Комисија во однос на Подрачјето Надворешна ревизија се посочени следните аспекти за подобрување од страна на надлежните органи:

- ефективно завршување на постапката на регулирање на уставноста и донесување на нов Закон за државната ревизија со цел зајакнување на финансиската и оперативна независност на ДЗР, во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ;
- зголемување на надзорот и следењето од страна на Собранието на Република Северна Македонија преку разгледување на извештаите на ДЗР со цел да се подобри стапката на спроведени препораки.

Овие аспекти за подобрување, како и приоритетите утврдени во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" 2022 – 2025 година кои се однесуваат на ДЗР, се содржани во стратешките документи на ДЗР, како што се:

### СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДЗР ЗА 2023 – 2027

Во насока на ажурирање на стратешките цели на ДЗР и прилагодување на работењето на ДЗР со актуелните состојби и предизвици кои се појавија во општеството, ДЗР во 2023 година донесе нова Стратегија за развој на Државниот завод за ревизија за периодот 2023 – 2027 година и презеде бројни активности за реализација на нејзините стратешките цели кои се однесуваат на:

- Обезбедување и одржување целосна независност на Државниот завод за ревизија – институционална независност и законска институционална рамка;
- Градење и одржување на капацитети во полињата на интерес – внатрешно управување, институционална поддршка, постојани подобрувања, односи со заинтересирани страни/комуникација, човечки капацитети, и ревизорска методологија и стандарди;
- Испорака на мерливи резултати од вршењето на државната ревизија, во насока на испорака на ревизии со висок квалитет, ревизии од јавен интерес и зголемување на јавната доверба, со цел подобрување на животот на граѓаните;
- Креирање на стратешки план за потенцијални области на ревизии и проценка на предизвиците во области од интерес и според проценка на ризици за периодот 2023 – 2027.

Согласно Извештајот за степен на реализација на Стратегијата за развој на ДЗР 2023-2027 година , врз основа на поставените индикатори за следење на степенот на реализација може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето на Стратегијата до декември 2023 година, реализираше 75 % од предвидените активности.

### ИТ СТРАТЕГИЈА НА ДЗР ЗА 2023 – 2027

Со цел да се зголеми ефикасноста на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија и воедно да се придонесе во имплементирањето на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2023 – 2027, во 2023 година се донесе нова ИТ стратегијата за периодот 2023 - 2027 година, со цел да се овозможи правилен развој и одржливост на ИТ капацитетите и информацискиот систем за давање континуирана и квалитетна поддршка на работењето на ДЗР, заради постигнување на ИТ стратешки цели кои се однесуваат на:

- Развој и одржување на ИТ системот на ДЗР;
- Развој и одржување на ИКТ архитектурата;
- Развој и одржување на апликативни решенија и ИКТ поддршка на ревизијата;
- Презентирање на резултатите од работењето на ДЗР;
- Истражување на иновативни ИТ решенија и нивна идна примена;
- Едукација од ИТ областа, сертификација и обуки за вработените.

Согласно Извештајот за степен на имплементација на ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2023-2027 година, врз основа на поставените индикатори за следење на степенот на реализација може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето на Стратегијата до декември 2023 година, вкупниот процент на реализирани активности е 89.66%.

## СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА 2020 – 2023 И 2024-2027

Со Стратегијата за управување со човечките ресурси се воспоставува стратешка одржливост на процесот на управување со човечки ресурси на ДЗР. По истекот на периодот на важност на Стратегијата за управување со човечките ресурси во ДЗР за 2020 - 2023 година, се донесе нова Стратегија за управување со човечките ресурси во ДЗР за 2024 - 2027 година, која овозможува вработените да го задржат и зголемат интересот за работа во институцијата преку подобрување на условите за работа, еднакви услови за вработување и унапредување, континуирано професионално усовршување и вреднување на трудот на вработените.

Со Стратегија за управување со човечките ресурси се предлагаат мерки кои се однесуваат на:

- Вработување;
- Кариера;
- Континуирана професионална едукација;
- Мерење на учинокот / оценување на работата на вработените;
- Одржливост на работната средина; и
- Дигитализација на процесите на управување со човечки ресурси.

Зголемувањето на знаењето и вештините на вработените во ДЗР претставува една од основните заложби на институцијата, кои се преточени во годишните планови за континуирано професионално усовршување.

## СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2020-2023 И 2024 – 2027

Со Стратегијата за управување со ризици се идентификуваат сите потенцијални ризици кои може да влијаат врз остварување на целите и успешното работење на ДЗР и се уредуваат постапките и активностите за управување со утврдените ризици. По успешна имплементација на Стратегијата за управување со ризиците на ДЗР која се однесуваше за периодот 2020-2023 година, се донесе нова Стратегија за управување со ризиците на ДЗР за 2024 – 2027 година, која ги дефинира целите и придобивките од управувањето со ризиците, одговорностите за управување со ризиците и дава преглед на рамката која се воспоставува за успешно управување со истите, заради непречено остварување на стратешките цели на ДЗР.

Ефикасното управување со ризици бара ризиците навремено да бидат препознаени и проценети за што да се спроведуваат соодветни контроли и активности кои се однесуваат на минимизирање на ризиците.




## СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 – 2023 И 2024 – 2027

Стратешките цели и приоритетни области за ревизиите се утврдени првично во Стратешкиот план за ревизија кој се однесуваше за период 2021 – 2023 година, а потоа во Стратешкиот план за ревизија за период 2024 - 2027 година. Овие стратешки планови за ревизија беа изготвени врз основа на Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 - 2023 и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, која потоа е заменета со нова Одлука која се однесува за период 2024 – 2027 година, како и во согласност со Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите и стратешките цели утврдени во Стратегиите за развој на Државниот завод за ревизија за 2018 – 2022 година и 2023 - 2027 година.

Стратешкиот план за ревизија претставува понатамошна основа за процесите на годишното планирање на ревизиите кај секторите за ревизија, со цел за да се:

- обезбеди цврста основа на раководителите на секторите во давањето на стратешки насоки кои ќе се однесуваат на покриеност со идни ревизии;
- идентификуваат и избираат ревизии кои имаат потенцијал да ја подобрат отчетноста на јавниот сектор и администрацијата;
- разберат потенцијалните и присутни ризици и истите да ги земат во предвид при изборот на ревизии;
- обезбедат основи за отчетност на секторот за ревизија и да произведат ревизорска програма која оптимално може да биде постигната со очекуваните резултати и расположливите ресурси и знаења.

Согласно Извештајот за степенот на реализација на Стратешкиот план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2021 - 2023 година, согласно утврдените стратешки цели и приоритетни области за ревизија за периодот 2021-2023 година, може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето на Стратегијата до декември 2023 година, ги опфати сите 18 утврдени приоритетни области.

## КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА ДЗР ЗА 2020 – 2023 И 2024 - 2027

Комуникациската стратегија на ДЗР за периодот 2020–2023 година беше надградена со нова Комуникациска стратегија за период 2024-2027 година, која овозможува преку постојана комуникација да го мотивираме и да го направиме возможно подлабокото и сеопфатно, стратегиски втемелено вклучување на целните групи од граѓанскиот домен, за консеквентно да биде зајакнат ефектот на наодите и препораките на Државниот завод за ревизија.

Во насока на зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на ДЗР и овозможување на достапност на информациите за работењето на ДЗР и состојбите содржани во Конечните ревизорски извештаи ДЗР воспостави регистар на засегнати страни кој во овој момент содржи 1.215 засегнати страни. За оваа цел ДЗР воспостави / пропиша ревизорски апстракт и соопштение за јавноста каде на лесен и разбирлив начин се даваат клучните состојби / информации од конечниот ревизорски извештај. Во моментот на објавување на конечниот ревизорски извештај информација апстрактот се доставува до сите засегнати страни. Информациите за работењето на ДЗР и за КРИ се објавуваат на веб страната на ДЗР (www.dzr.mk) и ФБ (https://www.facebook.com/DrzavenZavodzaRevizija).

Согласно Извештајот за степен на реализација на Комуникациската Стратегијата 2020-2023, врз основа на поставените индикатори за следење на степенот на реализација може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето на Стратегијата до декември 2023 година, реализираше 85% од предвидените активности.

### ОПФАТ НА СТРАТЕГИЈАТА



## ВО СТРАТЕГИЈАТА СЕ ДЕФИНИРАНИ ДВЕ СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА КОМУНИКАЦИЈА:

**ПРВА СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА НАШАТА КОМУНИКАЦИЈА**

Да овозможиме подлабоко и сеопфатно, стратегиски втемелено вклучување на целните групи од граѓанскиот домен, во заедничката борба за поголема ефикасност, транспарентност и отчетност на актерите во институционалниот систем на Република Северна Македонија

**1 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да им ги доближиме на граѓаните, нашите наоди за работата на институциите и да им ја доближиме нашата севкупна мисија, зајакнувајќи го нивното ниво на знаење и доверба во нашата институција.

**2 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го зајакнеме комуникациskиот еко-систем во кој се одвива постојан разговор меѓу ДЗР и актерите во граѓанскиот домен: новинарите и активистите во граѓанските организации, за заедно да мотивираме добро владеење со институциите.

**3 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го прошириме опсегот на комуникација со актери во граѓанскиот домен кои работат надвор од главниот град и кои им даваат услуги на ранливите и маргинализирани граѓани.

**ВТОРА СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА НАШАТА КОМУНИКАЦИЈА**

Да овозможиме актерите во институционалниот систем, појасно да ја препознаат нашата работа како основа за зајакнување на доброто владеење, а нашата институција како катализатор на демократизацијата.

**4 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го структурираме и да го интензивираме дијалогот со Јавното обвинителство на РСМ за да воспоставиме практика на редовна дискусија на ревизорите со јавните обвинители за наодите од нашите ревизии.

**5 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Зголемувајќи го знаењето на Пратениците и Собраниските служби за ревизијата, да обезбедиме наодите од ревизорските извештаи редовно и според важност да се дискутираат на комисиските расправи и пленарните седници.

**6 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да отвориме дијалог со Владата за важноста од наодите на ДЗР за градењето на севкупните политики во државата.

## ПРОГРАМАТА ЗА РЕФОРМА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025

Во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025 година усвоена од Владата на Република Северна Македонија, се утврдени приоритети за надворешната ревизија и парламентарниот надзор во надлежност на Државниот завод за ревизија. Целта на овие приоритети е зајакнување на управувањето со јавни финансии и обезбедување отчетност во користење јавни средства преку зајакнување на правната рамка за надворешна ревизија со постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ, воспоставување механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на Република Северна Македонија и преземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи и зајакнување на институционалните капацитети на надворешната ревизија и за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието.

Во Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година усвоен од Владата на РСМ, се содржани активностите за спроведување на мерките и за остварување на показателите кои се однесуваат на приоритетите за надворешна ревизија и парламентарен надзор во надлежност на ДЗР.

Државниот завод за ревизија активно учествуваше и во изготвувањето на новата Програма за управувањето со јавни финансии 2024 - 2027 година, која се очекува да биде усвоена во 2024 година.

## СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА И СОВЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Државниот завод за ревизија активно учествува во Секторската работна група за управување со јавни финансии со која претседава Министерот за финансии, чија цел е воспоставување и одржување на функционален секторски пристап во областа на управување со јавните финансии.

Исто така, Главниот државен ревизор како член учествуваше во работата на  Советот за управување со јавни финансии, кое преставува координативно тело на Владата на Република Северна Македонија за следење на спроведувањето на реформите за управувањето со јавни финансии предвидени со Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии.

Остварувањето на стратешките цели утврдени во поодделните стратешки документи на Државниот завод за ревизија и во други стратешки документи, бара донесување на акти на годишно ниво со што ќе се обезбеди нивната реализација. За таа цел донесени се повеќе акти на годишно ниво и во исто време воспоставен е систем на континуирано следење на реализација на стратешките и годишните акти на ДЗР, за што на полугодишно и годишно ниво се подготвуваат соодветни извештаи.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023

Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година е изготвена во согласност со Законот за државната ревизија и Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија и врз основа на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за 2021 – 2023 година, целите и приоритетите од Стратегијата за развој на ДЗР за 2023 – 2027 година, целите на одржлив развој на ОН и критериумите утврдени со методологијата за оценка од страна на ОЕЦД- СИГМА, имајќи ги предвид расположливите ресурси.

Чувствувајќи ја потребата од зголемување на својата транспарентност, отчетност и одговорност во извршувањето на со закон делегираните надлежности, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, ДЗР достави известување за доставување на барања/предлози за вршење на ревизии до сите засегнати страни и во исто време на својата веб страна постави образец „Барање за ревизија“ и на социјалните мрежи (FB) објави повик до сите заинтересирани правни и физички лица да доставаат барање за вршење на ревизија.

Од пристигнатите барања вкупно 36 барања, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година прифатени се 13 барања или 36% од вкупно добиените барања, а во согласност со стратешките документи, критериумите за избор и расположливите ресурси за ревизија.

## ПРЕГЛЕД БР. 1
## ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА И ПРИФАТЕНИ БАРАЊА ПО ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ КОИ ГИ ДОСТАВИЛЕ БАРАЊА

| Субјекти кои доставиле барања | Пристигнати барања | Прифатени барања |
|---|---|---|
| ЕЛС | 13 | 5 |
| Институции | 9 | 4 |
| Јавни претпријатија | 3 | 1 |
| Граѓани | 3[1] | / |
| Анонимно | 8 | 3 |
| **Вкупно:** | **36** | **13** |

Државниот завод за ревизија во целост ја имплементираше Годишната програма за работа за 2023 година. Со Годишната програма се извршени вкупно 66 ревизии од кои 48 ревизии на регуларност, 11 ревизии на успешност, 3 ревизии на усогласеност и 4 ревизии на следење на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност од претходни години.

Во рамки на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, се спроведени вкупно 11 ревизии на успешност, од кои:

- 2 ревизии на успешност се спроведени во соработка со Шведската национална канцеларија за ревизија (СНАО);
- 2 ревизии се спроведени во соработка со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (ОАГН);

[1] Од пристигнатите 3 (три) барања за ревизии, 2 (две) барања се прифатени и се реализирани со ревизии спроведени согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година и 2022 година.

- 1 ревизија на успешност е спроведена како кооперативна ревизија на успешност за родова еднаквост – ревизија на ЦОР 5, која беше координирана од ДЗР и спроведена заедно со Врховните ревизорски институции на Албанија и Косово, со поддршка на УН Вомен. Резултатите од кооперативната ревизија беа презентирани на страничен настан, организиран од ДЗР со поддршка од УН Вомен, во рамки на 68-та Комисија за статусот на жените која се одржа во март 2024 година во Обединетите Нации со седиште во Њујорк, Соединети Американски Држави;
- 1 ревизија на успешност е спроведена како кооперативна ревизија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година, во соработка со Врховната ревизорска институција на Србија, со поддршка на УНДП;
- 2 ревизии на успешност беа спроведени со поддршка на надворешни експерти обезбедени преку ВФД;
- 1 ревизија на успешност е спроведена со поддршка на експерти од ОЕЦД – СИГМА.

Со ревизиите на успешност во 2023 година се опфатени следните области и теми:

- Управување со државниот имот;
- Родова еднаквост и еманципација на жените од руралните подрачја преку нивна инклузија на пазарот на труд;
- Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година
- Ефективност на мерките за спречување на "одливот" на високообразовани и стручни кадри;
- Ефикасност на мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг;
- Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на РСМ, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централна власт и локалната самоуправа;
- Користење на здравствените услуги со радиолошка дијагностика-МР;
- Доделување на правото за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, со посебен осврт на мермер;
- Ефикасност на мерки, политиките и проектите за остварување и развој на студентскиот стандард;
- Ефективноста на Националниот портал за Е-услуги;
- Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи.

Областите опфатени со наведените ревизии даваат основ за утврдување на начинот на постапување од страна на надлежните органи, но во исто време и обезбедување на активен придонес на Државниот завод за ревизија преку давање препораки за начинот на постапување на истите, давање на оценка за спроведување на реформските процеси, давање совет за начинот на остварување на јавните приходи и користењето на јавните средства, начинот на користење на природните ресурси и енергенси, заштита на културното наследство и животната средина и подобрување на контролното опкружување.

Согласно Извештаите за степенот на реализација на Годишните програми за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето на овие Годишни програми па се до декември 2023 година, реализираше 100 % од планираните ревизии.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2023

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и друга релевантна законска регулатива.

За остварување на овие надлежности, ДЗР донесе Годишен план за спречување на корупцијата за 2023 година, со кои се предвидени мерки и активности во поглед на спречувањето на корупцијата на ниво на институција.

Согласно Годишниот план за спречување на корупцијата на ДЗР за 2023 година, Државниот завод за ревизија спроведе активности за:

- Доставување на конечни ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои индицираат активности од нивна надлежност и да обезбедува повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Доставување на извештаи и информации за извршени ревизии, по барање на одделни институции;
- Одржување на работни средби за информирање, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи, усогласување на прописи, запознавање со европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;
- Учество во работата и активностите на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, како и активна соработка со Државната комисијата за спречување на корупција во делот на преземените активности од Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2022 – 2025 година;
- Континуирана соработка со надлежните органи каде пред се во фокус е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во согласност со склучениот Меморандум за соработка помеѓу двете институции;
- Активен придонес во работата на Анти-корупциската деловна коалиција, како и на другите антикорупциски органи; и
- Примена на меѓународните ревизорски стандарди и GUID 5270 – Упатство за ревизија на превенција од корупција, Насоките поврзани со откривање на неправилности, измами и корупција и Насоките за ревизија на ЕУ фондови и претпристапна помош.

Согласно Извештајот за степенот на реализација на Годишниот план за спречување на корупција на ДЗР за 2023 година, врз основа на поставените индикатори за следење на степенот на реализација може да се заклучи дека ДЗР од денот на донесувањето до декември 2023 година, реализираше 76% од предвидените активности. Во декември 2023 година донесен е нов Годишен план за спречување на корупција за 2024 година, кој е објавен на веб страната на ДЗР [2] .

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА 2023

Државниот завод за ревизија континуирано вложува во зајакнување на вештините и знаењата на државните ревизори, преку што се обезбедува дополнителен квалитет во работењето и задржување на професионалниот интегритет како институција која е носител на напредокот во управувањето со јавните средства.

Обуките на вработените во ДЗР се спроведуваат согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување на ДЗР за 2023 година, кој се состои од методолошки обуки на основно и напредно ниво, обуки од сметководство и финансиско известување, обуки од областа на ИТ, како и други обуки.

Годишниот план за континуирано професионал-

[2] dzr.mk/sites/default/files/2023-12/Godisen_plan_sprecuvanje_korupcija_DZR_2024.pdf

но усовршување на ДЗР за 2023 година беше изготвен врз основа на анализа на потребите за професионално усовршување на вработените.

За спроведување на Годишниот план за континуирано професионално усовршување на ДЗР беа изготвени соодветни материјали за обука, обуки се спроведоа и се изврши нивна евалуација. Овие активности осигуруваат високо квалификувани вработени, кои се одликуваат со професионалност, одговорност и сигурност, непристрасност, независност, совесност, етика и тимска работа и на тој начин директно придонесуваат во квалитетот на работата на Државниот завод за ревизија.

ПРОЦЕС НА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ




## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДЗР ЗА 2022

Годишниот извештај за извршени ревизии и работење на ДЗР за 2022 година е изготвен и доставен до Собранието на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок до крајот на јуни 2023 година и истиот е достапен на веб -страницата на ДЗР на три јазици: македонски, албански и англиски јазик (линк: https://dzr.mk/sites/default/files/2023-06/DZR_Godisen_izvestaj_2022_mkd_0.pdf ).

Воспоставена е пракса за достапност на информациите и податоците содржани во Годишниот извештај за извршени ревизии и работење на ДЗР за врховните ревизорски институции, Европскиот суд за ревизија, ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ, Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија, мисиите на меѓународните организации како и на одредени дипломатски претставништва во Република Северна Македонија.

Собранието на Република Северна Македонија на 110-та седница одржана на 27 ноември 2023 година го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршени ревизии и работење на ДЗР за 2022 година и усвои 11 заклучоци во насока на поддршка на активностите на ДЗР, спроведување на препораките, надминување на системските слабости и недоречености утврдени во законските и подзаконските акти и зајакнување на соработката со Собранието.

## 1.3 МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ И ПРИМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

Во 2023 година ДЗР донесе подобрени методолошки акти за презентирање на ревизорските резултати и препораки во согласност со меѓународните стандарди, кои се однесуваат на нова структура и содржина на ревизорските извештаи содржани во обрасците за:

- Нацрт/Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за буџетски корисници;
- Нацрт/Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за јавни претпријатија;
- Нацрт/Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност, и
- Нацрт/Конечен извештај за извршена ревизија на успешност.

Постапувајќи согласно одредбите од Законот за државна ревизија, а во врска со Меморандумот за соработка и зајакнување на меѓу-институционалната комуникација меѓу Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, како и во насока на имплементација на утврдените состојби во поглавје 32 – Финансиска контрола од Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на европска интеграција за 2023 година, во делот на зајакнување на соработката на анти-корупциските институции во борбата против корупцијата, подобрување на системите за мониторинг и развивање на механизми за следење на бројот на случаи кои се истражени и процесирани во постапка согласно закон, во соработка со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е изготвено и донесено во декември 2023 година Упатството за известување за утврдени состојби во вршењето на државна ревизија за кои има сомнеж дека субјектот предмет на ревизија сторил кривично дело, заедно со образец за писмо до Јавното обвинителство со прилог примерок од Конечниот ревизорски извештај и образец Известување за утврдени состојби во вршењето на државна ревизија за кои има сомнеж дека субјектот на ревизија сторил кривично дело, кои се составен дел на Упатството.

### ISO сертификација

Од страна на сертификационо тело во август 2023 година беше извршена ресертификациона проверка, за што е изработен извештај од проверката согласно кој системот за управување на Државниот завод за ревизија е целосно усогласен со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, при што е продолжена важноста на сертификатот со кој се потврдува дека ДЗР го применува Системот за управување согласно барањата на ISO стандардот со важност до 30.08.2024 година.

ДЗР ги започна активностите за имплементација на ISO 37001 - Меѓународниот стандард за воспоставен систем за борба против корупција и ISO 27001 - Меѓународниот стандард за систем за управување со безбедност на информациите. Сертификацијата на овие стандарди ќе биде спроведена кога во државата ќе бидат создадени услови, односно постоење на акредитирано тело кое ќе ја изврши сертификацијата.

# 2

# КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ



## 2.1 КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Транспарентноста и отчетноста во работењето на Државниот завод за ревизија е од суштинска важност за обезбедување на доверба, одговорно управување со јавните финансии и институционална одговорност.

Тоа се постигнува преку објавување на конечните ревизорски извештаи, отворена и навремена комуникација со медиумите, граѓанските организации и други засегнати страни, висок степен на информираност на граѓаните и општата јавност за резултатите од работата на ДЗР и активна присутност како на социјалните мрежи, така и во медиумите преку интервјуа и дебатни емисии.

Континуираните заложби и преземени активности за одржување на високото ниво на транспарентност и отчетност на Државниот завод за ревизија придонесоа за дополнително ажурирање на мејлинг листата на ДЗР која кон крајот на 2023 година опфати вкупно 1215 засегнати страни.

Во текот на 2023 година, преку проактивното учество на интервјуа на националните медиуми и изјави од менаџментот и раководството на ДЗР во врска со утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи, Државниот завод за ревизија го подобри својот углед, позиционирајќи се како една од најкредибилните и најтранспарентните институции во државата.

Впрочем, високо позитивно се оценети заложбите на Државниот завод за ревизија за континуирано подобрување, одржување и воведување на нови форми на комуникација со цел споделување на информации со општата јавност, медиумите и граѓанските организации, во третиот систематски мониторинг на Реформа на јавната администрација 2021/2022 направен во регионот од страна на Институтот за европска политика (EPI).

Во Националниот монитор за реформи во јавната администрација 2021/2022, најпозитивни резултати, според индикаторите во областа на Управување со јавни финансии, се нотирани за отчетноста и транспарентноста на Државниот завод за ревизија преку анализа на комуникацијата и соработката со јавноста во врска со нејзината работа.

Највисоката оценка во извештајот за работата, отчетноста, објективноста и професионалноста на Државниот завод за ревизија е детално елаборирана во области Управување со јавни финансии - Начело 16: Врховната ревизорска институција ги применува стандардите на неутрален и објективен начин за да обезбеди висококвалитетни ревизии, кои позитивно влијаат на функционирањето на јавниот сектор - ВеБЕР индикатор PFM P16 I1: Државниот завод за ревизија комуницира и соработува со јавноста во врска со неговата работа.

Државниот завод за ревизија како партнер на медиумите и граѓанските организации користи различни средства за комуникација со јавноста, настојува на лесен и разбирлив начин да ги презентира утврдените состојби во ревизорските извештаи преку Апстракти и Соопштение за медиуми со цел запознавање на јавноста за начинот на користење на јавните средства, а воедно и за поактивно постапување на надлежните институции, како и воспоставен е канал за поднесување укажувања или иницијативи до ДЗР од страна на надворешните засегнати страни.

Резултатите и успешно реализираните активности во делот на комуникацијата со засегнатите страни и високиот степен на транспарентност на Државниот завод за ревизија се претставени на следните графикони:

## МЕЈЛИНГ ЛИСТА НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО НАДВОРЕШНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ



## МЕЈЛИНГ ЛИСТА НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО 1200 НАДВОРЕШНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

| | 2023 година |
|---|---|
| Новински агенции | 11 |
| Новинари | 93 |
| Дневни весници | 7 |
| Неделници | 3 |
| Радиодифузери | 38 |
| Телевизии | 51 |
| Кабелски оператори | 25 |
| Интернет портали | 96 |
| Граѓански организации | 166 |
| Институции | 14 |
| Општини | 81 |
| Комори и асоцијации | 12 |
| Јавни претпријатија на локално ниво | 122 |
| Јавни претпријатија на централно ниво | 34 |
| Јавни здравствени установи | 117 |
| Субјекти предмет на ревизија | 256 |
| Универзитети и факултети | 74 |

**2022 година**
943 ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

**2021 година**
380 ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

**2020 година**
190 ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Новински агенции | 11 | 11 | 11 |
| Новинари | 92 | 91 | 62 |
| Дневни весници | 7 | 7 | 7 |
| Неделници | 3 | 3 | 3 |
| Радиодифузери | 38 | 38 | 38 |
| Телевизии | 51 | 51 | 20 |
| Интернет портали | 96 | 95 | 30 |
| Граѓански организации | 51 | 50 | 50 |
| Институции | 9 | 9 | 5 |
| Кабелски оператори | 25 | | |
| Општини | 81 | | |
| Комори и асоцијации | 11 | | |
| Јавни претпријатија на локално ниво | 70 | | |
| Јавни претпријатија на централно ниво | 25 | | |
| Јавни здравствени установи | 117 | | |
| Субјекти предмет на ревизија | 256 | | |

## ПОСЕТЕНИ СОДРЖИНИ НА WWW.DZR.MK 2023



## ПОСЕТИ НА WWW.DZR.MK 2023

**ВКУПНО 144.640**




## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА и односот со МЕДИУМИТЕ

01.01.2023 | 31.12.2023



## СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

Со цел зголемување на својата транспарентност и отчетност, следејќи ги светските трендови на се поголемо користење на социјалните медиуми, ДЗР активно продолжи да го зголемува своето присуство на истите користејќи ги како алатка за промоција на своите активности и постигнатите резултати од вршењето на државната ревизија. Преку нив граѓаните и сите засегнати/заинтересирани страни имаат можност да се информираат за активностите и за постигнатите резултати од вршењето на државната ревизија. Овие нови комуникациски алатки на ДЗР претставуваат простор за креативна и конструктивна дискусија и размена на мислења.

Во 2022 година, ДЗР на сопствената Facebook страна, реализираше вкупно 170 објави/постови, а во просек дневно се евидентирани 2.232 посети што споредено со 2021 година претставува зголемување за 427%.

ДЗР, активно ги користи и YouTube и LinkedIn страните како канали за комуникации со засегнатите страни.

31.12.2021
31.12.2022
31.12.2023

| | |
|---|---|
| 8.000 \| 62.869 \| 76.697 | Вкупен reach за 3 објавени содржини со најголема посетеност |
| 22.808 \| 705.301 \| 542.585 | Вкупен број на посетители |
| 8.982 \| 104.908 \| 114.465 | Различни профили кои виделе една содржина |
| 8.363 \| 25.021 \| 56.281 | Вкупен reach за последните 10 објавени содржини |
| 762 \| 6.967 \| 9.116 | Следачи на страната |
| 17.11.2021 | ОТВОРЕНА |

## **ЈАВНА АНКЕТА -** СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО

Државниот завод за ревизија (ДЗР) редовно спроведува јавна анкета за да го истражи мислењето на засегнатите страни за својата работа. За да го подобри квалитетот и транспарентноста, ДЗР испрати прашалник за задоволството од соработката до сите засегнати страни, вклучувајќи институции, медиуми и граѓански организации. Анкетата беше споделена на Facebook и на веб-страната на ДЗР.

Резултатите покажаа дека 93% од испитаниците се задоволни од соработката со ДЗР, особено поради навременото информирање за ревизорските извештаи и зголемената отвореност кон медиумите и граѓанските организации. Испитаниците ја оценуваат работата на ДЗР како непристрасна, независна, законита, објективна, транспарентна и стручна. Исто така, постои високо задоволство од квалитетот на ревизорските извештаи, кои се оценети како актуелни, разбирливи, точни и објективни.

| СТРУКТУРА НА ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | |
|---|---|
| Институции од јавен сектор | 41% |
| Приватен сектор | 2% |
| Граѓански организации | 25% |
| Медиуми | 28% |
| Физички лица | 5% |

| Конечните ревизорски извештаи на ДЗР се: | |
|---|---|
| Актуелни | 95% |
| Разбирливи | 94% |
| Точни | 95% |
| Објективни | 95% |

## СПОДЕЛУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО

Со цел споделување на знаењето и научени лекции од извршените ревизии, претставници од ДЗР активно учествуваа на бројни конференции, панел дискусии, дебати, тркалезни маси, организирани од страна на релевантни институции / засегнати страни во областа предмет на дискусија.

ДЗР воспостави пракса, конечните ревизорските извештаи од извршените ревизии кои се објавени на веб страната на ДЗР, на редовна основа да бидат доставувани и до група на субјекти, како засегнати страни во зависност од областа предмет на ревизија (ЕЛС, ЈЗУ, ЈП на централно и локално ниво и АД во државна сопственост итн.), со цел утврдените состојби содржани во конечните ревизорски извештаи, да бидат споделено знаење и информации, а утврдените неправилности / состојби да не се повторуваат и во нивното работење.

Во насока на споделување на знаењето и зајакнување на соработката со професионалните асоцијации, институции и граѓански организации на теми во областа на ревизијата, на покана на ДЗР на дел од организираните обуки/работилници присуствуваа и вработени од ЕЛС, Јавно обвинителство, службата на Собранието на Република Северна Македонија, внатрешните ревизори од АД и ЈП, вработени на Врховните ревизорски институции во регионот, претставници од медиумите и граѓанските организации. На овие обуки претставниците имаа можност да се запознаат со методологијата на извршување на ревизијата, начинот на имплементација на Меѓународните сметководствени стандарди, имплементацијата на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ, разбирање на ревизорските извештаи, најчестите утврдени грешки во извршувањето на ревизиите, но и да се разменат искуства и добри пракси во насока на унапредување на работењето и меѓусебната соработка.

| Задоволство од соработката со ДЗР | |
|---|---|
| Институции од јавен сектор | 95% |
| Приватен сектор | 80% |
| Граѓански организации | 98% |
| Медиуми | 99% |
| Физички лица | 92% |

| ДЗР преку своето работење обезбедува: | |
|---|---|
| Непристрасност | 95% |
| Независност | 94% |
| Законитост | 96% |
| Објективност | 94% |
| Транспарентност | 95% |
| Стручност | 96% |

# 2.2 СОРАБОТКА СО СОБРАНИЕТО, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТАТА ЈАВНОСТ

Соработката на ДЗР и во 2023 година продолжи со бројни домашни професионални асоцијации и институции кои имаат голем придонес во реализацијата на стратешките цели. ДЗР е препознаена од овие организации како општествено одговорна и влијателна институција која обезбедува навремени, актуелни податоци, информации и појаснувања за состојбите и препораките што ги дава преку процесот на ревизија.

Преку соработката со професионалните асоцијации, високообразовните институции, научно истражувачките центри и други организации од граѓанскиот сектор, работата на ДЗР стана достапна до граѓаните, им овозможи да ги анализираат факторите и да ги оценуваат перформансите на јавната администрација и да се зголеми свесноста кај граѓаните за микро и макро опкружување во областа на управувањето со јавните финансии и надзорот на трошењето на јавните средства.

За таа цел, ДЗР во 2023 година ги одржа постојните облици на соработка и продолжи со процес на проширување односно склучување на нови облици за соработка со државни институции и професионални и други организации од граѓанскиот сектор, согласно меморандуми за соработка:



## Собрание на Република Северна Македонија

Државниот завод за ревизија навремено и објективно го известува Собранието за својата работа, за ревизорските наоди од спроведените ревизии, му дава поддршка на Собранието во исполнување на дел од неговите надлежности преку утврдување и изнесување на неправилности, непочитување на законски прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, поради што комуникацијата со Собранието се смета за особено важна.

Соработката помеѓу ДЗР и Собранието се одвива континуирано во повеќе насоки и во согласност со Законот за државната ревизија и Меморандумот за соработка меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија потпишан на 21 октомври 2022 година.

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка, во првата половина на 2023 година беа подготвени и доставени до Собранието два збирни извештаи, кои претставуваат сублимат на клучните наоди од поединечните ревизии извршени согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година.

Со поддршка на Националниот демократски институт (НДИ) а во насока на поголема соработка меѓу институциите и надзор на јавната потрошувачка, во текот на 2023 година се одржаа состаноци помеѓу ДЗР и Собранието, вклучително и Комисијата за финансирање и буџет, Собраниската буџетска канцеларија и Парламентарниот институт.

Во октомври 2023 година, за прв пат во Собранието, се разгледуваше конечен ревизорски извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје за 2021 година, на Комисијата за финансирање и буџет како матично тело во Собранието. По неколкудневна расправа, Комисијата за финансирање и буџет усвои заклучоци со кои се даваат насоки за постапување на надлежните институции. Оваа активност се реализира како резултат на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и Собранието, кој предвидува разгледување на поединечните конечни ревизорски извештаи на ДЗР.

На 14 март 2023 година, на 79-та пленарна седница во Собранието, Главниот државен ревизор го презентираше Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2021 година додека на 120-та пленарна седница на Собранието, одржана на 15.11.2023 година, Главниот државен ревизор го презентираше Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2022 година. Во своето експозе пред пратениците, Главниот државен ревизор нагласи дека ДЗР при изборот и дефинирањето на опфатот на ревизиите, се води од стратешките цели и начелата за транспарентно и наменско трошење на средствата за подобрување на квалитетот на услугите достојни за граѓаните на државата.

Главниот државен ревизор заедно со Главниот ревизор на Националната канцеларија за ревизија на Република Косово во месец јули 2023 година и со Претседателот на ревизорската институција на Република Словачка заедно со Амбасадорот на Република Словачка во државата, во месец ноември 2023 година, оствариja работна средба со Претседателот на Собранието, на која дискутираа за успешната соработка помеѓу врховните ревизорски институции, како и за продлабочената соработка помеѓу ДЗР и Собранието.

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година е подготвена и доставена до Собранието во месец декември 2023 година, заради информирање.

## Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Значаен чекор во зајакнувањето на соработката со Јавното обвинителство е потпишувањето на Меморандумот за соработка во 2022 година, со кој е уреден начинот на комуникација, консултација и достава на конечните ревизорски извештаи до Јавното обвинителство, за нивно понатамошно постапување, размената на податоци и информации со цел поефикасно постапување по констатираните неправилности.

Во 2023 година, преку спроведените работилници на кои заеднички државните ревизори и јавните обвинители ги разменија своите искуства од пракса и ги зајакнаа знаењата и вештините за значењето на неправилностите во ревизиите и нивното третирање во постапка на кривично гонење, и во исто време јавните обвинители се запознаа со методологијата и пристапот на работа на ДЗР во изготвувањето и содржината на конечните ревизорски извештаи, додека државните ревизори се запознаа со јавно обвинителската постапката. Овие работилници се организирани со поддршка на ВФД. Дополнително, одржани се повеќе работни состаноци помеѓу јавните обвинители и државните ревизори, во насока на обезбедување повеќе информации за констатираните неправилности содржани во доставените ревизорски извештаи.

Во декември 2023 година, двете институции ги усвоија внатрешните задолжителни упатства за понатамошно постапување по ревизорските извештаи кои треба да придонесат за поефикасна комуникација и соработка помеѓу ДЗР и ЈОРМ.

## Управа за финансиска полиција

Со Меморандумот за соработка меѓу Државниот завод за ревизија и Управата за финансиска полиција, потпишан во 2023 година, се обезбеди продлабочување на меѓу институционалната соработка, а во насока на подобрување на квалитетот на меѓусебната комуникација заради обезбедување навремено, целисходно и ефикасно постапување по утврдените состојби во конечните извештаи за извршена ревизија во пост-ревизорскиот процес.

## ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина

Во 2023, година одговорните лица на ДЗР и ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина, со потпишувањето на Меморандумот за соработка, се обврзаа за продлабочување на комуникацијата и соработка од областа на трансфузиологијата и крводарителство, заедничкото учество во проекти и програми од взаемен интерес, како и организирање на едукативни настани од заеднички интерес за вработените на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина и државните ревизори вклучени во ревизија во областа на здравството и здравствената заштита. Во просториите на Државниот завод за ревизија континуирано се организираат крводарителски акции, и со тоа ДЗР дава сопствен придонес за здравствениот систем како општествено одговорна институција и ги промовира вредностите за подобро глобално здравје, спасување на животи и подобрување на туѓото здравје.

## Центар за граѓански комуникации

Државниот завод за ревизија во спроведувањето на ревизиите, континуирано ги следи постапките за спроведување на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија и укажува на констатираните пропусти и слабости во фазите на планирање, реализација и извршување на постапките за јавни набавки. Во 2023 година, Државниот завод за ревизија ја продолжи својата соработка со Центарот за граѓански комуникации, во делот на јавните набавки, како и во рамките на дебата на тема „Ефектите на финансиската и енергетската криза врз политиките и граѓаните", на која државните ревизори ги споделија сопствените искуства.

## Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС)

Институт за демократија „Социетас цивилис“ организираше серија работилници на кој учествуваа и претставници од ДЗР. Преку размена на знаења и информации од одржаните работилници, се овозможи да се изработи Форсајт анализа за идните предизвици во борбата против корупцијата. На настанот организиран во февруари 2023 година, беше презентирана Форсајт анализата за можните сценарија по кои ќе се развиваат корупцијата и борбата против корупцијата до 2030 година во Република Северна Македонија и како институциите од јавниот сектор да се справат со идните предизвици.

## Транспаренси интернешнл

Државниот завод за ревизија, учествуваше и во истражувањето за „Националниот систем за интегритет, што се спроведе во рамките на „ЕУ за владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција“, финансиски поддржан од Европската Унија. Преку анализа и оценка на 15 столбови на интегритет, според Методологија подготвена од страна на Секретаријатот на Транспаренси Интернешнл се даде одговор на ефективноста на националните напори за справување со корупцијата.

Во организација на Транспаренси Интернешнл – Македонија на настанот организиран на 14-ти јануари 2024 година, беа презентирани резултатите од Националниот систем на интегритет за Република Северна Македонија во кој е истакнато:

“Државниот завод за ревизија се истакнува како институција со остварена највисока севкупна оценка од 87,6 поени, од кои 92 поени во делот на управувањето и 87,5 поени за улогата во борбата против корупцијата. Институцијата има силни политики за интегритет кои не само што се напишани, туку и целосно се спроведуваат. Нивната работа е исто така добро претставена на јавноста и е најтранспарентна институција која обезбедува навремени и квалитетни информации на релевантните засегнати страни и јавноста“.

## СИСТЕМ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## РЕЗУЛТАТИ ОД СТОЛБОВИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИТЕТ



ДЗР е дел од советодавната група на проектот "Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет", кој ќе се спроведува во периодот март 2023 - февруари 2026.

## Општа јавност

ДЗР претставува независна институција која на граѓаните им овозможува да следат како се трошат јавните пари, преку информирање за работата на јавните институции и за мерките кои треба да се преземат за да се обезбеди одговорно и транспарентно управување со јавните средства. Во таа насока согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во текот на 2023 година добиени се 11 барања за информации од јавен карактер и истите позитивно се одговорени во законски утврдениот рок. Во исто време ДЗР согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата за „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", навремено ги објавува на својата веб страна сите документи кои се предмет од интерес на општата јавност.



## 2.3 СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕВИЗИИТЕ И ЕФЕКТИТЕ ОД ИСТИТЕ

Заради остварување на основната цел на ревизијата - водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, ДЗР упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина ќе се спречат или отежнат. Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на раководството на субјектот, предмет на ревизија, да ја подобри ефективноста, ефикасноста и економичноста во работењето.

Државниот завод за ревизија и во 2023 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, неусогласености со законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, даде свој придонес во исполнувањето на дел од надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

ДЗР посветува должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од Конечните ревизорски извештаи на овластените државни ревизори. Овие податоци на редовна основа ги обработува со софтверска апликација која е интегрирана, автономна и функционална за обработка и анализа на податоците од Конечните ревизорски извештаи. На овој начин се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на ДЗР, надлежните органи и други засегнати страни.

Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи, ДЗР го насочува вниманието кон констатираните слабости во работењето на ревидираните субјекти.

Континуирано ги евидентираме, следиме и анализираме добиените повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата, МФ - Управата за финансиска полиција, Министерството за внатрешни работи и Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, за постапувањето по Конечните ревизорски извештаи доставени до нив.

Ефектот од констатираните состојби кои укажуваат на неправилности и незаконитости во работењето на субјектите врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции ги преземат потребните мерки за нивно надминување.

Следењето и информирањето за преземените активности на надлежните институции за надминување на констатираните неправилности и незаконитости во работењето на субјектите е една од стратешките цели на ДЗР.

Активностите на ДЗР поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, склучените меморандуми за соработка како и друга релевантна законска регулатива.

Во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година доставени се ревизорски извештаи до следниве надлежни институции:

- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставени се 18 ревизорски извештаи за 14 ревидирани субјекти (ревизии);
- Управата за јавни приходи доставен е 1 ревизорски извештај за 1 ревидиран субјект (ревизија);
- Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се 18 ревизорски извештаи за учесници во изборна кампања по службена должност согласно измените на член 85-б од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/20);
- Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење доставени се 10 ревизорски извештаи за 8 ревидирани субјекти (ревизии).

## ДОСТАВЕНИ РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

согласно Годишна програма за работа на ДЗР 2023 година




- Јавно обвинителство
- Управа за јавни приходи
- Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење
- Државната комисија за спречување на корупцијата член 85-б Изборен законик

ДЗР во месец мај 2024 година, достави барање до надлежните органи за обезбедување на повратни информација за преземените активности по доставените конечни ревизорски извештаи издадени во последните 3 години. До денот на известување обезбедени се повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.



# 3

# АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ



# 3.1 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Државниот завод за ревизија во функција на остварување на своите надлежности и задачи постојано посветува внимание во градењето на модерен, ефикасен и функционален систем за управување со човечките ресурси кој е директно поврзан со организациската ефикасност и ефективност и обезбедува нивен континуиран развој преку:

- Перманентно подобрување на условите за работа
- Специјализација на внатрешните организациони единици
- Распоредување на вработените на работни места соодветно на нивните стручни квалификации, работно искуство и стекнати вештини
- Континуиран напредок во кариерата на вработените преку унапредување
- Соодветно наградување соодветно остварените резултати
- Обезбедување нови квалификувани кадри во државната ревизија

## РОДОВА СТРУКТУРА НА РАКОВОДИТЕЛИ НА РЕВИЗОРСКИ ЕКИПИ

15 ЖЕНИ

7 МАЖИ

22

## РОДОВА СТРУКТУРА НА ДРЖАВНИ РЕВИЗОРИ/ АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ/ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

| | | |
|---|---|---|
| 39 | државни ревизори | 67 |
| / | административни службеници | 6 |
| 2 | помошни технички лица | 1 |

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**120**

ВРАБОТЕНИ ВО ДЗР

**76** вработени се жени

**44** вработени се мажи




## РАКОВОДНА СТРУКТУРА ВО ДЗР




Именувани

Генерален Секретар

Советник на ГДР
4 вработени

Помошник на ГДР
10 вработени

## 3.2 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

Државниот завод за ревизија континуирано презема активности за јакнење на знаењата и вештините на човечките ресурси за да креира високо професионално ниво на работа и атмосфера погодна за учење, напредок и развој на сите вработени.

Во согласност со барањата на ИНТОСАИ и ИС-САИ, при изготвувањето на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2023 година, внимание се посвети на теми поврзани со актуелните професионални предизвици во извршувањето на ревизиите, кои се дел од Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, но и на теми за кои се покажа интерес согласно извршеното истражување.

Годишниот план за КПУ за 2023 година на ДЗР, се спроведе со користење на внатрешни ресурси, но и со користење на домашни и меѓународни експерти од соодветна област. Во 2023 година, вработените вкупно оствarија 13.168 часа обука или просечно 110 часа по вработен Со цел да добивање на повратни информации за квалитетот на одржаните едукации, ДЗР редовно спроведува евалуации. Резултатите покажаа повеќе од 80% од вработените изразија задоволство од организираните обуки и истите придонесуваат да го подобрат своето работење.

Во текот на 2023 година, за ново вработените државни ревизори посебно дизајнирани обуки се спроведоа, со цел нивно полесно професионално прилагодување во новата работна средина.

Сериозниот пристап на Државниот завод за ревизија како институција која постојано вложува во унапредувањето и зајакнување на капацитетите на своите вработени, и успешната соработка со меѓународните организации Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (ЦИПФА) и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и УСАИД, овозможи од вкупно 126 вработени во јавниот сектор кои се стекнале со Меѓународниот сертификат за управување со ризици од корупција, 101 вработен се од редовите на ДЗР и во исто време 17 овластени државни ревизори успешно ја завршија обуката за обучувачи за спроведување на Програмата за превенција од корупција. Овие постигнати резултати го прават ДЗР, пионер и институција со визија, не само во регионот, туку и пошироко, во обласата на спроведувањето, управувањето и следењето на ризиците од корупција и плановите за интегритет на ниво на држава, во сите субјекти од јавниот сектор.

Програмата за превенција од корупција е подготвена и развиена како амбициозна програма од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) и Овластениот институт за јавни финансии и сметководство – ЦИПФА.

Зајакнувањето на знаењата и вештините на вработените во ДЗР се врши и преку спроведување на паралелни, кооперативни ревизии во соработка со други ВРИ, реализирани студиски посети, учество на семинари, работилници и конференции во рамките на работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, како и во соработка со меѓународните организации: Светска банка, УН-Вомен, УНДП, НДИ, Фондацијата за демократија на Вестминстер, Меѓународната фондација за изборни системи и други.

**Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2023 година се реализираше во целост и беа спроведени обуки во следните области:**

- Ревизија, методолошки обуки – основно ниво и напредно ниво
- ИТ ревизија
- Сметководство и финансиско известување
- Практична примена на ревизорските стандарди на ВРИ (ИНТОСАИ)
- Превенција на измами, корупција и интегритет
- Информатичка технологија
- Анализа на податоци
- Развој на меки вештини и личен развој
- Законска регулатива
- Заштита и обезбедување на пристап на информации од јавен карактер
- Јавни набавки
- Даноци и придонеси
- Ревизија на единици на локална самоуправа
- Стратешко и годишно планирање
- Други видови на обуки

ДЗР презема активности и за едукација на вработените од други области кои се неопходни за извршување на надлежностите на ДЗР во соработка со домашни и меѓународни организации по пат на посетување на специјализирани програми за едукација и обука:



## 3.3 ИТ РЕСУРСИ

Развојот на информатичката технологија влијае врз сите сфери во општеството, како и врз ревизијата. Државниот завод за ревизија континуирано го следи развојот на информатичката технологија и врз база на тековни анализи и претходни искуства и редовно вложува во надградбата на информатичката технологија, со цел непречено извршување на ревизијата.

### Firewall и VPN

Државниот завод за ревизија во 2023 година ги реализираше неопходните планирани набавки во делот на ИКТ и ИКТ безбедност, при што успешно беше спроведена набавка на современо firewall решение, кое нуди заштита на мрежниот сообраќај, податоците и сервисите, на резервна локација.

Дополнително, за firewall решението на примарна локација, беа имплементирани подобрувања во делот на VPN поврзување, кои опфаќаат дополнително ниво на идентификација на корисникот.

### Опрема и апликации

Како новина во системското работење, се започна со имплементација на решение за централизирана администрација на ИТ ресурсите. Исто така, реализирани се набавки за потребите на ревизијата, како на пример набавка на лаптопи и десктопи, како и лаптопи со напредни бизнис перформанси наменети за Одделението за анализа на податоци и истражување, развој и примена на иновативни ИТ решенија во ревизиите – Иновативна лабораторија, како и дронови за документирање на ревизроските докази.

Во делот на ИТ инфраструктура, беше заменет системот за ладење во сервер салата, UPS уредите за поддршка на мрежната инфраструктура по катови, како и инсталација на нова KVM конзола за пристап и далечинско менаџирање на серверската опрема.

### Office 365

За олеснување и унифицирање на ресурсите за вработените, започна примената на Office 365 алатките, што ќе се реализира во три фази (2023-2025) и како краен резултат ќе даде современ и заштитен систем на електронски пораки и cloud заштита на дел од податоците кои се користат во работењето.

### ИТ обуки

За новите вработени, обезбедена е обука во делот на запознавање со информацискиот систем, соодветно користење на ИТ ресурсите, користење на софтверските алатки, апликации и Системот за управување со ревизорскиот процес (AMC) кои активно се користат во процесот на ревизијата, како и запознавање со ИТ политиките и процедурите – основа за успешно, правилно и безбедно користење на средствата и податоците. Реализирана е набавка и на лиценци за софтверски пакети за графички дизајн, како и соодветна неколкумесечна обука на 3 вработени.

## Видео конференции

Праксата за користење на соодветна професионална платформа за одржување на видео конференции и состаноци со внатрешни и надворешни страни, продолжи и оваа година. Дополнително, беше спроведена набавка на опрема за видео конференции, составена од опрема за користење во сала за конференции, како и дополнителни мобилни пакети за видео состаноци - за користење во помали сали.

## CAATs

Развојот на информатичката технологијата и нејзината употреба од субјектите предмет на ревизија придонесе во процесот на ревизија да се користат компјутерски потпомогнати ревизорски техники познати како CAAT's. CAATs претставуваат компјутерски базирани алатки, со чија помош ревизорот извршува низа автоматизирани тестови за евалуација на информацискиот систем на субјектот или на електронските податоци. CAATs обезбедуваат повисоко ниво на сигурност и обезбедување на достатни и соодветни ревизорски докази. ДЗР во ревизијата го користи IDEA софтверот за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи и за избор на примерок за потребите на ревизорскиот процес. Во 2023 се набавија лаптопи со напредни перформанси во делот на анализа на податоци, со цел олеснување на користењето на IDEA софтверот.

## ИТ политики и процедури

Обезбедено е непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем и апликациите, водејќи грижа за начелата и правилата за: достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

## Политиката за безбедност на информацискиот систем и ИСО 27001:2013

Воедно, доследно се применува Политиката за безбедност на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија, со особено внимание кон примена на ИТ безбедносните процедури и ИТ процедурите за имплементација на Системот за управување со процесот на ревизија.




Во рамките на проектот кој Државниот завод за ревизија го реализира во соработка со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (ОАГН), во компонентата за развој на Иновативна лабораторија во ДЗР, на 08.06.2023 година се одржа првиот Хакатон во ДЗР. Темата на хакатонот беше "Од ефикасно собирање на податоци, до ефикасна ревизија". Учество на овој настан земаа околу 50 ревизори, организирани во неколку тимови. Тимовите работеа на свои идеи како да се зголеми ефикасноста на ревизијата преку примена на нови технологија.

# 3.4 ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДЗР

Државниот завод за ревизија е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

Организацијата, надлежностите и работењето на институцијата се утврдени со Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " број 122/21) при што утврден е широк мандат во вршење на ревизиите, со пристап до сите неопходни информации, документации и евиденции потребни за спроведување на државната ревизија.

Државниот завод за ревизија континуирано и посветено вложува напори за извршување на со закон делегираните надлежности и остварување на утврдените индикатори за мерење на резултатите од своето работење. Државниот завод за ревизија, тргнувајќи преку сопствен пример, како организација со високо поставени стандарди на работење и финансиски менаџмент, воспостави индикатори за мерење на перформансите од работењето, односно додадената вредност од работењето.

Со обезбедувањето на доволно финансиски средства за непречено извршување на надлежностите на Државниот завод за ревизија, се овозможува Државниот завод за ревизија да обезбеди директен поврат на средства во Буџетот на Република Северна Македонија преку утврдена даночна евазија.

Имено со извршените ревизии од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година додадената вредност од извршените ревизии на Државниот завод за ревизија обезбедува поврат во Буџетот на Република Северна Македонија и општините во однос 1:60 односно 1 буџет на ДЗР обезбедува поврат во Буџетот на Република Северна Македонија и општините во износ од најмалку 60 буџети на ДЗР, односно ненаплатените/помалку пресметани и уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија и општините изнесуваат 8.673 милиони денари односно 139 милиони евра.

Буџетот на Државниот завод за ревизија е интегрален дел на Буџетот на Република Северна Македонија кој го предлага Министерството за финансии и поднесува на усвојување до Собранието на Република Северна Македонија и по негово изгласување се објавува во Службен весник.

Првично одобрениот буџет за 2023 година на Државен завод за ревизија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 282 од 27.12.2022 година) е во вкупен износ од 141.600 илјади денари за основната сметка 637 и за сопствената сметка 631 во вкупен износ од 3.000 илјади денари.

Во 2023 година Државниот завод за ревизија своето редовно работење го реализира преку следниве сметки:

- **020021504063710** - редовна сметка на основен буџет на **ДЗР**;
- **020021504063119** - сопствена сметка на **ДЗР**;
- **020021504078550** - донаторска сметка SAUDI FISP - **донација од Саудиска Арабија**;
- **020021504078564** - донаторска сметка EUROSAI - **донација од EUROSAI**.

Врз основа на потребите од финансиски средства, годишниот план за јавни набавки и спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2023 година се вршени измени и дополнувања, пренамени и проширувања на буџетот на Државниот завод за ревизија со тоа што последниот ребалансиран буџет на 2023 година за сметката 637 е во вкупен износ од 148.530 илјади денари, за сметка 631 е 3.000 илјади денари, за донаторската сметка 78550 планиран е буџет во износ од 1.710 илјади денари и за донаторската сметка 78564 планиран е буџет во износ од 930 илјади денари.

## ПЛАН И РЕАЛИЗАЦИЈА ПО СМЕТКИ НА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2023 ГОДИНА




Од вкупно планирани финансиски средства во износ од 154.170 илјади денари за 2023 година за Државен завод за ревизија по сите горенаведени сметки, реализирани се средства во вкупен износ од 147.730 илјади денари или 96%.

## РЕДОВНА СМЕТКА НА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА - 020021504063710

Врз основа на последниот ребалансиран буџет на Државниот завод за ревизија за 2023 година на оваа сметка планирани се средства во вкупен износ од 148.530 илјади денари додека реализирани се средства во износ од 145.205 илјади денари или 97,76%.

Планираните расходи на оваа сметка во износ од 118.700 илјади денари или 80% се однесуваат на плати, придонеси и надоместоци за вработените, 21.880 илјади денари или 15% се однесуваат на стоки и услуги, трансфери и донации се планирани во износ од 700 илјади денари или 0,5% и 7.250 илјади денари или 5% се планирани на ставката за капитални инвестиции од вкупно планираниот буџет.

Во поглед на реализацијата на планираните расходи во најголемиот дел од буџетот е опфатена категоријата 40 наменета за плати придонеси и

други надоместоци за вработените на која има реализација во износ од 116.449 иљади денари или 80%, на категоријата за стоки и услуги реализацијата е 21.259 иљади денари или 15%, на категоријата за трансфери и донации реализирани се средства во вкупен износ од 523 иљади денари или 0,36% и последната категорија 48 предвидена за капитални инвестиции реализацијата е 6.973 иљади денари или 5% во однос на вкупно реализираниот буџет.

Според структурата на планирани и реализирани расходи по ставки на редовната сметка 637 за 2023 година најголемо учество имаат комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт на која планирани се средства во износ од 6.800 иљади денари а реализирани се средства во вкупен износ од 6.792 иљада денари, за патни и дневни расходи планирани се средства во износ од 5.780 иљади денари а реализирани се средства во износ од 5.225 иљади денари, за материјали и ситен инвентар планирани средства има во износ од 2.000 иљади денари со реализирани средства во износ од 1.973 иљади денари, за тековно одржување од планирани средства во износ од 2.500 иљади денари реализирани се средства во износ од 2.497 иљади денари, за договорни услуги планирани се 2.900 иљади денари и потрошени се средства во износ од 2.900 иљади денари, за тековно оперативни расходи од планираните 1.900 иљади денари реализирани се средства во износ од 1.872 иљада денари. На ставката за разни трансфери и донации од планирани 700 иљади денари реализирани се средства во износ од 523 иљади денари.

За капитални расходи наменети за набавка на компјутерска опрема, канцелариски мебел, набавки на нови софтверски решенија и лиценци поврзани со тековното работење на вработените во ДЗР од планираните 7.250 иљади денари, реализирани се средства во износ од 6.974 иљади денари или 97%.

Структурата на планирани и реализирани расходи за капиталните ставки е следна: од планирани средства за набавка на компјутерска опрема во износ од 3.520 иљади денари реализирани се средства во износ од 3.394 иљади денари, за набавка на канцелариски мебел од планирани средства во износ од 850 иљади денари реализирани се средства во износ од 841 иљади денари, за набавки на софтвери и лиценци од планирани средства во износ од 1.380 иљади денари реализирани се средства во износ од 1.370 иљади денари и на ставка за набавка на возила од планирани средства 1.500 иљади денари реализирани се средства во износ од 1.367 иљади денари кои се однесуваат за отплата на рати за набавени три службени возила за ДЗР по пат на финансиски лизинг.

## СОПСТВЕНА СМЕТКА НА ДЗР ЗА 2023 ГОДИНА - 020021504063119

Државниот завод за ревизија во своето работење има сопствена сметка 631 преку која се остваруваа приходи остварени од наплата на надоместоците од институциите предмет на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија согласно тарифата која беше објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 30 од 19.04.2000 година.

Со тарифата за наплата беше утврдена постапката за пресметка и фактурирање на надоместоците за вршење на државна ревизија кај субјектите предмет на ревизија согласно Законот за државна ревизија.

Со укинување на наплатата за извршена ревизија во „Службен весник на Република Македонија" број 66 од 2010 година прекинато е фактурирањето за извршена ревизија на субјектите, а со тоа и сметководствено евидентирање на приходите на оваа сметка.

За 2023 година на оваа сметка планирани се приходи во вкупен износ од 3.000 иљади денари, а реализацијата на приходите е 374 иљади денари.

Во поглед на расходниот дел на сопствената сметка за 2023 година планирани се средства во износ од 3.000 иљади денари, но реализација нема.

## ДОНАТОРСКА СМЕТКА 020021504078550 - **SAUDI FISP**

Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции INTOSAI и Врховната ревизорска институција - General Court of Audit-SAUDI FISP на Саудиска Арабија објавија повик во 2022 година за доделување на грантови за подобрување на отпорноста и континуитетот во работењето на Врховните ревизорски институции преку ИКТ решенија за време на Covid - 19.

Државниот завод за ревизија аплицираше и доби известување од Врховната ревизорска институција - General Court of Audit-SAUDI FISP на Саудиска Арабија за одобрен грант во износ од 30 илјади американски долари наменет за набавка на компјутерска опрема за тековно функционирање на институцијата.

Од страна на General Court of Audit-SAUDI FISP извршен е трансфер на финансиски средства во износ од 30 илјади американски долари или во денарска противвредност од 1.710 илјади денари и извршена е набавка на информатичката опрема од страна на ДЗР (18 лаптоп компјутери и 2 дрона).

Проектот по добиениот грант од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции и ВРИ на Саудиска Арабија за подобрување на отпорноста и континуитетот во работењето преку поддршка во ИКТ решенија е целосно реализиран и имплементиран во 2023 година со тоа што во буџетот за 2023 година на оваа донаторска сметка од планираните средства на ставка 480 за компјутерска опрема во износ од 1.710 илјади денари, реализирани се средства во износ од 1.710 илјади денари или 100 %.

## ДОНАТОРСКА СМЕТКА 020021504078564 - **EUROSAI**

Државниот завод за ревизија има поднесени апликација за одобрување на грант во износ од 15 илјади евра до EUROSAI - Secretary Tribunal de Cuentas Madrid Spain наменет за организирање на настани и состаноци за презентирање на резултатите од заедничкиот ревизорски извештај од кооперативната ревизија „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата".

Во месец мај 2023 година во Државниот завод за ревизија добиено е известување од EUROSAI-за одобрен грант во износ од 13 илјади евра наменет за организирање на настани и состаноци за презентирање на резултатите од заедничкиот ревизорски извештај од кооперативната ревизија.

Финансиски средства во износ од 13 илјади евра или во денарска противвредност од 815 илјади денари се трансферирани од сметката на EUROSAI на сметка на Државен завод за ревизија во месец 11-2023 година и истите се наменети за изнајмување на техничка опрема, конференциска сала, услуги за превод за време на настанот одржан од 26 - 27.09 како и за покривање на трошоците за овозможување на виртуелно поврзување на настаните.

Во буџетот на Државен завод за ревизија за 2023 година на оваа донаторска сметка на ставка 426 планирани се средства во износ од 930 илјади денари за организирање на настани и конференции, од кои реализирани се средства во износ од 815 илјади денари или 87,7 % .

Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија се подготвени со почитување на одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/02, 81/05, 24/11, 145/15, 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21) и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" број 28/03, 62/06, 8/09,

175/11, 101/13) кои секоја година ги ревидира независна ревизорска куќа која ја избира Собранието на Република Северна Македонија по претходно спроведување на постапка за јавна набавка за ревизија.

Извештајот од извршената ревизија на материјално и финансиското работење на ДЗР од независниот ревизор е составен дел на Годишниот извештај за извршени ревизии и работа на Државниот завод за ревизија.



# ПОДДРШКА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ОД МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ - ФИНАНСИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРЕКУ ДОНАТОР

Во текот на 2023 година, со цел зајакнување на капацитетите на ДЗР за вклучување на родовата перспектива во ревизиите на успешност и спроведување на родови ревизии, во соработка со УН Вомен, обезбедена е поддршка од 70 илјади американски долари. Оваа поддршка е наменета за експертска помош за кооперативната родова ревизија, визуелизација на резултатите од извршената ревизија, како и за учество на државните ревизори на работилници во земјата и странство, вклучувајќи регионални средби и студиски посети, за размена на искуства и добри практики со други ВРИ.

Во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во 2023 година се организирани серија работилници за континуирано усовршување и едукација на вработените во Државниот завод за ревизија. Темите опфатија ревизија на вредност за парите, подготовка на Годишната програма за работа на ДЗР врз основа на Националната развојна стратегија, анализа на финансиски извештаи и анализа на ризици.

За спроведување на паралелната ревизија на успешност „Подготвеноста на земјата за спроведување на Целите на одржлив развој до 2030 година", обезбедена е експертска и техничка поддршка, во износ од 33 илјади американски долари. Оваа поддршка овозможи и учество на државните ревизори на работилници во земјата и странство, вклучувајќи регионални средби и студиски посети, за размена на искуства и добри практики со други ВРИ.

Националниот демократски институт (НДИ), во соработка со Националната фондација за демократија (НЕД), со цел зајакнување на капацитетите на ДЗР, обезбеди поддршка за размена на добри искуства и практики за надзорот над јавните средства од страна на законодавната власт, како и добри практики на отчетност при извршни транзиции. Во насока на обезбедување на буџетска отчетност транспарентност, разбирање на ревизорските извештаи и методологијата и пристапот на работа на ДЗР, се одржаа серија работилници на кој учествуваа претставници од Комисијата за финансирање и буџет, Собраниската служба, Парламентарната буџетска канцеларија и Парламентарниот институт, за која намена реализирани се средства во износ од 15 илјади американски долари.

Меѓународната фондација за изборни системи во соработка со УСАИД, со цел зголемена ефективност на работата на ДЗР во извршувањето на редовните ревизорски функции, обезбеди поддршка во вкупен износ од 75 илјади американски долари. Средствата се наменети за зголемување на стручноста и специјализацијата на ревизорите преку обуки и сертификација за Меѓународниот сертификат за управување со ризик од корупција, специјализирани обуки за графички дизајн и Data science, како и за развој на комуникациските вештини на вработените.

Дополнително, ИФЕС обезбеди поддршка за развој на специјализирана платформа за онлајн учење и изработка на е-обука за ревизија на успешност, со цел унапредување на работењето на ДЗР и воведување на иновативни алатки и софтверски решенија. Државните ревизори, исто така, учествуваа на работилници во земјата и странство, меѓународни состаноци и студиски посети за размена на искуства и добри практики со други ВРИ и меѓународни организации.

Во рамките на имплементацијата на Комуникациската стратегија на ДЗР, во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), обезбедена е поддршка од 66 илјади фунти. Оваа поддршка е наменета за подобрување на комуникацијата и соработката на ДЗР со надлежните институции, Јавното обвинителство, Собранието, невладините организации, новинарите и медиумите, како и за зајакнување на капацитетите на ДЗР за спроведување на ревизиите, особено во делот на Вредноста на парите и графичкиот дизајн.

ВФД обезбеди и експертска поддршка за извршување на две ревизии на успешност: „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот" и „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во РСМ и развој на студентскиот стандард". Дополнително, ВФД помогна во изготвувањето на новата Комуникациска стратегија на ДЗР.




Државниот завод за ревизија како ВРИ во Република Северна Македонија континуирано вложува напори да оствари соработка со поголем број на меѓународни организации со цел обезбедување на поддршка на своите активност.

# 3.5 ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ДЗР продолжува со одговорен пристап кон заштитата на животната средина преку воспоставена **селекција на отпад од хартија и пластични шишиња** во своите простории, кои потоа се предаваат на натамошна преработка и третман на колективен постапувач. На тој начин ДЗР дава свој придонес за зголемување на општата свест за одржлив развој и заштита на животната средина.

ДЗР при вршењето на својата дејност, воспоставува култура на однесување за **намалување на потрошувачката на хартија**. Воспоставен е систем за контрола на печатениот материјал во хартиена форма, се применува двострано печатење, како и издавање на ревизорски извештаи со нивно запишување на CD.

Во текот на 2023 година во неколку наврати во просториите на ДЗР се организираа **крводарителски акции**, каде вработените дадоа активен придонес за подигање на свеста за здравјето на луѓето, важноста за човечката добросостојба и дадоа поддршка за солидарноста во заедницата.

Во 2023 година, преку ревизорските извештаи, ДЗР ги опфати **Целите за одржлив развој** кои се во доменот на исполнување за нашата држава. Преку конкретните и јасни препораки до надлежните институции, ДЗР се вбројува во групата која активно учествува во заштита на животната средина, подобрување на социјалните и економските услови за живот на луѓето, намалување на сиромаштијата и ги поддржува насоки за одржлив развој и подобра иднина на следните генерации. Во 2023 година од страна на сите сектори, беа извршени единаесет ревизии на успешност и две ревизиите на усогласеност со што беа опфатени следните Цели за одржлив развој и тоа:




Одредени ревизии на успешност иако се разликуваат во предметот на ревизија, слични се меѓу себе со тоа што опфаќаат различен аспект од иста цел.

Во 2023 година со ревизијата на успешност **„Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година“**, ДЗР обезбеди општ преглед, следење на состојбите и даде препораки со кои треба да се постигне поголем напредокот на Република Северна Македонија кон остварување на Целите за одржлив развој.

4

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



# 4.1 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Пристапувајќи кон имплементација на стратешките цели на ДЗР за период 2023 – 2027 година и активностите за реализација на истите во текот на 2023 година, ДЗР го развива и постојано го надградува системот на професионална меѓународна соработка со други ВРИ, ЕУРОСАИ, ИНТОСАИ и други меѓународни организации во функција на одржување на независноста, објективноста, интегритетот и квалитетот на државната ревизија, зголемување на вкупното влијание од државната ревизија, споделување на сопствените добри пракси и користење на искуството и добрите пракси од други институции, континуиран развој и зголемување на знаењата и вештините на вработените во ДЗР.

Во текот на 2023 година ДЗР оствари учества на бројни меѓународни настани (состаноци, работилници, конференции). Сите учесници имаа можност да бидат информирани за најдобрите пракси и да учествуваат во вмрежување како можност за проширување на знаењата и вештините од повеќе области:

- **ревизија на животната средина;**
- **ИТ ревизија и ИТ поддршка;**
- **унапредување на работата на ВРИ;**
- **јавниот долг;**
- **родови ревизии и родово буџетирање;**
- **ревизија на општините и друго.**

ДЗР е активен учесник во повеќе меѓународни работни, оперативни групи меѓу кои:

Придонесот на ДЗР во реализацијата на активностите во работните групи и програми на ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ во текот на 2023 година се одвиваше континуирано, а размената на позитивни искуства и научени лекции со други ВРИ е еден од основните принципи на работа преку кои се обезбедува институционалниот развој.

Учеството во кооперативни ревизии со други врховни ревизорски институции од ЕУ и пошироко останува и натаму како еден од приоритетите на ДЗР со оглед на фактот дека овој вид на соработка значително придонесува за континуирано зајакнување на ревизорските вештини и унапредување на квалитетот на ревизиите на успешност. Придобивките од соработката со други ВРИ се повеќекратни, а посебно ги истакнуваме можностите што ги имаат ревизорите професионално да се надградуваат во форма на колегијални активности, флексибилниот пристап и користењето на искуствата на другите учесници и јакнењето на самодовербата во сопствените капацитети за вршење ревизија на успешност од една страна и промовирање на достигнатите резултати од ДЗР од друга страна.

# ЕУРОСАИ

## ЕВРОПСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРХОВНИ РЕВИЗОРСКИ ИНСТИТУЦИИ (ЕУРОСАИ) КОНТАКТ КОМИТЕТ

На редовниот годишен состанок на Контакт комитетот на шефовите на Врховните ревизорски институции на Европската унија, Европскиот суд на ревизори, претставници на СИГМА и Развојната иницијатива на ИНТОСАИ, кој се одржа на 21-22 јуни 2023 година во Лисабон, Португалија, учество зема и делегација од ДЗР предводена од Главниот државен ревизор г. Ацевски. Централно внимание на овој состанок беше поставено на „Енергијата – Како Врховните ревизорски институции можат да придонесат за подобра и стабилна имплементација на енергетските цели до 2030 година“. На состанокот беа презентирани предизвиците и искуствата на ВРИ на земјите членки на ЕУ во спроведување на ревизии од областа на енергетиката.

На маргините на овој настан, Главниот државен ревизор оствари повеќе билатерални средби со колеги и претставници на ВРИ од земји членки и кандидати за членство во ЕУ и ЕСР, а пред се со главните државни ревизор на ВРИ Португалија, ВРИ Словенија, ВРИ Словачка, ВРИ Чешка, ВРИ Црна Гора и др., на кои се дискутираше за независноста на врховните ревизорски институции и нивното влијание врз подобро управување со јавните средства, важноста на примената на стандардите за вршење на ревизијата, човечките ресурси како предуслов за професионална институција, вредноста и важноста на мерењето на резултатите од работата на ВРИ и учеството и придонесот на ВРИ во рамките на ЕУРОСАИ.

# МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРХОВНИТЕ РЕВИЗОРСКИ ИНСТИТУЦИИ (ИНТОСАИ)

## ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИНТОСАИ (ИДИ)

Независноста на врховните ревизорските институции беше тема на вториот состанок на Референтната група за проактивно застапување за независноста на ВРИ на ИНТОСАИ ИДИ, во Република Чешка. На настанот учествуваа 25 претставници на европските ВРИ, а претставниците на ДЗР ги презентираа своите искуства со механизмот СИРАМ. Механизмот за брзо застапување за независноста на ВРИ (СИРАМ) има за цел да и помогне на членките на ИНТОСАИ во доставување на навремен и ефективен одговор за политичките случувања и за законските промени/ реформи, кои можат негативно да влијаат на независноста на ВРИ. ИДИ развива проактивен механизам за застапување за независноста на ВРИ.

Во ноември 2023 година, делегација од ДЗР, учествуваше на Глобалниот самит на IDI за професионализација на ревизорите во ВРИ, во Лондон, Обединето Кралство. Оваа меѓународна конференција беше посветена на ПЕСА (Професионална едукација на државните ревизори), која овозможува пристапот до континуирана професионална едукација на државните ревизори, но и основа за воспоставување на Центар за професионална едукација на државните ревизори во рамките на ИДИ.

Државниот завод за ревизија во 2023 година се приклучи на програмата за ЛОТА пионери, која има за цел приближување и вклучување на технологијата во светот на ревизијата на ВРИ преку анализа на ревизорските процеси и развивање на стратегија за искористување на технологијата во ревизиите и ревизија на употребата на технологијата од страна на владите.

# УЧЕСТВО НА ДЗР ВО РАБОТНИ И ПРОЕКТНИ ГРУПИ ВО РАМКИ НА ИНТОСАИ И ЕУРОСАИ

## Проектна група на ЕУРОСАИ за Стратешка цел 1 - Придобивки и методологија за ревизија во реално време

Претставници од ДЗР, предводени од главниот државен ревизор, на 11 мај 2023 година во Рим, присуствуваа на состанок на Проектната група на ЕУРОСАИ за Стратешка цел 1 - Придобивки и методологија за ревизија во реално време, организиран од ВРИ Италија. На состанокот учествуваа претставници од 19 ВРИ и ВРИ на Италија како координатор. На средбата учесниците споделија искуства за ревизијата во реално време, нејзиното значење, развој, придонес и потребата од идна соработка во оваа област. На маргините, Главниот државен ревизор оствари работна средба со претседателот на Судот за ревизија на Италија, од која иницираше и идна билатерална соработка, која се формализира во 2024 година, со потпишување на Меморандум за соработка.

## Проектна група на ЕУРОСАИ за Стратешка цел 2 – Развој на институционалните капацитети

На 15 и 16 ноември 2023 година, ВРИ на Полска и Шведска ја организираа втората конференција за ревизорска методологија како дел од втората стратешка цел на ЕУРОСАИ – Развој на институционалните капацитети. Фокус на оваа конференција беше ревизорската методологија која ги опфаќа трите фази на ревизијата: избор на теми за ревизија, извршување на ревизијата, обезбедување висок квалитет во ревизијата согласно ISSAI 140 кој е во процес на ревидирање, извршување на ревизијата и комуникација на резултатите од ревизијата.

Заменик главниот државен ревизор, г. Адеми, ги презентираше достигнувањата на ДЗР во комуникацијата на резултатите од ревизиите, што предизвика значителен интерес помеѓу присутните. Резултатите од овие дискусии се основа за идни активности на ВРИ во рамките на ЕУРОСАИ во насока на развој на ефикасни алатки за ревизија.

## РАБОТНА ГРУПА НА ЕУРОСАИ ЗА ИТ РЕВИЗИИ И РАБОТНА ГРУПА НА ИНТОСАИ ЗА ИТ РЕВИЗИИ

Претставници на ДЗР земаа активно учество во сите онлајн работилници во Работната група на ЕУРОСАИ и ИНТОСАИ за ИТ ревизии, организирани од страна на оваа група, со што ги зголемија своите вештини и знаења при спроведување на ИТ ревизии.

## РАБОТНА ГРУПА НА ЕУРОСАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Состаноците на работната група на ЕУРОСАИ за ревизија на животната средина /WGEA/, предводена од ВРИ на Полска, се одржаа во мај во Полска и во септември во Чешка. Темите на работната група во 2023 година беа енергетската безедност и ефикасност, обновливите извори на енергија и инструментите за зелена фискална политика.

## РАБОТНА ГРУПА НА ИНТОСАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во работната група на ИНТОСАИ за ревизија на животната средина /WGEA/, чиј секретаријат е ВРИ на Финска, вработени од ДЗР учествуваа на онлајн работилниците за ревизија на сината економија, прашања и предизвици, со посебен осврт на ЦОР 14, климатски скенер како и на едукациите за вовед во ревизија на животна средина

## РАБОТНА ГРУПА НА ИНТОСАИ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ

Во периодот од 08 до 10 мај 2023 година, претставници од ДЗР учествуваа на Годишниот состанок на Работната група за јавен долг на ИНТОСАИ (WGPD) во Каиро, Египет. За време на настанот, ДЗР како лидер на проектот, ги презентираше двата проекти на кои беше лидер од 2020 до 2022 година:

- „Истражувачки труд за утврдување на мандатите на врховните ревизорски институции за ревизија на јавниот долг, нивните институционални капацитети и поддршката од регионалните организации" и
- „Збирка на практични процедури за правната рамка за јавниот долг, одобрувањето на задолжувањето на државата и надлежноста за одобрување на инструменти за задолжување".

Настанот беше организиран од Секретаријатот на WGPD, односно ВРИ на Филипини, а домаќин беше ВРИ на Египет. На состанокот присуствуваа делегации од 28 земји членки на ИНТОСАИ. Учеството на претставниците од ДЗР беше финансиски поддржано од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

# ОПЕРАТИВНА ГРУПА НА ЕУРОСАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНИТЕ

ДЗР даде значителен придонес во работата на оперативната група на ЕУРОСАИ за ревизија на општините (ТФМА), особено во реализацијата на акцискиот план за 2022/23 година. На предлог на Секретаријатот на ТФМА, ДЗР ја презеде улогата на координатор на кооперативната ревизија, во која учество земаа и ВРИ на Албанија, Романија, Полска, Словачка, Црна Гора и Турција.

Во септември 2023 година, во Скопје се одржа завршен состанок за претставување на резултатите од првата кооперативна ревизија на успешност, на тема „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги за граѓаните за време на пандемија [1] “. Учесници беа земјите членки на ТФМА, вклучувајќи ги и седумте земји кои учествуваа во ревизијата.

Целта на ревизијата беше оценка на влијанието на Ковид-19 на локално ниво и дали сопствените приходи на општините се доволни за обезбедување квалитетни услуги. Ревизијата се фокусираше на:

- Управувањето со кризата предизвикана од КОВИД-19;
- Финансирањето на општините;
- Општинските услуги кон граѓаните;
- Плановите за пост-кризно опоравување.

Заедничкиот извештај прикажува споредбени анализи и констатирани состојби од ревизиите на секоја земја, споделувајќи добри практики и искуства. Резултатите и искуствата од оваа ревизија беа пренесени и на неколку работилници организирани во рамките на групата.



[1] https://dzr.mk/.../2023-09/Joint%20Report_Coop%20TFMA.pdf

# МРЕЖА НА ВРИ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ КАНДИДАТИ ЗА ПРИЕМ ВО ЕУ И ЕВРОПСКИОТ СУД НА РЕВИЗОРИ

На редовниот годишен состанок на Мрежата на врховни ревизиски институции на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија и Европскиот суд на ревизори, кој се одржа на 20 јуни 2023 година во Лисабон, централно внимание на состанокот беше поставено на ревидираната рамка за соработка на Мрежата и реализацијата на идните активности за спроведување на Работниот план на Мрежата за 2022 – 2025 година.

# БИЛАТЕРАЛНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА СО ВРИ

## ДРЖАВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА СРБИЈА

Како резултат на долгогодишната успешна билатерална соработка и потпишаниот договор за соработка во 2023 година,  со кои се дефинираа активности и области за соработка, се создадоа предуслови за  спроведување на паралелни ревизии на успешност, како и размена на искуства во насока на подобрување на ревизорските процеси согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики на земјите членки на ЕУ. Постигнатите резултатите од спроведената прва паралелна ревизија "Рамномерен регионален развој со посебен акцент на демографијата" и успешната досегашна соработка меѓу двете институции, придонесоа двете врховни ревизорски институции во 2023 година, да ја спроведат новата паралелната ревизија на успешност, на тема "Подготвеноста на Република Северна Македонија и Република Србија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година", која се спроведе со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Резултатите од кооперативна/паралелна ревизија беа презентирани на промотивниот настан одржан на 22 мај 2024 година, во Скопје во организација на ДЗР со поддршка од УНДП [2].

## СУДОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Во септември 2023 година, ДЗР и Судот за ревизија на Република Словенија потпишаа Меморандум за соработка со кој изразија подготвеност за зајакнување на професионалните капацитети и промовирање на отчетна и ефективна надворешна ревизија. Меморандумот се фокусира на размена на искуства и практики, со обврска за отворена и ефективна комуникација за идните заеднички активности.

[2] https://dzr.mk/mk/240522-dzr-domakin-na-promotiven-nastan-za-implementacija-na-celite-za-odrzhliv-razvoj-do-2030

Supreme Audit Office of the Slovak Republic

## ВРХОВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА СЛОВАЧКА

На 6-7 ноември 2023 година, ДЗР беше домаќин на делегација од ВРИ на Република Словачка, предводена од претседателот на ВРИ г. Љубомир Андраши. За време на оваа билатерална посета главните државни ревизори потпишаа Меморандум за соработка, со кој изразија подготвеност за континуирана професионална и техничка соработка во области од взаемен интерес. Делегациите разменија добри практиките во делот на управувањето и развојот на човечките ресурси, континуирана едукација и мерење на резултатите од работата на ВРИ. Делегациите остварија средба со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, како и со постојаниот претставник на програмата г. Армен Григорјан на УНДП.

## ВРХОВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Во март 2023 година, делегација од ДЗР на покана на ВРИ на Босна и Херцеговина во Сараево, оствари билатерална средба во рамкте на која се потпиша и Меморандум за соработка. Делегациите за време на билатералната посета разменуваа искуства и добри практики на теми од интерес. Во јуни 2023 година, претставници од ДЗР учествуваа на тркалезна маса организирана од страна на ВРИ на Босна и Херцеговина и СИГМА на тема „Вклучување на граѓанското општество за зголемување на разбирањето и влијанието на ВРИ".

AUDIT ATHORITY
MONTENEGRO

## ДРЖАВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА ЦРНА ГОРА

Делегација на ДЗР учествуваше на Научната конференција на Државната ревизорска институција на Црна Гора, организирана по повод 19-годишнината од формирањето на институцијата, организирана во соработка со СИГМА, на која Главниот државен ревизор ги презентираше постигнати резултати во делот на транспарентноста и отчетноста на ДЗР, нагласувајќи ја додадената вредност од работата на ДЗР и ефикасниот систем на комуникација со засегнатите страни.

KLSH
1925

## ВРХОВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА АЛБАНИЈА

На покана на претседателот на ВРИ на Република Албанија, главниот државен ревизор Максим Ацевски и главниот ревизор на Република Косово присуствуваа на прославата на 98-годишнината од основањето на ревизорската институција на Албанија во Тирана. Успешната соработка меѓу ревизорските институции на Албанија, Косово и Северна Македонија е пример за добрососедска и професионална соработка. Една од назначајните заеднички активности е кооперативната ревизија на тема „Родова еднаквост на жените во руралните подрачја преку нивна инклузија на пазарот на труд", на која ДЗР е координатор и се спроведе со поддршка на УН Вомен. Успешната соработка помеѓу трите ВРИ, продолжи и со реализација на заедничка работилница на тема лидерство, која беше поддржана од ВРИ на Шведска.

Zyra Kombëtare e Auditimit
Nacionalna Kancelarija Revizije
National Audit Office

## НАЦИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА КОСОВО

ДЗР беше домаќин на делегација од Националната канцеларија за ревизија на Косово. Оваа билатерална посета овозможи размена на позитивни практики и презентирање на постигнатите резултати во државната ревизија меѓу двете институции. Главните државни ревизори потпишаа Меморандум за разбирање, со кој се предвидени заеднички активности за продлабочување на соработката и зајакнување на капацитетите на двете институции. Делегациите, предводени од главните државни ревизори, остварија средба со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија. На средбата делегациите дискутираа за организациската поставеност на ревизорските институции, соработката со Собранието и праксата на разгледување на ревизорските извештаи во собраниските комисии и пленарни седници.

## СУДОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

На покана од Судот за ревизија на Република Турција, делегација на ДЗР, предводена од Главниот државен ревизор и Заменик главниот државен ревизор, во јуни 2023 година, оствари билатерална посета на ВРИ на Република Турција. За време на посетата, беше потпишан Анекс на договорот за соработка од 2018 година, со кој се зајакнува соработката, особено во спроведувањето на ревизиите на ЦОР, климатските промени, сигурноста при снабдување со храна, зелената и сивата економија, дигитализацијата и употребата на вештачката интелигенција во ревизиите.

Во рамките на посетата, беше организирана повеќедневна работилница за размена на знаења во реализацијата на Целите за одржлив развој на ОН, финансиска ревизија и воведување на новиот ИНТОСАИ стандард за управување со квалитет. ВРИ Турција, како една од најголемите институции во ИНТОСАИ, ќе продолжи да ги поддржува интересите на ДЗР на меѓународно ниво и во таа насока, ДЗР беше поканет да учествува како набљудувач во активностите на АСОСАИ. Оваа посетата беше поддржана од страна на ТИКА.

Во октомври 2023 година, ДЗР беше домаќин на билатерална средба со Претседателот на Судот за ревизија на Турција. Со цел интензивирање на соработката и унапредување на управувањето со јавните средства, двете институции се заложија за пријателски односи и меѓусебна соработка, особено во спроведувањето на ревизиите, но и воспоставувањето на Регионален едукативен центар за размена на знаења и добри практики.

SUPREME AUDIT OFFICE

NKÚ Czech Republic Supreme Audit Office

## ВРХОВНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА И РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

Во октомври 2023 година, Главниот државен ревизор и неговите соработници остварија билатерални средби со претседателите на Врховните канцеларии за ревизија на Република Полска и Република Чешка.

На средбата главниот државен ревизор и Претседателот на ВРИ Полска, г. Марјан Банаш, потпиша Меморандум за соработка во кој се утврдени активности во насока на продлабочување на меѓу институционалната соработка, особено во делот на спроведување на peer-review на работењето на ДЗР, спроведување на заеднички/паралелни ревизии и организирање на заеднички настани и обуки од взаемен интерес за ВРИ.

Претседателот на ВРИ Чешка и воедно Претседател на EUROSAI, г. Мирослав Кала и Главниот државен ревизор за време на билатералната средба потпишаа Меморандум за соработка. Овој меморандум предвидува континуирана професионална и техничка соработка за унапредување на управувањето со јавните финансии и размена на добри практики. Двете институции ги презентираа своите успеси и предизвици, и се согласија на понатамошна соработка во рамките на EUROSAI.

Претставниците на двете институции изразија подготвеност за натамошно интензивирање на соработката за професионален развој и размена на искуства.

## МЕЃУНАРОДЕН ОДБОР НА РЕВИЗОРИ НА НАТО

Со стекнувањето на статусот на Република Северна Македонија како полноправна членка на НАТО, ДЗР како ВРИ во Република Северна Македонија со свои претставници е поканета и учествува на состанокот на Меѓународниот одбор на ревизори на НАТО. Во јуни 2023 година, ДЗР со своите национални претставници заедно со 29 национални претставници од надлежните национални ревизорски институции членки на НАТО, учествуваа на состанокот на кој се разгледа Годишниот извештај за активности за Меѓународниот одбор за ревизори на НАТО за 2022 година, но и дискутираа за ревизорски прашања од заеднички интерес на учесниците.

# Останати меѓународни активности

## ОВЛАСТЕН ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДИТЕЛИ

На покана на Овластениот институтот за јавни финансии и сметководители (ЦИПФА) од Лондон, Велика Британија, во периодот 26-28 јуни 2023 година, делегација предводена од Главниот државен ревизор, учествуваше на Годишната конференција на тема „Јавни финансии 2023 година", во Лондон, Велика Британија.

Како резултат на успешната имплементација на Програмата за превенција од корупција, од страна на Овластениот институтот за јавни финансии и сметководители на 24 ноември 2023 година, Главниот државен ревизор г. Ацевски е прогласен за почесен член на институтот.

Во исто време квалитетот на покажаните резултати од страна ДЗР и беспрекорната соработка помеѓу ЦИПФА и ДЗР предизвика ЦИПФА да понуди да изврши акредитација на ДЗР за наведената програма што е една од активностите на ИНТОСАИ принципите П-12 Вредност и придобивки од ВРИ – правење разлика во животот на граѓаните, принцип 12 - градење на капацитетите преку промовирање на учење и споделување на знаење.

## ЦЕНТАР ЗА ИЗВОНРЕДНОСТ ВО ФИНАНСИИ

Успешната соработка со Центарот за извонредност во финансии (ЦЕФ) од Словенија, согласно склучениот Меморандум за соработка продолжи и во 2023 година. На покана од Центарот за извонредност во финансиите (ЦЕФ), на вебинар на тема „Врховните ревизорски институции се трансформираат во организации кои учат", ДЗР ги сподели стратешките определби, цели и практики во насока на јакнење на човечките ресурси преку континуираното професионално усовршување и едукација на вработените, а со цел обезбедување на висок квалитет на извршувањето на надлежностите на ДЗР како Врховна ревизорска институција во државата. ДЗР користи формални и неформални стратегии за споделување на знаења со цел да се создаде динамична култура на учење, воедно таквите иницијативи придонесуваат за професионалниот раст и развој на вработените и ја подобруваат соработката, зајакнувајќи ја способноста за адаптирање кон современите предизвици и промени кои настануваат во различни сектори.

Во насока на зголемување на знаењата, државните ревизори учествува во серија на едукаци во областа на ревизија на успешност, управување со државниот имот и други.

## 4.2 ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

### ТЕЛО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ

Државниот завод за ревизија и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (УН ВОМЕН) и во 2023 година продолжија со имплементација на Меморандумот за разбирање и соработка, со цел двете страни да соработуваат во унапредување на спроведувањето на обврските за родова еднаквост во согласност со националните закони и политики како и преземените меѓународни обврски и промовирање на родово одговорното управување со јавните средства и отчетност преку систематско спроведување на родово одговорно буџетирање како алатка за креирање политики.

Во насока на исполнување на зацртаните цели, УН ВОМЕН обезбеди поддршка на државните ревизори за учество на работилници во земјата и странство, но и поддршка во спроведувањето на првата родова кооперативна ревизија на успешност. Врховните ревизорски институции на Северна Македонија, како координатор и ВРИ на Албанија и Косово во Скопје, во март 2023 година, потпишаа трилатерален договор за кооперативна ревизија на успешност на тема "Родова еднаквост и зајакнување на жените во руралните подрачја преку нивна инклузија на пазарот на труд". Главните државни ревизори ја истакнаа важноста на оваа соработка која ќе овозможи размена на знаења и искуства, со што ќе се подобри одговорноста кон родовата еднаквост и зајакнувањето на жените во руралните области.

Претставници од ДЗР и Секретаријатот за европски прашања (СЕП) од Северна Македонија, во септември 2023 година, учествуваа на работилница организирана од Центарот за извонредност во финансиите (ЦЕФ) во Љубљана, Словенија. Во фокусот на работилницата беше промовирањето и зајакнувањето на заедничкото делување и соработување на сите инволвирани институции во изнаоѓање на поддршка и начини за промовирање на родова ревизија и вклучување на родовите аспекти во главните политики, како и зголемување на отчетноста и транспарентноста кон обврските за родова еднаквост во согласност со родовото законодавство на ЕУ и ЦОР, односно ЦОР 5 – Родова еднаквост.

Како дел од размената на знаења, учесниците се запознаа со родовите податоци и статистики. Улогата на Врховните ревизорски институции како родово одговорни организации беше истакната како дел од Стратегијата за родова еднаквост на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и посветеноста да придонесат за унапредување на родовата еднаквост.

Работилницата беше организирана во рамките на Проектот „Советодавни услуги за вклучување на родовата перспектива на администрацијата во Северна Македонија на централно ниво - Фонд за родова еднаквост (ГЕФ) во Северна Македонија", финансиран од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА), а имплементиран од Телото на Обединетите нациите за родова еднаквост и зајакнување на жените УН ВОМЕН.

Успешната соработка помеѓу ДЗР и УН ВОМЕН продолжи со потпишувањето на новиот двегодишен Меморандум за разбирање. Со потпишаниот Меморандум за разбирање се предвидуваат повеќе области на заедничка соработка и тоа:

- Унапредување во спроведувањето на обврските за родова еднаквост во согласност со националните закони и политики;
- Промовирање на родово одговорно управување со јавните средства и зајакнување на отчетноста на користењето на јавните средства за родова еднаквост, и
- Унапредување на капацитетите на ДЗР во спроведувањето на ревизиите на успешност во областа на родовата еднаквост и вклучување на родовата перспектива во ревизорските практики.

Државниот завод за ревизија активно учествуваше на Годишниот состанок на Советодавната група во Трансформативно финансирање на родовата еднаквост кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Западен Балкан", кој се одржа во месец мај 2023, во Албанија.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Државниот завод за ревизија со Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во март 2022 година потпиша Меморандум за разбирање со кој се дефинирани низа активности кои ќе се спроведуваат во наредните две години.

Во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во 2023 година се организирани серија работилници за континуирано усовршување и едукација на вработените во Државниот завод за ревизија. Темите опфатија ревизија на вредност за парите, подготовка на Годишната програма за работа на ДЗР врз основа на Националната развојна стратегија, анализа на финансиски извештаи и анализа на ризици и др.

За спроведувањето на паралелната ревизија на успешност „Подготвеноста на земјата за спроведување на Целите на одржлив развој до 2030 година", кој се спроведе во соработка со ВРИ на Србија, УНДП обезбеди експертска и техничка поддршка. Оваа поддршка овозможи и учество на државните ревизори на работилници во земјата и странство, вклучувајќи регионални средби и студиски посети, за размена на искуства и добри практики со други ВРИ.

Претставници од ДЗР заедно со Главниот државен ревизор учествуваа на студиска посета во Република Ерменија. Фокусот на студиската посета беше поставен на институционалната поставеност на државната ревизија, парламентарниот надзор, управувањето со јавните приходи, дигитализацијата и начинот на кој преку меѓународна соработка може да се придонесе кон зајакнување на одговорноста, транспарентноста и отчетноста на јавните институции. Оваа работна посета, беше во организација и со поддршка на УНДП.

## ФОНДАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР ВО ДРЖАВАТА

Резултатите од повеќе годишната успешна соработка помеѓу ДЗР и Фондацијата за демократија на Вестминсер (ВФД), продолжи и со спроведувањето на новиот проект "Практикувај Демократија", кој започна во март 2023 година и ќе трае до 31 март 2025 година, а е финансиран од Британската Амбасада во Скопје.

Целта на оваа заедничка соработка е во насока на поддршка на институцијата во спроведувањето на транспарентни и одговорни практики кои ќе придонесат кон координирано и одговорно работење, фокусирајќи се на:

- Унапредување на комуникациските практики на ДЗР;
- Развивање на комуникациска стратегија на ДЗР;
- Развивање на активности за зајакнување на Value for Money практиките во работата на ДЗР;
- Обезбедување на експертска поддршка за ревизиите на успешност за изработка на повлијателни ревизорски извештаи;
- Поддршка за развој на дигитални решенија за намалување на корупцијата преку следење на јавните набавки во општините и институциите;
- Спроведување на активности кои ги зајакнуваат капацитетите на ДЗР преку домашна и меѓународна соработка.

Во текот на 2023 година со подршка на ВФД се реализираа бројни активности кои се однесуваа на имплементација на преостанатите активности за имплементација на Комуникациската стратегија на ДЗР за 2020 - 2023 година, притоа фокусирајќи се на комуникација и соработка на ДЗР со надлежните институции и граѓанските организации, како и активности за изработка на новата Комуникациска стратегија на ДЗР 2024-2027 година.

Водејќи се од стратешките цели утврдени во Стратегијата за развој 2023-2027, Државниот завод за ревизија како институција која континуирано вложува во индивидуалниот развој на вработените, ВФД обезбеди поддршка во реализацијата на Годишниот план за континуирано

професионално усовршување за 2024 година, со цел зајакнување на вештините на државните ревизори за ревизија, а во исто време овозможи и посетување на специјализирана обука за графички дизајн на еден државен ревизор.

Препознавајќи ја важноста и влијанието од извршените ревизии на успешност, ВФД обезбеди и експертска поддршка во извршувањето на ревизиите на успешност „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“ и „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентските домови во РСМ и развој на студентскиот стандард“, а кои се составен дел на овој извештај.

Со поддршка на ВФД, во 2023 година, Државниот завод за ревизија и Националната ревизорска институција на Велика Британија (НАО), започнаа конкретни активности за интензивирање и продлабочување на соработката и комуникацијата преку реализација на утврдените активости кои се однесуваа на обука на државните ревизори за спроведување на на ревизија Value for Money (VfM) – „вредност за парите“.

Поддршката за воспоставувањето и воведувањето на нова ревизорска методологија за Value for Money (VfM) за ДЗР беше иницирана на студиската посета на менаџерскиот тим на ДЗР во Националната ревизорска институција (NAO) и Парламентот на Велика Британија во месец април 2023 година. Целта на оваа студиската посета беше да се разменат знаења, искуства и добри практики за начинот на кој Парламентот ја остварува својата надзорната улога и ги разгледува ревизорските извештаи, како и презентирање на надлежностите на Комисијата за јавни сметки.

Во рамките на проектот „Зголемување на капацитетите за предвидување и превенција на корупција користејќи анализа на големи бази на податоци и алгоритам за машинско учење“, ВФД обезбеди подршка во работата на ДЗР, преку развој на дигитално решение наменето за евалуација на потенцијалните ризици од корупција и во исто време превенција на корупција во јавните набавки на локално ниво. Овој проект го реализира Центарот за Социјални Иновации Блинк 42-21 со подршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), во соработка на ДЗР.

## СОРАБОТКА СО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ГЛАВНИОТ РЕВИЗОР НА НОРВЕШКА

Riksrevisjonen

ДЗР согласно склучениот меморандум за соработка за период од 5 години, успешно соработува со Канцеларијата на Главниот ревизор на Кралството Норвешка. Целта на оваа соработка е зајакнување на капацитетите на ДЗР за исполнување на својот мандат и за вршење висококвалитетни ревизии со што ќе се промовира транспарентноста, отчетноста и доброто владеење во управувањето со јавните средства во Република Северна Македонија.

Соработката опфати различни сектори и видови ревизии каде што Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка има релевантни капацитети и може да додаде вредност на работата на ДЗР, особено во делот на ревизијата на успешност. Две ревизии на успешност на тема “Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“, и ИТ ревизијата на успешност “Ефективноста на Националниот портал за е-услуги” се спроведоа со поддршка на колегите од ОАГН.

Во рамките на утврдените активности во делот на ИТ ревизија и ИТ алатки во финансиската ревизија, ДЗР оствари значаен напредок во надградување на своите капацитети во овие области. Во изминатата година од страна на ОАГН во просториите на ДЗР спроведени се обуки за начинот на ревизија на контролите и конфигурациите на клучните серверски системски софтвери како едни од најкористените кај јавните институции во државата. Притоа направена е обука и спроведени се практични тестирања на конфигурациите на SQL сервер датабаза на податоци. За критериуми користени се подготвени ревизорски програми од страна на ОАГН базирани на CIS – Center for Internet security, а како критериуми земени се најдобри пракси и ИСО 27001 стандардот.

Претставници на ДЗР присуствуваа на две студиски посети во канцеларијата на ОАГН. За време на студиските посети реализирани беа активности за компонентите ИКТ ревизија и ИТ во финансиска ревизија и тоа за запознавање со областите каде се употребуваат ревизорските техники и што од нив се ревидира, критериумите за ревизијата, предметот на ревизија, ревизија на контроли за пристап до база на податоци, проширените програми за ревизија, спроведување на обуки за финансиски ревизори за општи и апликативни контроли како и воспоставената мрежа на финансиски ревизори во ОАГН.

Во рамките на посетите се реализираа и активности на компонентата за развој на Иновативна лабораторија во ДЗР и се планираа идни активности.

Резултат на овие активности беше и првиот Хакатон во ДЗР кој се одржа на 08.06.2023 година. Темата на хакатонот беше "Од ефикасно собирање на податоци, до ефикасна ревизија". Учество на овој настан земаа околу 50 ревизори, организирани во неколку тимови. По тимска работа на идеата за зголемување на ефикасноста на ревизијата со употреба на нови технологии, секој тим, својата идеа ја презентираше пред Жири комисија од членови на ОАГН и ДЗР, а комисијата, една од идеите, прогласи како победничка идеја.




Согласно планираните активности во делот Иновативна лабораторија, во периодот од 27.-30.11.2023 во Скопје, се одржа работилница на која присуствуваа претставници од ОАГН и ДЗР. Резултат на оваа работилница, е изработена ВЕБ апликација за анализа на податоците од Бирото за јавни набавки, која значително ќе им помогне на ревизорите при ревизија на Јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија, а која беше и една од идеите на Хакатонот. За потребите на ВЕБ апликацијата се конфигурираа и имплементираа cloud Amazon web services.

За наредниот период направени се план и програма за продолжување и продлабочување на меѓусебната соработка со воведување и користење на нови техники во процесот на ревизија.

Државниот завод за ревизија во соработка со колегите од ВРИ на Кралството на Норвешка, по втор пат спроведе самооценка на интегритетот. Имено во перидот од 29-30 март 2023 година, вработените од ДЗР учествуваа на работилницата за самооценување на интегритетот (ИнтоСаинт). Силна страна на самооценката е тоа што вработените ја оценуваат сопствената организација. Вработените разбираат како функционира организацијата и поради тоа имаат одличен увид во ризиците и ранливоста на истата. Резултатите од самооценката идентификуваа, многу малку ризици и ранливост, што е прикажано преку ниската оценка и ниското стандардно отстапување (0,75 во просек за сите кластери). ДЗР има воспоставен систем на контроли, од кој најефективен вид се меките контроли.

## НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ

Во 2023 година, НДИ поддржа повеќе активности на ДЗР кои беа насочени кон јакнење на парламентарниот буџетски надзор, особено преку интензивирање на соработката помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија.

На 3 - 4 април, со поддршка од Националната фондација за демократија од САД (НЕД), НДИ организираше дводневна работилница за Буџетска отчетност и транспарентност со претставници од ДЗР, пратеници од Комисијата за финансирање и буџет, како и вработени од собраниската Служ-

ба, на која учесниците имаа можност поблиску да се запознаат со Меморандумот за соработка склучен помеѓу Собранието и ДЗР, како и за работата и активностите на ДЗР. На работилницата се утврдија и можности за позасилена идна соработка и иницирање надзорни активности врз основа на конечните ревизорски извештаи.

На 5 мај, ДЗР го потпиша Меморандум за соработка со НДИ, со кој се утврдија областите на соработка помеѓу страните. Фокус беше ставен на поддршката и зајкнувањето на капацитетите на ДЗР за ефективна и редовна соработка со Собранието во вршењето на редовен парламентарен надзор. Преку механизмот Демократско партнерство на Претставничкиот дом на САД, на 5 и 6 мај, НДИ организираше тематски средби за Подобрување на фискалната контрола и буџетскиот надзор во Република Северна Македонија. Искусните претставници од Конгресот остварија средба и со претставници од Државниот завод за ревизија, на која разговараа за предизвиците со кои се соочува ДЗР во однос на редовното разгледување и постапување по конечните ревизорски извештаи од ДЗР, со акцент на законодавнта власт.

На 7 јуни, НДИ организираше онлајн работилница за претставници од ДЗР за Практики на отчетност при извршни транзиции во соработка со американската Владина служба за отчет (ГАО) и Центарот за претседателски транзиции во САД. На оваа обука, американските експерти споделија релевантни искуства при спроведување на активности во периодот на транзиција на власта, со цел гарантирање на отчетноста, транспарентноста и поефикасно управувањето со ресурсите, администрацијата и финансиите со што се обезбедува стабилност и континуитет во работата на институциите.

Со поддршка од НЕД, на 30 јуни НДИ спроведе и еднодневна работилница за Соработка на службата на Собранието и Државниот завод за ревизија (ДЗР). На работилницата, вработените од Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК), Парламентарниот институт, Одделението за внатрешна ревизија и советниците од Комисијата за финансирање и буџет, имаа можност да се запознаат поблиску со работата и видот, структурата и содржината на извештаите на ДЗР, а беа воспоставени и контакти помеѓу инситуциите за поинтензивна понатамошна соработка. Преку Програмата за парламентарна поддршка, финансирана од Швајцарија, НДИ организираше и втора работилница за Буџетска отчетност транспарентност на 18 - 19 октомври, на која пред членовите на Комисијата за финансирање и буџет беше презентиран Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема Основен буџет на Република Северна Македонија за 2022 година од страна на Главниот државен ревизор и сеопфатна анализа на завршната сметка на буџетот за 2022 од страна на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК).

## МЕЃУНАРОДНА ФОНДАЦИЈА ЗА ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Со Меморандум за соработка меѓу Државниот завод за ревизија и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во нашата држава, потпишан во јануари 2023 година, со финансиска поддшка од УСАИД се воспоставија основите на соработката  фокусирана во областа антикорупција и интегритет.

Целта на оваа соработка е:

- зголемена ефективност на работата на ДЗР во извршувањето на редовните ревизорски функции, особено во однос на управувањето со ризици од корупција, комуникација/односи со јавност,
- унапредување на дигитализацијата преку иновативни алатки и софтверски решенија, и
- подобрена транспарентност и отчетност во сферата на политичкото финансирање.

Со цел поголема транспарентност, отчетност и отвореност, како и поуспешно промовирање на резултатите во насока на зголемување на јавната свест за областите на корупција и утврдените состојби и работата на ДЗР, вработените имаа можност да се запознаваат со најсуштинските предизвици во комуникацијата со медиумите.

Во 2023 година, успешната соработка на ДЗР со Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (ЦИПФА) и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) резултираше со успешно реализирање на Програмата за превенција од корупција. Од вкупно 126 сертифици-

рани вработени во јавниот сектор 101 вработен се од ДЗР кои се стекнаа со Меѓународен сертификат за управување со ризици од корупција и од вкупно 18 лица, 17 вработени се од ДЗР кои се стекнаа со сертификати за обучувачи.

Како дел од оваа програма, специјализирана програма за едукација за превенција од корупција наменета за менаџментот на ДЗР, во периодот од 9 -13 октомври 2023, учествуваше на студиска посета во Лондон, Велика Британија. Управувањето со ризици од корупција, стратешкото планирање, ревизорски практики, анализа на податоци, визуелизација на податоци, машинско учење, споделување на добри практики во јавните финансии се дел од темите опфатени во оваа студиската посета. Во рамките на оваа студиска посета, делегацијата оствари средба и со Главниот ревизор на ВРИ на Велс, г. Адријан Кромптон, на која дискутираа за иновативните алатки за анализа на податоци и користење на социјалните медиуми.

Програмата за превенција од корупција е подготвена и развиена како амбициозна програма од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) и Овластениот институт за јавни финансии и сметководство - ЦИПФА, а поддржана од Меѓународната фондација за изборни системи ИФЕС и УСАИД.

Поддршка беше обезбедена и за учество на делегацијата од ДЗР, на Годишниот состанок на ИНТОСАИ Работната група за јавен долг, кој се одржа во Египет. Државниот завод за ревизија на настанот ги презентираше проектите од 2020 до 2022 година на кој беше проектен лидер.

Во рамките на утврдените проектните активности, 7 државни ревизори ја посетуваат академијата за data science со цел да ги подобрат своите аналитички вештини кои се клучни вештини за анализата на податоците кои им овозможуваат полесно да се справат со деловните проблеми преку формирање на одлуки на најефикасен начин. Дополнително, 3 вработени од ДЗР успешно ја завршија Академијата за графички дизајн, со цел подобра презентација на утврдените состојби во ревизорските извештаи. Исто така, со поддршка на ИФЕС, а со цел да се подобрат капацитетите на ДЗР за ревизија, се изготви нова платформа за on-line учење и се разви првата е-обука за ревизија на успешност.

ДЗР активно учествуваше и на работилниците за финансиско известување и транспарентност на политичките партии на кој учество имаа и политички партии, граѓански организации, медиуми и други.



## 4.3 ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Во јули 2022 година, ЕУ ја започна воведната фаза од пристапните преговори со Република Северна Македонија, врз основа на донесената потврдна одлука од страна на Советот на Европа во 2020 година и одобрената Рамка за преговори од јули 2022 година, која е во согласност со ревидираната Методологија за преговори. Со цел адекватно да одговориме на овој предизвик, вработени од Државниот завод за ревизија, учествуваа на серија обуки, објаснувачки и подготвителни состаноци, насочени кон поддршка и подготовка за билатерален скрининг. Кластерот Фундаментални вредности, како прв и најзначаен кластер ги опфаќа петте поглавјата поврзани со владеењето на правото:

- Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права;
- Поглавје 24 - Правда, слобода и безбедност;
- Поглавје 5 - Јавни набавки;
- Поглавје 18 - Статистика;
- Поглавје 32 - Финансиска контрола, но и
- Подрачјата на функционирање на демократските институции и реформата на јавната администрација и управување со јавните финансии.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси и учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата. Државниот завод за ревизија е дел од семејството на другите државни органи кои го сочинуваат „Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата". Ова тело има обврска да ги координира активностите на сите надлежни органи за борба против корупцијата, за јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, за размена на информации и податоци и за реализирање на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО на Советот на Европа и други меѓународни организации.

# 5

## ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ

# РЕВИЗИИ НИЗ БРОЈКИ
## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЗР ЗА 2023

| 80 | 11 | 4 |
|---|---|---|
| Ревизорски извештаи за Ревизија на регуларност | Ревизорски извештаи за Ревизија на успешност | Ревизија на усогласеност како посебен вид на ревизија |
| **4** | **2** | **100** |
| Ревизорски извештаи за спроведување на препораките | ИТ ревизија | Ревизорски извештаи доставени до субјекти на предмет на ревизија |
| **18** | **10** | **18** |
| Ревизорски извештаи доставени до Јавен обвинител на Република Северна Македонија | Ревизорски извештаи доставени до Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | Ревизорски извештаи доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 85-б од Изборниот законик |
| **1** | **100** | **140** |
| Ревизорски извештаи доставени до Управа за јавни приходи | Ревизорски извештаи доставени до Собрание на Република Северна Македонија | Субјекти опфатени со ревизија |
| **957** [13] | **365.025** | **395.961** |
| Наоди и прашања во ревизорските извештаи | Јавни приходи опфатени со ревизијата (во милиони) | Јавни расходи опфатени со ревизијата (во милиони) |
| **697** | **43** | **1.778** |
| Препораки во ревизорските извештаи | Финансиски ефекти од ревизијата / уплатен средства во текот на ревизијата (во милиони) | Друга додадена вредност од ревизијата (во милиони) |

[13] Во бројот на наоди и прашања во ревизорските извештаи се содржани и 17 останати прашања кои се повторуваат во конечните ревизорски извештаи за сите 18 учесници во изборната кампања за локалните избори во 2022 година.

| | | |
|---|---|---|
| **30** | **60** | **2.145.513** |
| Извршени проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) | Издадени извештаи за спроведените проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) | Ревидирана актива/пасива од Билансот на состојба (во милиони) |
| **5.003** | **3.643** | **1.001** |
| Неплатени/ помалку уплатени/ јавни давачки/ надоместоци во Буџетот на државата (во милиони) | Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини (во милиони) | Незаконско користење на средства (во милиони) |
| **28.262** | **19.950** | **3.844** |
| Вкупен износ на јавни набавки (во милиони) | Опфат на јавни набавки со ревизија (во милиони) | Вкупен износ од утврдени неправилности кај јавни набавки (во милиони) |
| **15** | **38.872** | **58.057** |
| Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за јавни набавки (во милиони) | Корективни книжења во Билансот на состојба (во милиони) | Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија и капиталните инвестиции (во милиони) |
| **5.102** | **1.495** | **1.812** |
| Откажани/изгубени грантови (во милиони) | Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кои субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител | Платени провизии за неповлечени средства од кредити/заеми (во милиони) |
| **32** | **62** | **37** |
| Помалку пресметани даноци на добивка (во милиони) | Помалку пресметани придонеси (во милиони) | Износ на изгубени судски постапки (во милиони) |

# Ревизии низ бројки

**100** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

**РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ**

**79** мислења за финансиските извештаи

- **31** без резерва
- **12** со резерва
- **30** неповолно мислење
- **6** воздржување од мислење

**72** мислења за усогласеност[14] со закони и прописи

- **24** без резерва
- **18** со резерва
- **28** неповолно мислење
- **2** воздржување од мислење

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ**

- **4** заклучоци за ревизија на усогласеност
- **9** заклучоци за ревизија на успешност
- **2** заклучоци за ИТ ревизија
- **4** заклучоци за Ревизија на спроведување на препораките (follow up)

**957** ⚠ НАОДИ И ПРАШАЊА ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **593** ревизија на регуларност
- **215** ревизија на успешност
- **122** ревизија на усогласеност
- **27** ИТ ревизии

**140** СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **29** ревизија на регуларност
- **74** ревизија на успешност
- **13** ревизија на усогласеност
- **2** ИТ ревизија
- **18** учесници во изборна кампања на локални избори
- **4** ревизија на спроведување на препораките

**37** КОНСТАТИРАНИ СЛАБОСТИ ВО НАОДИТЕ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
**28.261.918**
во 000 денари

**РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**
**19.950.492**
во 000 денари

**3.844.205** ⚠
УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ
во 000 денари

**14.952**
ИЗВРШЕНИ НАБАВКИ ЗА КОИ НЕ Е СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА
во 000 денари

- слабости во реализација на склучените договори по јавни набавки
- не спроведени постапки за јавни набавки
- слабости во планирањето на јавните набавки
- неправилности при подготовката на тендерската документација/техничката спецификација
- слабости во фазата на случување на договори со избраните понудувачи

[14] Бројот на мислења за усогласеност со закони и прописи е помал во однос на бројот на мислења за финансиските извештаи, со оглед на тоа што во конечните ревизорски извештаи за извршени ревизии на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за сметките на приходи на буџет на дотации (930) за 8 единици на локална самоуправа и Градот Скопје, мислењето за усогласеност со закони и прописи по корисници се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на соодветниот корисник на наменските дотации.

# ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**ВКУПНО 365.025 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ревидирани јавни приходи и 395.961 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година.**

Во споредба со Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година, остварено е значително зголемувањето на ревидираните јавни приходи кај:

- буџетите на фондовите за **12.765 милиони денари,** односно 10% повеќе во однос на минатата година;
- корисниците на средства од буџетот на ФЗО за **685 милиони денари,** односно 66% повеќе од минатата година; и
- јавните претпријатија за **13.022 милиони денари** што е за околу 9 пати повеќе од минатата година.

Во споредба со Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година, остварено е зголемување на вкупно ревидираните јавни расходи за 111.122 милиони денари, што преставува значително зголемување за 39%. Забележителни се зголемувањата на ревидираните јавни расходи за следните видови субјекти и ревизии:

- буџетите на фондовите за **13.887 милиони денари,** односно 12% во однос на минатата година;
- корисниците на средства од буџетот на ФЗО за **706 милиони денари**, односно 70% повеќе од минатата година;
- јавните претпријатија за **9.238 милиони денари**, што е над 6 пати повеќе од минатата година;
- опфатени јавни расходи со ревизии на успешност за **118.091 милиони денари,** што е за 3 пати повеќе од минатата година; и
- опфатени јавни расходи со ревизии на усогласеност како посебен вид на ревизии во износ за **47.210 милиони денари,** што е зголемување за 16 пати во однос на минатата година.

# **РЕВИДИРАНИ** ЈАВНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ВКУПНО **365.025 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **395.961 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година

| | Ревидирани јавни приходи | | Ревидирани јавни расходи | |
|---|---|---|---|---|
| | Годишна програма 2023 | Годишна програма 2022 | Годишна програма 2023 | Годишна програма 2022 |
| Централен буџет на Република Северна Македонија | 203.174 | 227.343 | 15.619 | 79.847 |
| Буџет на фондови | 135.804 | 123.039 | 129.629 | 115.742 |
| Буџет на ЕЛС | 5.243 | 12.515 | 4.888 | 11.536 |
| Корисници на средства од буџетот на ФЗО | 1.730 | 1.045 | 1.720 | 1.014 |
| Учесници на изборна кампања на локални избори | 19 | 766 | 19 | 734 |
| Јавни претпријатија | 14.681 | 1.659 | 10.947 | 1.709 |
| Други институции/ Правни лица во кои државата е доминантен акционер | 1.523 | 8.134 | 1.539 | 7.958 |
| Опфатени со Ревизии на усогласеност | 0 | 1.685 | 50.446 | 3.236 |
| Опфатени со Ревизија на успешност | 2.851 | 35.322 | 181.154 | 63.063 |

Годишна програма 2023 Годишна програма 2022

во 000.000 денари

Опфатот на ревидираните расходи на Буџетот на РСМ за 2022 година изнесува 84%, што е за 2% повеќе во споредба со минатата година. Во структурата на ревидираните расходи, опфатени се расходи со ревизиите на регуларност во износ од 146.987 милиони денари односно 63%, расходи со ревизиите на успешност спроведени согласно Годишните програми за работа на ДЗР за 2022 и 2023 година во вкупен износ од 53.754 милиони денари односно 23% и расходи со ревизиите на усогласеност во износ од 34.025 милиони денари односно 14%.

## ОПФАТ НА БУЏЕТИТЕ ПРЕКУ РЕВИДИРАНИТЕ РАСХОДИ

| Ревидирани расходи по видови буџети (во милиони денари) | Извршен буџет за 2022 | Ревидирано | Учество во % |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Расходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година**<br>(Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година „Сл.весник на Република Северна Македонија“, бр.272/2023) | 278.596 | 234.766 | 84 |
| **Буџети на Единици на локална самоуправа** | 37.754 | 4.888 | 13 |

# ПРЕПОРАКИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести ДЗР и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај. ДЗР го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовни ревизии, проверки и ревизии на спроведувањето на препораките, како и преку примени информации од субјектите.



# 2022

**775** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▲ 775 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**75%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**644** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

▲ 131 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

483 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

143 не се спроведени

18 неприменливи

# 2021

**654** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▲ 654 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**81%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**608** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

▲ 46 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

491 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

111 не се спроведени

6 неприменливи



# 5.1. ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година се утврдени приоритетните активности во насока на остварување на целите и задачите за работа на ДЗР односно остварување на стратешките цели на институцијата.

Преземените активности за остварување на стратешките цели обезбедуваат соодветен опфат на ревидирани јавни средства, зголемување на знаењата и вештините на вработените, вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти кои се во функција на остварување на отчетноста и доброто управување, испитување на резултатите во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор, информирање на засегнатите страни и јавноста за утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи и подобрување на квалитетот на услугите кои јавниот сектор има обврска да ги обезбеди за правните и физички лица. Клучните резултати од работењето на ДЗР за 2023 година се согледуваат во:

- поддршка на Собранието во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата;
- давање на јасни и ефективни препораки на државните и другите институции од јавниот сектор во унапредување на управувањето со јавните средства;
- давање придонес за зголемување на транспарентноста и отчетноста на користењето на јавните средства / средствата на даночните обврзници, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и граѓаните;
- утврдување на состојби на даночна евазија, неплаќање на јавни давачки и надоместоци во Буџетот на Република Северна Македонија со што ДЗР обезбедува поврат на вложените средства од Буџетот на ДЗР;
- ревизија на доделувањето на договорите за ЈН со посебен акцент на доделувањето на договорите за ЈН во услови на енергетска криза;
- давање насоки за начинот на планирање на капиталните инвестиции, обезбедувањето на потребните средства и следење на нивната реализација на централно и локално ниво (со посебен осврт на средства обезбедени од меѓународни кредитори), и утврдување на ефектите од наведените инвестиции;
- следење на сервисирањето на јавниот долг и давање придонес во начинот управување со јавните финансии.

# **КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**
# ОД РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

во 000 денари

**ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ**

**2.145.513.095**
Вкупна актива/пасива

**5.030.418**
Неплатени/помалку уплатени/јавни давачки/надоместоци во Буџетот на државата

**3.642.901**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини

**1.001.206**
Незаконско користење на средства

**28.261.918**
Вкупен износ на јавни набавки

**19.950.492**
Опфат на ЈН со ревизија

**3.844.205**
Вкупен износ од утврдени неправилности кај ЈН

**43.252**
Финансиски ефекти од ревизијата/уплатени средства во текот на ревизијата

**14.952**
Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за ЈН

**38.871.654**
Корективни книжења во Билансот на состојба

**58.057.372**
Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија и капиталните инвестиции

**5.102.327**
Откажани/изгубени грантови

**36.914**
Износ на изгубени судски постапки

**31.764**
Помалку пресметани даноци на добивка

**1.812.484**
Платени провизии за неповлечени средства од кредити/заеми

**1.495.383**
Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кои субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител

**61.985**
Помалку пресметани придонеси

**1.777.913**
Друга додадена вредност од ревизијата



# 5.2. БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 5.2.1. ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022

Управувањето со јавните финансии претставува еден од врвните приоритети на државата со кое се овозможува финансиска сигурност и одржливост на јавните финансии. Имајќи го предвид економското, социјално и политичко значење на Буџетот на Република Северна Македонија, неговото планирање, подготвување, донесување и реализација се наметнува како неопходност на професионалниот менаџмент и има за цел одржување на макроекономската стабилност и стабилен национален економски развој, како и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

Констатиравме дека при **планирањето, подготовката и донесувањето** на Буџетот за 2022 година, основните плански документи се донесени во законските рокови со незначително задоцнување при донесување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата во 2022 година.

Извршивме анализата на 20% од доставените буџетски барања од буџетски корисници на централната власт до МФ и утврдивме дека подготовката на Буџетот за 2022 година, исто како и во претходни години, се врши врз основа на нецелосна документација доставена од буџетските корисници а Министерството за финансии нема доставено Извештај за неусогласени буџетски барања до Владата. Утврдените состојби упатуваат на потреба од континуирано зајакнување на активностите за комплетирање на буџетските барања од буџетските корисници со стратешки планови, заради усогласување со стратешките цели на Владата и унапредување на квалитетот на целокупниот процес на планирање на буџетот на државата.

Основниот буџет за 2022 година (сметка 637) **донесен** во износ од 181.941.600 илјади денари е помал за 29% во однос на бараните средства од буџетските корисници и 7% помал во однос на Буџетот од 2021 година. Со ребалансот на буџетот од јули 2022 година и со две Одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите од ноември 2022 година, извршени се промени на иницијалните фискални проекции за Буџетот за 2022 година, со што ново одобрениот буџет од 196.000.184 илјади денари е за 8% поголем во однос на првично планираниот. Зголемувањата на приходната страна се со цел оптимизирање на изворите на финансирање на буџетскиот дефицит, додека зголемувањата на расходната страна се насочени кон реализација на дел од мерките на Владата за надминување на последиците од енергетската криза.

Висината на буџетски средства што се планираат во Буџетот секоја година за одредени буџетски корисници е регулирано со други материјални закони. Утврдивме дека и во 2022 година нивното финансирање не е во износи кои се согласно законски утврдените:

## СУДСКА ВЛАСТ

во 000 денари




Одобрените средства за финансирање на **Судската власт** во износ од 2.336.087 илјади денари претставуваат 0,3% од БДП и истите се за 63% помали од законски утврдениот лимит и помали за скоро 925.000 илјади денари од потребите искажани во буџетското барање.

## ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

во 000 денари




Одобрените средства за **Јавното обвинителство** во износ од 642.832 илјади денари претставуваат 0,21% од средствата на Буџетот за 2022 година, односно двојно помалку од законски утврдените и се за 61% помали од потребите искажани во буџетското барање.

**Пот програмата ОА - Рамномерен регионален развој:** потребно е да се обезбедат најмалку 1% од БДП, и истите да се реализираат преку годишните програми предвидени во буџетите на Министерството за локална самоуправа и Биро за регионален развој. За реализација на оваа програма во 2022 година одобрени се средства во износ од 0,09% од БДП, што не претставува значајна промена во однос на 2021 година, кога истиот изнесуваше 0,07%.

Со ревизија на **управувањето** на Буџетот на РСМ констатиравме дека Министерството за финансии проекцијата на Буџетот ја врши согласно GFS Методологијата на ММФ, како табела за прикажување на приходите и расходите по видови и за утврдување на дефицитот на државата на готовинска основа. Буџетот се проектира за сите буџетски корисници и фондови, за сите видови на сметки со кои располагаат корисниците односно за сметки на основен буџет, за самофинансирачки активности, за донации и за заеми, без локалната власт.

Проекциите на приходите на буџетот за 2022 година се базираат на реализација на приходите во претходни години и ефектите од планираните реформи во даночната и пензиската сфера.

**Буџетскиот дефицит** на ниво на Централен Буџет, според основните макроекономски индикатори објавени од страна на МФ за 2022 година изнесува 5,1% од БДП и истиот е 0,8% над проектираниот процент од 4,3%, предвиден во Фискалната стратегија за 2022-2024 (со изгледи до 2026 година). Во однос на 2021 година, учеството на буџетскиот дефицит во БДП е намалено за 0,3%, што укажува на стабилизација и намалување, но сепак неговото учество во БДП за 2022 година е на повисоко ниво во однос на годините пред здравствено-економската криза и според предвидувањата во фискалната стратегија се очекува истиот преку континуирано намалување во наредните години, во 2026 година да изнесува 2,2% од БДП. Трендот на движење на буџетскиот дефицит како процент од БДП во период 2013 – 2022 година е прикажан на следниот графички приказ:

% ПРОЦЕНТУАЛНО УЧЕСТВО НА БУЏЕТСКИОТ ДЕФИЦИТ ВО БДП ЗА ПЕРИОД 2013-2021 ГОДИНА




Вкупните приходи и приливи во 2022 година се остварени во износ од 202.023.891 илјади денари односно за 10,86% помалку во однос на 2021 година, што во најголем дел се должи на намалувањето на задолжувањето во странство (61,89%) и домашното задолжување (36,55%).

во 000 денари

| Опис | Планирани приходи Буџет 2022 | Остварени приходи во Буџет 2022 | Структура на реализирани приходи во Вкупни приходи на Буџетот за 2022 | Остварени приходи во Буџет 2021 | Структура на реализирани приходи во Вкупни приходи на Буџетот за 2021 | Разлика остварување 2022/2021 | Зголемување/ намалување 2022/2021 (%) | Разлика планирање/ остварување 2022 | Остварување /планирање 2022 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 139.479.000 | 139.074.197 | 68,84% | 122.823.942 | 54,20% | 16.250.255 | 13,23% | 404.803 | -0,29% |
| Неданочни приходи | 5.557.000 | 7.975.217 | 3,95% | 6.219.043 | 2,74% | 1.756.174 | 28,24% | -2.418.217 | 43,52% |
| Капитални приходи | 2.150.000 | 2.219.926 | 1,10% | 1.919.813 | 0,85% | 300.113 | 15,63% | -69.926 | 3,25% |
| Трансфери и донации | 39.798.816 | 15.184.119 | 7,52% | 14.425.017 | 6,37% | 759.102 | 5,26% | 24.614.697 | -61,85% |
| Домашно задолжување | 26.620.000 | 14.680.857 | 7,27% | 23.136.066 | 10,21% | - 8.455.209 | -36,55% | 11.939.143 | -44,85% |
| Задолжување во странство | 61.500.000 | 21.983.196 | 10,88% | 57.561.838 | 25,40% | - 35.578.642 | -61,81% | 39.516.804 | -64,25% |
| Приходи од отплата на заеми | 500.000 | 906.379 | 0,45% | 543.098 | 0,24% | 363.281 | 66,89% | -406.379 | 81,28% |
| ВКУПНО | **275.604.816** | **202.023.891** | **100%** | **226.628.817** | **100%** | **-24.604.926** | **-10.86%** | **73.580.925** | **-26,70%** |

Даночните приходи во 2022 година се реализирани за над 13% повеќе во однос на 2021 година и имаат учество од 68,84% во вкупните приходите на Основен буџет за 2022 година, за разлика од 2021 година кога нивното учество изнесуваше 54%, што укажува на подобрување на структурата на приходите со зголемено учество на даночните приходи, прикажано во следната табела:



Вкупните приливи од **задолжување** во земјата и странство во 2022 година опфаќаат 18% од вкупните приходи на Основниот буџет за 2022 година.




Вкупните приливи од **задолжување во земјата** и странство во 2022 година опфаќаат 18% од вкупните приходи на Основниот буџет за 2022 година.

Приливите по основ на задолжување во земјата во 2022 година од 14.680.857 илјади денари изнесуваат 40% од вкупните приливи по основ за задолжување на државата, што е 37% помалку во однос на 2021 година и се должи на помалку остварени приливи од издадени државни обврзници во 2022 година.

Приливите по основ на **задолжување во странство** во износ од 21.983.196 илјади денари претставува намалување за 62% во однос на 2021 година, кога беше остварен и прилив од издадена еврообврзница на државата на меѓународниот пазар на капитал.

**Расходите и одливите во Буџетот за 2022 година** изнесуваат 192.180.442 илјади денари и се за 9,11% помали во однос на 2021 година. Планираните расходи, нивната структура, реализација, зголемување или намалување во однос на расходите и одливите од 2021 година се прикажани во табелата подолу:

## ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ И ОДЛИВИ ВО 2022 ГОДИНА

во 000 денари




Во рамки на одделните расходи и одливи, забележано е зголемување на сите расходи во однос на 2021 година, при што најзначајно зголемување имаат капиталните расходи за 33% и резерви и недефинирани расходи за 57%. Најголемо намалување од 73% во однос на 2021 година е забележано кај расходите за отплата на главнина како резултат на целосна отплата на 3-та Еврообврзница во текот на 2021 година, а беше издадена во 2014 година.

Учеството на одделните видови на расходи и други одливи во однос на вкупно извршените расходи и одливи во Основен буџет за 2022 година е прикажано во следниот графикон:

## СТРУКТУРА НА РАСХОДИТЕ И ОДЛИВИТЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ ЗА 2022 ГОДИНА




За покривање на **дефицитот на Фондот за ПИОСМ** за исплата на пензии кој во 2022 година изнесува 22% од вкупните извори на средства за исплата на пензии, од Буџетот на РСМ трансферирани се средства во износ од 14.850.580 илјади денари, 7% помалку во однос на 2021 година. Структурата на изворите на средства за пензии во 2022 година и понатаму ја наметнува потреба од финансиска поддршка на Фондот за ПИОСМ за исплата на пензиите во државата со средства од Буџетот.

Како **тековни трансфери, до ЕЛС** преку надлежните министерства реализирани се дотации во износ од 23.364.851 илјади денари што претставува 12% од вкупните расходи на Основниот буџет на РСМ за 2022 година. Во однос на 2021 година овие дотации се зголемени за 10%. Најголемо учество во трансферите од 86% имаат блок дотациите исплатени во износ од 20.041.118 илјади денари, дотациите од ДДВ учествуваат со 12%, додека учеството на наменските дотации е 2%.

**Расходите за субвенции и трансфери** во 2022 година учествуваат со 15,9% во основниот буџет и реализирани се во вкупен износ од 30.580.982 илјади денари и во однос на 2021 година се зголемени за 8%. Најголемо учество во вкупните расходи за субвенции и трансфери имаат расходите за разни трансфери, во износ од 27.065.402 илјади денари, со 89%, од кои најголем дел (31%) се однесуваат на расходи од програмата П1-Мерки за справување со Ковид-19 кризата.

**Капитални расходи** во Основниот буџет за 2022 година се реализирани во износ од 22.360.256 илјади денари, што претставува 11,64% од вкупните расходи на Основен буџет. Кај капиталните расходи за период од 2018 до 2022 година, утврдивме дека имаат значителен тренд на зголемување од година во година прикажан на следниот графикон:

во 000 денари

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО ПЕРИОД 2018 - 2022 ГОДИНА




Структурата на капиталните расходи во последните три години укажува на зголемување на Вложувањата и нефинансиските средства, кои во 2022 година изнесуваат 10.678.725 илјади денари и во најголем дел се реализираат преку разделот на Владата, потпрограма П1 - Мерки за справување со КОВИД-19 кризата и другите антикризни мерки. Над 69% од средства исплатени по основ на Одлуки од Владата се наменети за АД за производство на електрична енергија ЕСМ за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија (6.449.000 илјади денари), дел се за АД Водостопанство за сервисирање на обврските за електрична енергија, а дел за неповратна финансиска помош за справување со влошената финансиска состојба на АД за поштенски сообраќај "Пошта на Северна Македонија".

Утврдивме дека 7.007.000 илјади денари, односно 41% од Капиталните расходи не се исплатени за намената за која се планирани и истите претставуваат трошоци за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија, набавка на основни ресурси за производство на електрична енергија за регулирање на заостанати долгови, плаќања на кредити, за исплати на плати и други трошоци. Поради ваквите состојби ревизијата укажува дека капиталните расходи се расходи наменети за зголемување на постојаните средства, трајните добра како патишта, училишта, болници, водоводи, студентски домови, спортски објекти, опрема во здравството, хардвер, софтвер, со кои се создаваат подобри услови за граѓаните и придонесуваат за развој на економијата, поради што потребно е основот за доделување на средствата од програмите на Влада да кореспондира со наведените намени.

Во Законот за јавен долг е уредно дека за извршување на буџетот, МФ во име на Република Северна Македонија, може да се задолжи до максимален износ потребен за финансирање на буџетски дефицит и ре финансирање на обврските од државен долг за тековната и наредните две фискални години, утврдени во буџетот и Фискалната стратегија.

Јавниот долг на 31.12.2022 година изнесува 7.702,9 милиони евра додека на 31.12.2021 година е во износ од 7.135,3 милиони евра, што укажува на зголемување во апсолутен износ од 567,6 милиони евра односно од 8%. И покрај зголемувањето на јавниот долг како апсолутен износ, состојбата на јавниот долг во однос на БДП на 31.12.2022 година изнесува 57,1% и е за 3,9% помал во однос на 2021 година, во услови кога БДП во 2022 година е за 10% поголем во однос на претходната година.Состојбата на **државниот долг** на 31.12.2022 година изнесува 6.581 милиони евра и наспроти состојбата на државниот долг минатата година која беше во износ од 6.080 милиони евра зголемена е во износ од 501 милиони евра. Констатиравме дека состојбата на државниот долг на 31.12.2022 година изнесува 48,7% од БДП додека во 2021 година кога изнесуваше 52% од БДП.

Трендот на учеството на државниот и јавниот долг во БДП за период 2013-2021 година е прикажано на следниот графикон:

## СОСТОЈБА НА ДРЖАВНИОТ И ЈАВНИОТ ДОЛГ КАКО % ОД БДП ВО ПЕРИОД 2013 - 2022 ГОДИНА




Субјектите согласно членот 9 од Законот за евиденција и пријавување на обврски, се должни на месечна основа преку Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските (ЕСПЕО) до МФ да ги пријавуваат обврските согласно нивната сметководствена евиденција, најдоцна до десетти во месецот, за претходниот месец. Во 2022 година од вкупно 1.382 субјекти, во ЕСПЕО податоци имаат доставено 1.205 субјекти и тоа доспеани, а неплатени обврски во вкупен износ од 25.829.001 илјади денари, што е за 1.669.043 илјади денари или 6,9% повеќе во однос на 2021 година. Најголемо учество во вкупните обврски имаат јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост со 37,82%, јавните здравствени установи, општините со 20.23% како и општинските јавни претпријатија со 18%. Состојбата со пријавените доспеани, а неплатени обврски за период од 2018 до 2022 година се прикажани на следниот графикон:

## ПРИЈАВЕНИ ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ЗА ПЕРИОД 2018 - 2022 ГОДИНА



Податоците за неподмирени, а доспеани обврски на субјектите се прикажуваат при известувањето за реализацијата на буџетот на државата, како дел од Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, во кој се содржани податоци од Извештајот за пријавени обврски.

Во однос на финансиската нестабилност на ЕЛС утврдивме дека во декември 2022 година, од вкупно 81 општина, 14 општините се со блокирана сметка. Вкупниот износ на доставени налози за извршување во МФ изнесува 1.517.873 илјади денари или 37% од вкупно пријавените обврски на општините, од кои во 2022 година платени се обврски во износ од 186.428 илјади денари. Од преостанатиот износ за извршување 1.331.446 илјади денари или 77% се по основ на главнина, 247.982 илјади денари, односно 18% се по основ на камата и 61.851 илјади денари односно 5% се за останати трошоци, што укажува на висок процент на задолженост на општините во услови кога реализацијата на приходите бележи тренд на намалување.

Во член 39 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа е уредено дека доколку сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или во период од шест месеци континуирано секој месец или вкупниот износ на не измирени обврски над 60 дена надминува 80% (до август 2022 година) од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година, Градоначалникот на општината е должен да донесе одлука за прогласување на финансиска нестабилност и за истото да ги извести Советот на општината, МФ, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС. До периодот на ревизијата не е прогласена финансиска нестабилност на ниту една општина, така што општините можат да генерираат нови обврски по разни основи и да започнуваат нови капитални проекти, што влијае на натамошно влошување на нивната ликвидност и на целокупната финансиска состојба, а со тоа и можност за дополнителна потреба од издвојување на средства од Буџетот како финансиска поддршка на истите и одлив на буџетски средства.

Конечниот ревизорски извештај е достапен на веб страната на ДЗР на следниот линк: https://dzr.mk/sites/default/files/2023-08/KRI_Osnoven_budzet_RSM_2022.pdf



## 5.2.2. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИ И ПОЛИТИКИТЕ ЗА СЕРВИСИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ДОЛГ

8 ДОСТОИНСТВЕНО ВРАБОТУВАЊЕ И ЕКОНОМСКИ РАСТ

17 ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

Ревизијата на тема „Ефикасност на мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг“ како ревизија на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

Целта на извршената ревизија беше да се даде одговор на прашањето: „Дали мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг се ефикасни и во функција на навремено и точно плаќање на обврските, со најнизок трошок и прифатлив ризик?“

Ревизијата беше фокусирана на оценка на активностите и спроведување на функциите на системот и процесите за сервисирање на јавниот долг.

Со ревизијата беа опфатени мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг односно расходите за сервисирање на обврските на јавниот долг прикажани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021, 2022 и 2023 година.

Дизајнирана е системска сеопфатна правна и институционална рамка за управување со јавниот долг.

За процесот на сервисирањето на јавниот долг дадени се позитивни оценки од страна на ЕУ, ММФ.

Со Законот за извршување на Буџетот кој се донесува секоја година предвидени се одредби со кои средствата за сервисирање на јавниот долг се извршуваат без разлика на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Примената на процедурите во процесот на сервисирањето на јавниот долг и воспоставеното електронско банкарство со НБРСМ овозможуваат навремено и точно плаќање на доспеаните обврски за сервисирање на јавниот долг.

Во период на здравствена, енергетска и економска криза, Министерството за финансии и покрај неповолните пазарни услови (високи каматни стапки) обезбедило средства од официјални кредитори за буџетска поддршка по пониски каматни стапки од пазарните.

Ревизијата утврди дека во Буџетот на Република Северна Македонија не се прикажани реалните бруто потреби за финансирање на државата. Приливите од издадените краткорочни хартии од вредност за рефинансирање на долгот не се презентирани како приходи од задолжување со издавање на краткорочни државни записи и одливите како расходи за отплатите на главнина за внатрешен долг. Овие плаќања се за обврски прикажани како јавен долг (главнина) и за камати кои не се прикажани како обврски. Утврдените приливи и одливи за рефинасирање на долгот од издадени државни записи за годините 2021, 2022 и 2023 година изнесуваат како што следува:

32.081.518 илјади денари 2021

32.951.956 илјади денари 2022

34.893.631 илјади денари 2023

Фискалната политика преку финансирање на буџетскиот дефицит има значајно влијание врз нивото и одржливоста на јавниот долг. Состојбата на јавниот долг на 31.12.2023 година изразено во проценти изнесува 58,26 % од БДП, пресметано според проекциите за БДП на Министерство за финансии, додека според податоците објавени за БДП на Државен завод за статистика во март 2024 година за четврто тримесечје во 2023 година, пресметката на јавниот долг изразена во проценти изнесува 62,01% од БДП. Од вкупниот јавен долг 53% од БДП се државен долг и 9% од БДП се гарантиран и негарантиран долг. Согласно објавените официјални податоци на WEB страната на Министерството за финансии за првиот квартал за 2024 година, состојбата на јавниот долг заклучно со 31.12.2023 изразена во проценти изнесува 62,1% од БДП. Наведените информации се прикажани во следната табела.

## ПРЕСМЕТКА НА ЈАВЕН ДОЛГ СПОРЕД БДП ЗА 2023 ГОДИНА ОБЈАВЕН ОД ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА И СПОРЕД ПРОЕКЦИИ НА БДП ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

| Опис | состојба на долг 31.12.2023 [5] во милиони денари | % од БДП според ДЗС | % од БДП според проекции на МФ |
|---|---|---|---|
| Државен долг | 446.217.0 | 53.08% | 53.8% |
| Гарантиран долг | 70.781.6 | 8.42% | 7.91% |
| Негарантиран долг | 4.285.0 | 0.51% | 0.48% |
| Јавен долг | 521.283.6 | 62.01% | 58.26% |
| БДП според производниот метод, тековни цени – Државен завод за статистика | 840.611 | | |
| БДП според макроекономските индикатори на Министерство за финансии [5] | 894.727 | | |

Ревизијата нагласува дека иако сеуште не се надминати фискалните правила утврдени со Законот за буџети, но поради достигнатото ниво на јавниот долг во овој момент, во иднина потребно е претпазливо управување со јавните финансии преку одржливо ниво на јавен долг и фискална политика со соодветно ниво на буџетски дефицит.

Во периодот од 2025 до 2028 година секоја година доспеваат за плаќање издадените еврообврзници од претходен период, што може да предизвика неизвесност во постигнување на ефикасноста на сервисирањето на долгот поради зголемување на потребите за финансирање на државата. Податоците за еврообврзниците во наведениот период се презентирани во следната табела.

3 https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=31

4 https://finance.gov.mk/%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%b4%d0%be%d0%bb%%b3-2/

5 https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d0%b4%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%86%d0%b8%d0%b8/

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕВРООБВРЗНИЦИ КОИ ДОСПЕВААТ ВО ПЕРИОД ОД 2025-2028 ГОДИНА

| Еврообврзница | Износ по проспект | Година | Доспева | Период на доспевање | Прилив | Дисконтира и износ | Каматна стапка | Годишна камата | Вкупно камата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Еврообврзница 6 | 500.000.000 | 2018 | 2025 | 7 | 492.210.000 | 98.442% | 2.750% | 13.757.000 | 96.250.000 |
| Еврообврзница 7 | 700.000.000 | 2020 | 2026 | 6 | 689.892.000 | 98.556% | 3.675% | 25.725.000 | 154.350.000 |
| Еврообврзница 8 | 700.000.000 | 2021 | 2028 | 7 | 689.024.000 | 98.432% | 1.625% | 11.375.000 | 79.625.000 |
| Еврообврзница 9 | 500.000.000 | 2023 | 2027 | 4 | 495.115.000 | 99.023% | 6.960% | 34.800000 | 139.200.000 |

Според проценката од ММФ наведена во Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2022-2025 „долгот се оценува како одржлив во основното сценарио. Сепак од перспектива на ликвидност, потребите за финансирање го надминуваат прагот на висок ризик во основното сценарио".

Во Секторот за управување со јавен долг не е постигнато нивото на пополнетост на работните места согласно предвидениот оптимален број на вработени.

Ревизијата нагласува дека според насоките на ММФ и Светска Банка за ефикасно управување со јавниот долг потребно е да се создадат соодветни услови преку привлекување и задржување на компетентен кадар за оваа област.

Иако е изграден капацитет и спроведувани се обуки, флуктуацијата на кадарот и непополнетоста на работните места може негативно да се одрази на одржливост на постигнатите резултати. Ова преставува еден од највисоките оперативни ризици со кој се соочува министерството во овој момент и кој на долг рок може да има негативни последици врз целокупниот процес на сервисирање на јавниот долг.

Со цел надминување на наведените состојби, ефекти и резултати, дадовме препораки кои произлегуваат од резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на целокупниот процес на сервисирање на јавниот долг.

## 5.2.3. ПЛАТИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Функционална јавна администрација е предуслов за транспарентно и ефективно демократско владеење. Јавната администрација врши надлежности дефинирани во законите кои имаат за цел остварување и извршување на јавните политики на Владата.

Спроведовме ревизијата на усогласеност на тема **„Плати и додатоци на плати на административните службеници во Република Северна Македонија“.**

Заклучивме дека платите и додатоците на плати на административните службеници за периодот од 2021 до 2023 година се во согласност со релевантната законска регулатива, стратешките документи и воспоставени политики, но потребни се активности со кои ќе се надминат утврдените состојби и слабости.

Ревизијата беше спроведена во МИОА и МФ, а за да добиеме пошироки информации и податоци поврзани за правната и стратешката рамка, надлежностите и кадровската екипираност, доставивме прашалници до 14 министерства и 22 институции, меѓу кои и институции каде определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници се регулирани со посебни закони.

Почнувајќи од 2014 година вработените во јавната администрација во зависност од институцијата во која се вработени се:

- **Државни службеници** - вработени во органите на државната и локалната власт и вработени во други државни органи и
- **Јавни службеници** - вработени во институциите кои вршат дејности од областа на образование, наука, здравство, култура, труд и социјална заштита и заштита на детето, спорт, фондови, јавни установи, јавни претпријатија формирани од РСМ и општините.

Платите на вработените во јавниот сектор се регулирани со:

- Закон за вработените во јавниот сектор - ги уредува општите начела за вработените во јавниот сектор.
- Закон за административни службеници- ги регулира платите, додатоците и надоместоците на плати.
- посебни закони колективни договори правилници одлуки - застапено кај поголем број институции во јавниот сектор за регулирање на плати и додатоци.

За градење на ефикасна јавна администрација во секоја држава потребно е постоење на законска регулатива за уредување на нејзиниот статус, правата и обврските на вработените, со што ќе се овозможи професионализација на администрацијата, подобар интегритет, заштита од корупција, непотизам и нејзина деполитизација.

**Утврдивме дека постоечката законска рамка не обезбедува воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати за вработените во јавниот сектор на ефикасен и економичен начин.**

**Стратегиите за реорганизација на институциите во јавниот сектор, преку кои Владата** континуирано, **подолг период** спроведува процес на унапредување на нивниот административен капацитет **не се ефикасни поради ненавремено реализирање на планираните активности:**



РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО СТРАТЕГИИТЕ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР




Отстапувањето од предвидената динамика на донесување на законската и методолошката рамка за непречена реформа на јавната администрација го забавува процесот на усогласување на националното законодавство со европското право, оневозможува навремена, целосна и ефикасна реализација на последователните активности и го одложува воспоставувањето на унифициран и кохерентен систем на плати за вработените во јавниот сектор.

За унапредување на ефикасноста во управувањето со човечките ресурси и квалитетот на работата на институциите во јавниот сектор, во МИОА воспоставен е Информационен систем за управување со човечки ресурси преку **четири модули кој не е искористен согласно намената за кој е креиран.**

## ИСКОРИСТЕНОСТ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ПРИ МИОА




Степенот на искористеност на информационот систем ја доведува во прашање оправданоста на набавка на истиот и оправданоста на трошоците за негово одржување, не овозможува добивање на збирни статистички евиденции на ниво на цел јавен сектор и влијае на ефикасното управувањето со човечките ресурси.

Процесот на планирање на потребните вработувања **не е ефикасен и не овозможува институциите навремено да ги вработат потребните човечки ресурси..**

Поради не доставен годишен план за вработување во законски предвидениот рок или не постапување по доставените укажувања, во периодот јануари – јуни 2023, од вкупно 1.334 институции 387 односно 29% од нив не добиле позитивно мислење поради што степенот на реализација на планот за вработување за 2021 година е само 19,5% од вкупно планираните вработувања, додека во 2022 година реализирани се само 16,4%.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



**Од вкупните вработувања** на 3.384 лица во 36 институции предмет на ревизија во периодот од 2021 до септември 2023 **година, 70% се реализирани преку нетранспарентна постапка – без објава на јавен оглас** спротивно на Законот за вработените во јавниот сектор поради нивно вработување преку Агенции за привремени вработувања или преземање.

- 1.023 лица се вработени на неопределено, односно 30%,
- 468 лица се вработени на определено време, односно 13%,
- 1.424 лица се привремено вработени, над 43% и
- 480 лица се вработени со преземање од друг орган, односно 14%.

**Контрола на пресметките** за исплата на плати, додатоци, даноци, и придонеси за 756 субјекти со вкупно 84.235 вработени секој месец вршат шест лица вработени во одделението за контрола на исплата на плати во **МФ на обрасци во пишана и електронска форма. Во МФ не постои систем за софтверска контрола на пресметките што ја отежнува контролата и создава ризик од можни грешки при исплата на платите.**

Утврдивме дека постојат разлики во висината на платите за исти работни места во различни институции поради **различно утврдување на вредноста на бодот** за пресметување на платите:

- за државните службеници: секоја година со одлука ја утврдува Владата;
- за јавните службеници: секоја година со одлука ја утврдува основачот на предлог на надлежниот функционер и
- за административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, регулаторните тела, ДЗР и Народната банка: платите се уредени со закон и со колективен договор.

Како резултат на тоа постојат значителни разлики во исплатените **основни бруто плати за исто работно место во различни институции, при што** платите во министерствата се на најниско ниво во однос на другите институции:

ИЗНОСИ НА БРУТО ПЛАТИ ЗА ИСТО РАБОТНО МЕСТО ВО РАЗЛИЧНИ ИНСТИТУЦИИ

| Работно место | Министерство | Други институции |
|---|---|---|
| државен советник | 69.000 | до 108.000 |
| раководител на сектор | 67.000 | до 125.000 |
| помошник раководител на сектор | 59.000 | до 110.000 |
| раководител на одделение | 53.000 | до 100.000 |
| советник | 47.000 | до 85.000 |
| виш соработник | 44.000 | до 82.000 |
| соработник | 43.000 | до 79.000 |

Наведените состојби не се во согласност со потцел 2.4. - Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавниот сектор од Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030.

Иако Законот за исплата на платите **овозможува** месечно зголемување до 50% од остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, со **ревизијата утврдивме дека** во период од 2021 до 2023 година и покрај тоа што стапката на трошоците за живот е зголемена, а со тоа и правото на пораст на платите, институциите **не извршиле месечно зголемување на платите** согласно остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, во рамките на обезбедените средства.

Законот за административни службеници и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија овозможуваат на административните службеници право на исплата на додатоци од плата **како % од основната плата: за посебни услови -30%, за прилагодување кон пазарот на труд во висина од 15% и за работа ноќе, во смени, за време на неделен одмор и на празници во висина од 15%. Утврдивме дека** во периодот од 2021-2023 година **кај опфатените** 36 институции исплатени се следниве видови на додатоци на плата, прикажани на следниот графикон:

ИСПЛАТЕНИ ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА ПО ИНСТИТУЦИИ




Додатокот за прекувремена работа се исплаќа во 26 институции, додека додатокот за прилагодување кон пазарот на труд не се исплаќа во ниту една институција и покрај тоа што е предвиден во член 91 од Законот за административни службеници.

Дадени се препораки за преземање мерки и активности за реализација на утврдените стратешки цели и надминување на утврдените слабости, во насока на обезбедување на вреднување на трудот на вработените во јавниот сектор и нивно задржување.

# 5.2.4. УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ ИМОТ

Извршивме ревизија успешност на тема „Управување со државниот имот“ со цел да дадеме одговор на прашањето „Дали надлежните институции управуваат и стопанисуваат со државниот недвижен имот – деловни и станбени објекти на државата на ефикасен начин?“



Оценивме дека постојната законска регулатива, мерките и активностите кои се преземани од Владата и другите надлежни институции не овозможуваат ефикасно управување и стопанисување со државниот недвижен имот – деловни и станбени објекти на државата.

Постоечката законска регулатива има воспоставено систем со разграничени надлежности меѓу институциите во однос на одлучување, управување, располагање и евидентирање со државниот недвижен имот прикажан во следниот графикон:

ВЛАДА

Државен недвижен имот

**Згради во државна сопственост**

- Служба за општи и заеднички работи на владата
- Агенција за катастар на недвижности
- Државно првобранителство
- МФ - Управа за имотно правни - работи

**Државни и станбени објекти на државата**

- АД за изградба и стопанисување на станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје
- АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје
- Комисија за станбени прашања
- Министерство за транспорт и врски

**Владата** одлучува за давање и престанок на времено или трајно користење на недвижните ствари на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации, како и за набавка на нов, продажба на имот што трајно не се користи и за давање во закуп.

**АДИССПДП е надлежно за стопанисувањето со станбениот простор и деловниот простор од значење за Републиката особено за негово инвестиционо и тековно одржување,** склучување на договори за закуп, продажба на станови и деловен простор, водење на единствена евиденција на станбениот и деловниот простор, изградбата на станбен и деловен простор за кои инвеститор е РСМ.

**АДСДП** ги врши дејностите што се однесуваат на стопанисување со деловниот простор во смисла на негово инвестиционо и тековно одржување и подобрување на условите за користење на деловниот простор, склучување на договори за закуп на деловниот простор, продажба и водење на единствена евиденција на деловниот простор.

**СОЗР** води внатрешна евиденција на недвижностите кои ги користи Владата и се грижи за тековно одржување и реконструкција на објектите што ги користат органите на државната управа, репрезентативните и резиденцијалните објекти.

Со извршената ревизија утврдивме дека **Законската регулатива:**

- **Не предвидува обврска за изработка и донесување на стратешки документи за управување со државниот имот,** поради што **Владата на РСМ нема донесено национална стратегија** за управување, користење, одржување и отуѓување со државниот недвижен имот, ниту државна стратегија во областа на домувањето, иако има законска обврска за истото. **АДИССПДП и АДСДП** немаат изготвено: стратешки документи со долгорочни приоритети и цели, активности и расположливи ресурси **и програми за инвестиционо вложување.**
- **Не уредува воедначен начин на постапување** на надлежните институции. Во отсуство на стратешко планирање, **не се донесени ниту акти, процедури/упатства/прирачници** за работните процеси поврзани со управување со недвижниот имот **на ниво на држава за** утврдување на потребата од недвижен имот, стекнување, користење и престанок на потребата од користење на недвижен имот. Со интерни акти и правилници АДИССПДП и АДСДП **делумно ги имаат уредено процесите** за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловниот простор со кој стопанисуваат.
- **Не предвидува централизирана евиденција односно сеопфатен регистар на државен недвижен имот со финансиски и нефинансиски податоци, ниту е определен орган или тело надлежно за воспоставување на истиот**. Евиденцијата на недвижниот имот се води во СОЗР, АДИССПДП, АДСДП, но и во секој државен орган на кој Владата со одлука му има доделено право на времено или трајно користење запишани во Катастарот на недвижности. Постои државен имот кој не е распределен по одделни институции и за кој не се води друга евиденција освен во АКН.

**Активности на надлежните институции за управување и стопанисување со државниот недвижен имот.**

Владата која располага со недвижниот имот во државна сопственост, може со одлука да го даде на времено или трајно користење, со или без надоместок, на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации.

- **Одлуките** на Владата немаат унифицирана содржина која ќе обезбеди целосни податоци и информации за институциите од кои се зема односно на кои се дава правото на користење на имотот, начинот на примопредавање, со цел негово соодветно евидентирање и следење при промени на корисниците.

Како резултат на ова утврдивме различно постапување кај **9 министерства** при евидентирањето на деловниот простор што го користат:

- од вкупно 1.214 објекти кои ги користат, за 1.002 објекти или за 83% имаат обезбедено одлука од Владата за право на користење, додека за 212 објекти, односно **17% немаат обезбедено одлука;**
- 49% од објектите што се користат се сметководствено евидентирани, 29% се евидентирани во вонбилансната евиденција, додека преостанатите 22% од објектите воопшто не се евидентирани. Причините за не евидентирање на објектите во сметководствената евиденција, процентуално се прикажани во графиконот подолу:

## ПРИЧИНИ ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНО НЕЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ ГИ КОРИСТАТ МИНИСТЕРСТВАТА




- Четири министерствата искажале потреба од дополнителен простор, за вработените лица и чување на расходувана опрема, а три министерства располагаат со објекти/делови од објекти кои не ги користат (празен простор), ниту имаат потреба од користење на истите.
- во периодот од 2019 заклучно со 30.10.2023 година по основ за закуп на простор само за потребите на две министерства, исплатени се средства во вкупен износ од 47.918 илјади денари односно 779 илјади евра, што е значителен одлив на буџетски средства.

**АДИССПДП и АДСДП**

- имаат воспоставено „единствена евиденција" на деловниот простор, во софтверска апликација со финансиски и нефинансиски податоци, информации за локацијата, површината, дали истиот е даден под закуп, и други технички и катастарски податоци, но не секогаш и податоци за физичката и функционалната состојба на објектите, иако софтверската апликација го овозможува истото;
- воспоставена е материјална евиденција за објектите но податоците не се ажурирани и усогласени со податоците содржани во „единствената евиденција" и со помошните евиденции кои ги водат одделните организациони единици, по градови.
- сеуште е евидентиран имот кој е отуѓен или за кој е одземено правото на користење, кој согласно податоците во помошните евиденции е срушен и слично, а за истиот иако реално не постои, сеуште се прават трошоци за осигурување.



Деловен простор - поранешна барака од 181 м2, кој сè уште е во евиденција на АДИССПДП, иако истиот физички не постои.

**АДИССПДП стопанисува со 1.163 деловни објекти** од кои подружниците Скопје со 413, Битола со 405, Куманово со РЕ Крива Паланка – 151 објект, а со преостанатите 198 објекти располагаат другите девет подружници при што 51% од објектите на АДИССПДП не се издадени под закуп.

Податоците од помошната евиденција упатуваат **дека 51% од деловен простор се третира како „спорен“** поради нерешени имотно-правни спорови, бесправно користење или неосновано запишани права на сопственост од други правни и физички лица, срушени и руинирани објекти, како и објекти кои се отуѓени или за кои е иземено правото за стопанисување, а сеуште се водат во евиденцијата на Друштвото.

**АДИССПДП** стопанисува и со **службени станови** за кои е доделено **право на користење на избрани и именувани лица**, како и службени лица кои вршат посебни должности во државните органи. Заклучно со 2023 година, од вкупно 86 корисници на службени станови, **33 корисници не ги исполнуваат условите за користење на доделените службени станови. Контрола на користењето** на службени станови не е направена после 2019 година.

**АДСДП стопанисува со 1.171 објекти** преку Дирекција и два Регионални центри со работни единици низ повеќе градови во државата, од кои со 288 објекти стопанисува регионален центар Скопје и р.е. Битола со 257, при што 43% од објектите не се издадени под закуп. Функционалноста на не издадениот деловен, со кои располага АДСДП се прикажани во следниот графикон.

%

ФУНКЦИОНАЛНА СОСТОЈБА НА НЕИЗДАДЕН ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА АДСДП



Систем за известување, мониторинг и евалуација на управувањето и стопанисувањето со државниот недвижен имот.

Не се вршат доволно анализи за идентификување на нефункционалниот деловен простор, за можните алтернативи за отуѓување и информирање на Владата за понатамошно постапување со истиот.



АДИССПДП – Објект во Скопје



АДИССПДП –Објект во Прилеп

Недостасува ефикасен механизам за споделување на информации меѓу надлежните институции, за обезбедување на релевантни податоци за навремено идентификување на проблемите и спроведување на корективни одлуки за ефикасното управување со недвижниот имот.

Друштвата немаат воспоставено ефикасен начин за информирање на јавноста: **веб страните не содржат** целосни и ажурирани податоци за целокупниот деловен простор кој е слободен за издавање.

Годишните извештаи за работата на друштвата н**е содржат податоци за физичката и функционалната состојба на деловниот простор**, како и информации за проблемите со кои се соочуваат друштвата, што оневозможува Владата на РСМ да носи конкретни одлуки.

По барање на Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата, во 2019 година од страна на АДИССПДП доставени се податоци за состојби со слободниот деловен простор, изјавена потреба за простор од државните органи, и други информации, по кои Владата на РСМ понатаму нема донесено заклучоци со конкретни задолженија на Друштвата, кои ќе придонесат за рационално и ефикасно стопанисување со државниот деловен простор.

Во извештајот истакнавме дека почнувајќи од 2025 година МФ ќе има обврска да дава предлог Годишна програма за продажба на нефинансиски средства до Владата, која ќе биде надлежна за управување со истите, односно користење на средства, нивно одржување, продажба и закуп. Исто така, МФ ќе има обврска да подготви и консолидиран биланс на состојба на државата и на општините, како составен дел на Завршната сметка на Буџетот на државата. Во таа насока, МФ има отпочнато активности за воспоставување на Интегриран информациски систем за управување со јавни финансии (ИФМИС) кој би требало да содржи и модул кој би го олеснил начинот на изготвување на наведениот биланс на состојба за што е потребно поголемо координирање на активностите меѓу државните органи и институции кои користат и располагаат со државен имот за обезбедување на целосни, точни и релевантни информации за истиот.

## 5.2.5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЕУ ФОНДОВИ И СРЕДСТВА ОД ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА




Ревизијата на тема **“Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку Буџетот на Република Северна Македонија, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централната власт и локалната самоуправа“** како ревизија на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година. Целта на извршената ревизија беше да се даде одговор на прашањето **„Дали постојната структура и реализација на капиталните инвестиции во Република Северна Македонија обезбедува одржлив и инклузивен раст и подобар квалитет на живот на граѓаните? “**

Со ревизијата на успешност опфатени се ефектите од планирање и реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија и проектите за јавни инвестиции предвидени во програмските документи на Владата на Република Северна Македонија во следните сектори:

- сектор транспорт,
- сектор животна средина ,
- сектор здравство,
- сектор земјоделие - водостопанство, и
- проектот за изградба на инфраструктурен патен Коридор 8 и Коридор 10д.

Ревизијата има додадена вредност и преку информирање на Собранието за начинот на управување со капиталните инвестиции, како и за изложеноста на јавните финансии на фискални ризици поврзани со алокација и трошење на јавните пари за капитални инвестиции.

Структурата и реализацијата на капиталните инвестиции во Република Северна Македонија имаат високи фискални ризици за нивната реализација и се доведува во прашање исполнувањето на стратешката цел на Владата за остварување на одржлив и инклузивен раст и подобар квалитет на живот на граѓаните.

Прикажаните капитални расходи во Буџетот на Република Северна Македонија не се целосни и не даваат јасен и објективен приказ за износот на јавните инвестиции во Република Северна Македонија.

Во Буџетот не се прикажаните јавни инвестиции од ЈП за државни патишта кое што не е во согласност со најновите методологии за владина статистика и има за ефект нецелосно прикажување на капиталните инвестиции во Буџетот на Република Северна Македонија.

Во наративниот дел од Буџетот на Република Северна Македонија за годините 2021, 2022 и 2023 година наведено е дека предложениот Буџет е во согласност со златното правило во јавните финансии според кое: „капиталните расходи се повисоки од буџетскиот дефицит, односно наведено е дека ќе се позајмува само за финансирање на инвестициски проекти“. Ова правило е остварено само во 2023 година во која реализираните капитални расходи се поголеми од вредноста на буџетскиот дефицит.

во 000 денари

## СООДНОС НА КАПИТАЛНИТЕ РАСХОДИ И ДЕФИЦИТОТ ПО ГОДИНИ

**Извор: Министерство за финансии**




Системот за управување со јавни инвестиции не е воспоставен, а процесот на планирање, приоретизирање и алоцирање на средствата во Буџетот за јавни инвестиции не е соодветно дефиниран со тековниот Закон за буџетите со цел алоцирање на јавни средства за најприоритетни инвестиции.

Во септември 2022 година, донесен е нов системски Закон кој ги следи трендовите и препораките на меѓународните финансиски институции.

Во тек се сеопфатни  реформи на управување со јавните финансии, а во Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2022-2025 предвидени се мерки за зајакнато управување со јавните инвестиции со цел подобрување на планирањето, алокацијата и реализацијата на јавните инфраструктурни проекти со постепено воведување на реформи со кои ќе се подобри ефикасноста на практиките за управување со јавни инвестиции.

Иако се планирани, сеуште не се воспоставени организациони единици за поддршка на инфраструктурните проекти во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и за следење во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, одговорен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции.

Не постои надзор над целокупното портфолио на јавни инвестиции на национално ниво, поради што не се следи и не се управува со целокупниот фискален ризик во реализацијата со цел навремено преземање на  корективни мерки и намалување на можностите за идни финансиски импликации.

Системот на управување не е единствен и целосен односно истиот е фрагментиран по проекти и по начин на финансирање.

Не постои единствена база на проекти од која може да се видат јавни инвестиции и стратешки проекти кои се реализираат, нивната вредност, динамика на реализација, начинот на финансирање, видот на градба и други податоци и информации кои би служеле за процени и анализи за потребите на државата.

Од  дваесет и четири (24) ревидирани проекти со вредност од 3,950 милијарди евра, за деветнаесет (19) проекти склучени се договори за градба со вредност од 2,744 милијарди евра, а за пет (5) проекти иако подготовките се започнати пред повеќе години сеуште нема склучено договори за градба. Склучените договори за (19) деветнаесет проекти е во вкупна вредност од 2,744 милијарди евра,  а реализација е во вредност од 941,8 милиони евра.  Само (1) еден проект од ревидираните е завршен. Од  деветнаесет (19) проекти за кои се склучени договори за шест (6) има застој поради следното:

- за (4) четири проекти раскинати се договорите, од кои за (3) три има меѓународна арбитража и побарување за штета во вкупен износ од 45,5 милиони евра, и
- за (2) два проекти постои неизвесност поради изминат рок на градба, а не склучени нови анекси кон постојните договори за градба.

## Проект изградба на Пречистителна станица за отпадни води на град Скопје



Индикативна вредност
**136 милиони евра**

физибилити студија
**2019 година**

Нова проценета вредност
и склучен договор
**185,70 милиони евра**
март 2023 година

Реализација на договор
**10 милиони евра**

## Проекти во ИПА II сектор **животна средина и климатски акции**

| ПРОЕКТ | ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ ВО МИЛИОНИ ЕВРА | | СКЛУЧЕН ДОГОВОР ВО МИЛИОНИ ЕВРА | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОР ВО МИЛИОНИ ЕВРА | | ПОБАРУВАЊА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализациона мрежа во Општина Битола“ | 27,86 | план за јавни набавки 2023 | 0 | 0 | | |
| "Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово" | 30,12 | билатерален договор, декември 2023 | 0 | 0 | | |
| „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа за Општина Кичево“ | 16,07 | склучен договор, декември 2023 | 16,07 | 0 | | |
| "Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје" | 9,68 | склучен договор во 2017 година | 9,68 | 7,10 | меѓународна **АРБИТРАЖА** 2022 година | ? |
| „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад за источен и североисточен регион“ | 26,10 | план за јавни набавки 2023 | 0 | 0 | | |

## СЕКТОР ТРАНСПОРТ



**Проекти во ИПА II**

Коридор Xd "Изградба на нова патна делница Градско Дреново како дел од патен Кордор Xd"

Склучен договор (2017 година)
**24,74 милиони евра**

рок за градба **јули 2023** година

Реализација на договор
**16,80 милиони евра**

неизвесност поради изминат рок на градба
не се склучени нови анекси

Коридор VIII „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка граница со Република Бугарија како дел од Коридор VIII, фаза 3“

Проценета вредност
**560 милиони евра**

Нова проценета вредност со ГАП анализа, информација на Влада јуни 2023

Изградба на Коридор VIII кон исток, железничка инфраструктура -фаза 1

Склучени договори со прв изведувач, спогодба за раскинување со прв изведувач и договор со втор изведувач
**78,20 милиони евра**

Реализација на договор **58,73 милиони евра**

Изградба на Коридор VIII кон исток, железничка инфраструктура -фаза 2

Склучен договор (2022 година)
**155 милиони евра**

Реализација на договор
**17,77 милиони евра**

Коридор X - Проект за подобрување на железничката пруга на Коридор X

**12,78 милиони евра**
Реализиран проект



## СЕКТОР ТРАНСПОРТ

Изградбата на Автопат 2,
**патна делница Кичево Охрид**
Коридор VIII кон запад



Склучен договор
**589,18 милиони евра**
Реализација на договор
**466,47 милиони евра**



### Изградба на експресен пат **Ранковце - Крива Паланка** (источен Коридор VIII)

во милиони евра

| | Склучен договор | Реализација на договор |
|---|---|---|
| Лот 1 | 49,58 | 26,17 |
| Лот 2 | 37,73 | 33,95 |

### ТЕН- Т – проект за за автопат од Скопје до граница со Косово

во милиони евра

| | Склучен договор | Реализација на договор |
|---|---|---|
| Фаза 1 | 29,72 | 14,40 |
| Фаза 2 | проценета вредност 197,98 | нема склучен договор |

### Изградба на регионален пат Р2138 во врска со регионален пат Р2134 со **населба Сончев Град**

**6,70 милиони евра**
Реализиран проект

Изградбата на патот е завршена пред 6 години не е пуштен во употреба поради неодобрени измени во тек на градба и непродолжување на рокот на одобрението за градење.

### Изградба на инфраструктурен Коридорот 8 и Коридорот 10 д

| Склучен договор | Реализација на договор |
|---|---|
| 1.319,02 | 206,67 |

во милиони евра

## СЕКТОР ЗДРАВСТВО

Проект „Рехабилитација на здравствени установи
во Република Македонија“ Фаза II
(компонента 1 и компонента 2)

| ПРОЕКТ | СКЛУЧЕН ДОГОВОР ВО МИЛИОНИ ЕВРА | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОР ВО МИЛИОНИЕВРА | | | ПОБАРУВАЊА ВО МИЛИОНИ ЕВРА |
|---|---|---|---|---|---|
| Компонента 1 - Изградба и модернизација на Клинички Центар Мајка Тереза | 95,50 | 0 | **раскинат договор август 2018** | меѓународна **АРБИТРАЖА** 2022 и 2023 година | 23,50 |
| Компонента 2 - Изградба на Регионална болница во Штип | 42,62 | 12,99 | **раскинат договор јуни 2023** | меѓународна **АРБИТРАЖА** 2024 година | 22,00 |
| Реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево прва и втора фаза | 7,86 | 2,97 | **раскинат договор ноември 2023** | Проект во застој поради раскинат договор | |

## СЕКТОР ВОДОСТОПАНСТВО

во милиони евра

| | Склучен договор | Реализација на договор |
|---|---|---|
| Изградба на Брана Конско | 44,98 | 36,29 |
| Брана Речани | 31,39 | 6,74 |
| ХСМ Равен Речица | 14,85 | 12,15 |

## ПРОЕКТИ ОД СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА

Проектот за изградба на Пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје е најголема инвестиција од областа на животна средина за кој од државата обезбедени се средства во износ од 196 милиони евра, и доделени се ЕУ средства во вредност од 69,7 милиони евра.

Иако се обезбедени средства, подготовката на овој проект е започната во 2007 година. Во 2014 година направена е надградба и ажурирање на студијата за изводливост за изградба на пречистителна станица за отпадни води во градот Скопје но и после 10 години проектот не е подготвен за физичка реализација.

Управување со овој стратешки проект не е ефикасно, не е постигната целта за спроведувањето на законските обврски и постигнувањето на стандардите особено во делот на Директивата за одведување и пречистување на комуналните отпадни води (91/271/ЕЕС) и Директивата за вода за пиење (98/83/ЕЕС)

## ПРОЕКТИ ВО ИПА ОД СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ АКЦИИ И ТРАНСПОРТ

Во Повеќегодишната акциска програма за Република Северна Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт во ИПА II периодот (2014-2020) програмирани се (7) седум големи проекти со вредност над 10 милиони евра од кои (2) два проекти од областа на транспорт и (5) пет проекти од областа на животна средина.

За овие проекти со проценета вкупна вредност на 715,5 милиони евра, со билатералните договори склучени помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија, доделена е финансиска помош во износ од 179,7 милиони евра

После (10) десет години од програмскиот период, започнато е со реализација на (3) три проекти кои се стопирани или имаат бавна динамика и за кои има декларирани трошоци во вкупен износ од 29 милиони евра.

За (2) два од (3) три проекти кои започнале со реализација постојат и дополнителни фискални ризици од меѓународна арбитража, односно за Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје започната е постапка за арбитража, а за Изградба на патна делница Градско Дреново, Коридор Xd., постои неизвесност за целосна реализација и ризик од арбитража.

За проектот Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Кичево има активен договор за градба кој е потпишан во јануари 2023 година, реализацијата на договорот официјално е започната во март 2023 година, крајниот рок за декларација на трошоците е октомври 2024 година, но процентот на реализација до денот на ревизијата изнесува изразено во проценти 2%.

За (4) четири проекти програмирани по оваа програма постои голема неизвесност за реализација на проектите и ризик од губење на грант средства поради не спроведени тендерски постапки и не склучени договори и тоа:

- Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализациона мрежа во Општина Битола;
- Изградба на пречистителна станица и проширување на канализациона мрежа во општина Тетово;
- Интегриран самодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион; и

Изградба на нова железничка делница Крива Паланка граница со Република Бугарија како дел од Коридор VIII, фаза 3.

Од оваа програма до денот на ревизијата откажани се 79 милиони евра ЕУ средства, а постои голема неизвесност за искористување на останатата финансиска помош поради тоа што Програмата завршува на крајот на 2026 година.

Нискиот процент на апсорпција на средства за големи инфраструктурни проекти покажува дека постојат проблеми во административниот капацитет за управување со структурните фондови на ЕУ во однос на поглавјето 22 - регионална политика, при што постојат фискални ризици по Буџетот на државата и Буџетот на општините поради губење на средства на име грантови за финансирање на проекти од областа на транспорт и животната средина.

## ПРОЕКТИ ОД СЕКТОР ТРАНСПОРТ

За целите за развој на транспортната мрежа меѓу ЕУ и страните на Југоисточа Европа планирани се инвестиции во патната и железничката инфраструктура кои треба да придонесат за рамномерен одржлив развој во однос на економијата, просторната интеграција, влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, како и социјална кохезија.

Проектите за изградба на Коридор VIII од железничка инфраструктура кон исток фаза 1 и 2 започнати се во 1996 година и сеуште не се завршени. Вредноста на овие проекти е зголемена и платени се провизии за неповлечени средства во износ од 4,6 милиони евра поради неисполнети услови за ефективност на заемот во период од седум години, што предизвикуваа неефикасно управување со овие стратешки проекти.



За проектот изградба на Коридор VIII од железничка инфраструктура кон исток, фаза 3, фазата на планирање и подготвување на проектот трае предолго и постои голем ризик од губење на ИПА грант средствата во износ од 60,765 милиони евра и идни фискални импликации поради потреба од обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на државата.

Во исто време нагласуваме дека вредноста на проектот е зголемена, според вредноста во билатералниот договор помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија изнесува 340 милиони евра и до денот на ревизијата вредноста е проценета на 560 милиони евра. Наведената состојба носи висок фискален ризик од економски аспект.

- За проект за изградбата на Автопат 2 патна делница Кичево-Охрид вредноста на договорот за градба со анекс бр.3 е проценета на 589 милиони евра, а првичната вредност изнесувала 411 милиони евра. Проектот и после 10 години не е завршен, а финансиската реализација изнесува 466,4 милиони евра. Рокот за завршување на проектот е изминат на 31.12.2023 година, и постои голема неизвесност од настанување на високи правни и финансиски ризици поврзани со текот на овој проект. Во април 2024 година донесен е Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид согласно кој ќе се склучи Анекс број 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид со краен рок за градба 31.12.2026 година.



- Проектот втора делница ТЕН-Т Проект за автопат од Скопје до граница со Косово не е започнат, истиот се планира повеќе години, а проценетата вредност од 112 милиони евра е зголемена на 198 милиони евра за 10,5 км автопат.
- За проектот - Изградба на регионален пат Р2138 во врска со регионален пат Р2134 со населба Сончев Град ревизијата утврди дека во текот и по завршување на изградбата постојат низа пропусти поради кои патот сеуште не е пуштен во употреба. Ваквото постапување не е во согласност со принципот на добро управување, неможност да се користи јавна инвестиција за која се потрошени јавни средства, а која е во интерес на граѓаните.
- За изградба на инфраструктурен Коридор 8 и Коридор 10д во должина од 108 км и со проценета вредност во износ од 1,319 милијарди евра донесен е посебен Закон со кој се уредени условите и начинот за градба.
- Со компаративна анализа за цената на изградба на Коридор 8 и 10д утврдивме дека во петгодишниот план на Транспортната заедница од април 2022 индикативната вредност наведена за овие делници изнесува 585 милиони евра или 475 милиони евра без делницата Букојчани- Кичево, додека индикативната вредност на градбата според cost benefit анализата/Консултативна стручна анализа, мислење за оправданост/исплатливост за изградба на Коридор VIII и Коридор Xd изработена на 27 декември 2022 година од Градежен факултет изнесува 1.275 милиони евра. Цената на проценетата вредност во договорот е во рамките на cost benefit анализата.
- Наведениот проект планирано е да биде целосно финансиран од Буџетот на Република Северна Македонија. За градбата се применува модифициран црвен FIDIC, нема основен проект поради што и проценетата вредноста на проектот е неизвесна. Постои неизвесност во финансирањето за овој проект поради отсуство на повеќегодишно буџетирање за стратешки проекти и отсуство на проектно финансирање.

## ПРОЕКТИ ОД СЕКТОР ЗДРАВСТВО

Проектите од областа на здравството, изградба на Клинички Центар Скопје, и изградба на Регионална Болница Штип се откажани поради раскинати договори за заем и договори за градба. Поради откажување на овие проекти за кои имало склучени договори по FIDIC правила, и тоа во февруари 2016 за изградба на Регионална Болница во Штип и во мај 2017 година за изградба на Клинички Центар Скопје има високи фискални ризици врз јавните финансии. Проценетата вредност со договорите за градба за Регионална Болница Штип изнесува 42,6 милиони евра, а за Клинички Центар Скопје изнесува 95,5 милиони евра.

Заради раскинување на договорот за изградба на Клинички Центар Скопје и откажување на проектот во текот на 2022 и 2023 година покрената е арбитража со побарувања во износ од 23,5 милиони евра од конзорциумот на изведувачите, а поради раскинување на договорот за изградба на Регионална болница во Штип, проект од големо значење на граѓаните во јануари 2024 година покрената е арбитража од изведувачот со побарувања во износ од 22 милиони евра.

Оваа состојба има за ефект не остварување на стратешките цели определени со националната здравствена стратегија поради откажана изградба на стратешки проекти во терцијалното здравство кое што влијае на квалитетот на животот на граѓаните.





Изградба на нов здравствен објект во Кичево е започната пред повеќе од 25 години. Градбата во текот на 2014 и 2020 година е повторно активирана. Проценетата вредност на проектот изнесува 16 милиони евра, но поради слаба динамика на реализација на договорот со изведувачот во втората половина во 2023 година договорот е раскинат.

## ПРОЕКТИ ОД СЕКТОР ВОДОСТОПАНСТВО

Изградбата на три капитални проекти во водостопанството не е завршена иако е започната активност за реализација на проектите во октомври 2015 година, односно декември 2016 година.

За трите проекти Брана Конско, Гевгелија, Брана Речани на Оризарска река, Кочани и ХМС Равен – Речица, Полог со вкупна договорна вредност од 91 милион евра не биле создадени услови за почеток за градба, спроведена е постапка за јавна набавка на работи и склучен е договор за изведување на градежни работи. Договорите се склучени иако за инфраструктурните градби немало одобрение за градба, не била решена експропријацијата, како и имало потреба од дополнително проектирање поради што и после седум години од склучените договори не се завршени градбите.

За надминување на наведените состојби дадовме препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните институции, а во функција на ефикасно управување со јавните инвестиции со цел завршување на стратешките проекти, и остварување на позитивни ефекти во економијата, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и заштита на животната средина односно остварување на целите за одржлив развој.



# 5.3. ОДБРАНА

## 5.3.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е орган на државната управа надлежно и одговорно за ефективно функционирање на националниот одбранбен систем, сеопфатна поддршка на Армијата на Република Северна Македонија, стратегиско одбранбено планирање, ефикасно управување со одбранбените ресурси, развој на воените способности за спроведување на одбранбените мисии, меѓународна одбранбена соработка, интеграција во НАТО, учество во Европската безбедносна и одбранбена политика и континуиран придонес во меѓународни операции.

Со спроведената ревизија во Министерството за одбрана на финансиските извештаи за 2022 година издадовме 4 извештаи каде се констатирани состојби кои упатуваат на неусогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики и во исто време издаден е посебен извештај кој има степен на класификација.

Во Конечните ревизорски извешти на Овластениот државен ревизор од 2011, 2013 и 2017 година континуирано се известува за **необјективно искажување на вредноста на земјиштето, шумите, градежните објекти и опремата**. Иако ДЗР континуирано дава препораки за надминување на состојбите, утврдивме дека и во 2022 година истите не се променети.

Република Северна Македонија
**Министерство за одбрана**

Имено: во финансиската евиденција постојаните средства имаат сегашна вредност од 1.422.999.880 илјади денари која вредност почнувајќи од 1999 година се пренесува секоја година.

Утврдивме дека иако Министерството има воспоставено **материјална евиденција** за земјиштето, градежните објекти (имотен лист, податоци за површина, локација, намена и слично) и **опремата, истото не располага со релевантни информации за вредноста на истите поради што не е воспоставена финансиската евиденција**.

Во текот на 2022 година, со 6 одлуки од Влада на РСМ, на МО доделени се недвижни ствари на трајно користење кои се евидентирани во материјалната евиденција, но не и во финансиската евиденција, поради отсуство на податоци за нивната вредност.

По препорака на овластениот државен ревизор, за проценка на недвижниот имот во октомври 2019 година МО до Бирото за судски вештачења доставило барање, во период од 2019 до 2022 година да се изврши процена на вредноста на објектите. Бирото за судски вештачења има извршено проценка само на дел од градежните објекти кои Министерството ги дава под закуп.

Напорите што РСМ ги направи за членство во НАТО, но и тековните напори за членство во Европската унија, наметнаа потреба од промени како во модернизацијата на опремата, така и во подобрување на условите за Армијата според НАТО стандардите. За таа цел, неколку години наназад Владата редовно обезбедува средства преку:

- потпрограмата 5Б - Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура-цел- подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на Министерството и Армијата;
- потпрограма ВА-Интеграција во НАТО;
- 1А–Модернизација на Министерството.




Утврдивме дека потрошените средства во вкупен износ од 7.979.735 илјади денари или 129,5 милиони евра Министерството ги прикажува само како капитални расходи, а не и како зголемување на вредноста на постојаните средства.

Министерството располага со софтверска апликација за материјална евиденција на постојаните средства и материјалите на Министерството и Армијата со податоци за количината на средствата и материјалите, локацијата каде истите се наоѓаат, без податоци за нивната вредност. Во март 2021 година склучен е договор за надградба на модулот за материјално работење во износ од 472 илјади денари, со што треба да се овозможи внесување на вредносни показатели на сите средства, но и по извршениот квалитативно-квантитативен прием на надградбата до денот на вршење на ревизијата истиот сеуште не е ставен во функција.

Од месец мај 2022 година, во Министерството започнати се активности за утврдување на вредноста на средствата набавени во последните пет години, која активност сеуште трае.

Овластениот државен ревизор подолг период преку своите ревизорските извештаи известува за активностите на Министерството за воспоставување и имплементација на софтвер – Логистички информациски систем -ЛИС (средствата се обезбедени од донација) кој по својата концепција е софтверска апликација со податоци во однос на долгорочното, среднорочното и годиш-

ното планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството и Армијата, кое решение и во 2022 сеуште не е функционално.

Со извршената ревизија утврдивме состојби кои се однесуваат на: залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар, обврски кон добавувачи и побарувања од купувачите при што истакнуваме дека меѓу другото Министерството не обезбедило вредносни податоци за залихите на крајот на известувачкиот период, обврските се искажани во помал износ од 28.619 илјади денари и не се евидентирани побарувања во износ од 818 илјади денари.

Во извештајот се презентирани состојби кои се однесуваат и на работењето на Воено Медицинскиот Центар- ВМЦ, при што констатиравме дека Министерството остварува приходи по основ на уплата на партиципација од физички и правни лица за извршени здравствена услуги во примарна здравствена заштита и специјалистичко-консултативна здравствена заштита. Одредбите на склучениот договор за пружање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита и специјалистичко-консултативна здравствена заштита на физички и правни лица, со важност од 01.01.2019 до 31.12.2023 година помеѓу ФЗО и ВМЦ не е во согласност со член 68-а од Законот за здравственото осигурување и во исто време утврдени се состојби кои се однесуваат на начинот на располагање и уплата на средствата во готово и начинот на финансирање на дејноста на ВМЦ.

Во делот на приходите кои ги остварува министерството по основ на активности од давање угостителски, хотелски, рекреативни услуги за внатрешни и надворешни лица, издавање под закуп на објекти и други активности, меѓу другото констатиравме дека наплатените парични средства во готово не се уплатуваат во законски утврдениот рок односно истото се врши и со закаснување и до еден месец што е спротивно законските акти.






# 5.4. ОДРЖЛИВИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

## 5.4.1. ПОДГОТВЕНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ДО 2030 ГОДИНА

Извршивме ревизија на успешност на тема **„Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година"**, како паралелна ревизија со ВРИ на Република Србија, со цел да добиеме одговор на прашањето **„Дали институциите и органите на Република Северна Македонија се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој до 2030 година?"**

Опфатот и доказите кои ги обезбедивме по пат на примена на ревизорската методологија и техники, ни даваат основа да го изразиме следниов заклучок:

И покрај добро воспоставената стратешка и институционална рамка за спроведување на обврските од Агендата 2030, поради одредени слабости во: структурата на управување, процедурите, административните капацитети, комуникацијата и информирањето, финансирањето и системот за мониторинг, ***институциите и органите на Република Северна Македонија делумно се подготвени за спроведување на Целите на одржлив развој до 2030 година.***

Постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој. Имајќи во предвид дека Националната стратегија за одржлив развој (НСОР) не е ревидирана и во целост приспособена согласно целите и индикаторите на Агендата 2030, во фаза на подготовка е Национална развојна стратегија. Секторските стратешки документи во главно ги рефлектираат насоките и принципите предвидени со ЦОР, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е на ниво од **83%**, односно **95%** доколку се земе во предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции.



## ПОКРИЕНОСТ НА ОДДЕЛНИТЕ ЦОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Воспоставената организациска и имплементациска рамка за постигнување на одржливиот развој, го застапува интегрираниот пристап, но нејзината функционалност е во доволна мера попречена од слабите административни капацитети, недостатокот на сите предвидени тела за поддршка и процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности. Отсуствува редовна институционална комуникација и координација на различните нивоа на владини активности за **идентификување и меѓусебно поврзување на целите/таргетите** во насока на интеграција на меѓу секторските политики, а честите промени во раководењето на **Националниот совет** влијаат врз континуитетот и конзистентноста на управувањето кон остварување на стратешките цели.

## ВОСПОСТАВЕНИ КАНАЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ




Отсуството на ефикасни канали за комуникација и информирање се главната причина за недоволната вклученост за засегнатите страни и подигање на јавната свест, сметаат испитаниците од спроведеното истражување. Имено, само 5% од нив се изјасниле дека се воспоставени канали за комуникација и информирање на засегнатите страни и јавноста, а нивната ефикасност ја оценуваат како делумна, додека 77% од нив сметаат дека не им се дадени доволно можности за активно учество во процесот на прилагодување на националната рамка со ЦОР.

Постојниот начин на финансирање не дава јасна слика за тоа колку од планираните и реализирани буџетски средства се насочени во функција на остварување одделните цели и под цели на одржливиот развој и не овозможува ефикасно следење на резултатите од финансираните активности.

**Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за Рамка за соработка за одржлив развој (РСОР),** претставува добра основа која ги дефинира заедничките квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишниот период на РСОР, но расположливите средства по години не се искористуваат во целост. Во 2021 година, Агенциите на ОН во Република Северна Македонија располагале со средства во вкупен износ од 44,9 милиони долари, од кои искористени се 35,6 милиони долари, односно 79%, а во 2022 година од расположливите 37,4 милиони долари, искористени се 31,3 милиони долари, односно 84%.

## ОБЕЗБЕДЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА 2021 И 2022 ГОДИНА




Следењето и прегледот за напредокот на Република Северна Македонија кон остварување на целите за одржлив развој од Агендата 2030 се врши преку повеќе документи:

- Анализа за утврдување недостатоци,
- Брзата интегрирана проценка,
- Доброволниот национален преглед и
- годишните извештаи од Заедничкиот управен комитет.

Од глобалната рамка на индикатори, за Република Северна Македонија расположливи се 155 или (63%), и најголемиот дел произлегуваат од програмата за работа на Државниот завод за статистика, додека останатите индикатори се обезбедуваат од други релевантни институции. Не воспоставениот систем за прибирање и следење на податоците од повеќе институции, **не го олеснува процесот на известување како поддршка на механизмот за отчетност.** Во таа насока, **недостасува платформа** на веб страната на Државниот завод за статистика, со која ќе се овозможи податоците и метадата информации и изворите на информации за ЦОР, како и индикаторите да бидат континуирано мониторирани.

Успешноста во однос на постигнување на целите за одржлив развој по индикатори се поставени на следниот линк:

https://dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia.





# 5.5. ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

## 5.5.1. ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2022 година, при што утврдени се повеќе состојби и тоа како што следува:

ФЗОРСМ
FSSHRMV

- слабости во функционирањето на **ИТ** системот на Фондот поради отсуство на ИТ стратегија, недостиг на ИТ кадар и застарена серверска структура, што резултирало со сајбер напад на ИТ системот на Фондот;
- со цел **ЈЗУ** да можат да обезбедат здравствени услуги кои се дефицитарни поради скапата терапија и методи на лекување, постои законска можност во рамки на годишниот договорен надоместок да се вклучи условен надоместок за набавка на нови генерации на лекови за третман на определени заболувања. Издвоените средства за условен надоместок во 2022 година изнесуваат 1.721.002 илјади денари за 24 ЈЗУ и истите бележат континуиран раст, детално прикажан на следниот Графикон.



во 000 денари

УСЛОВЕН НАДОМЕСТОК
ЗА ПЕРИОД ОД
2017 ДО 2022 ГОДИНА




Реализацијата на условниот надоместок во ЈЗУ нецелосно се следи од Фондот и не се вршени финансиски контроли на наменското трошење на средствата, на набавката и евиденцијата на лековите и на извршените здравствени услуги за 2022 година. Утврдените состојби укажуваат на слабости во планирањето, реализацијата и контролата на условниот надоместок и влијаат на остварувањето на целите заради кои е одобрен условен надоместок;

- во постапката за упатување за лекување во странство на осигурените лица постојат слабости и неправилности, при што не е обезбедена соодветна правна заштита на барателите и не е воспоставена контрола и систем на следење на успешноста на лекувањето во странство. Побарувањата за дадени аванси за лекување во странство нецелосно се евидентирани и не се воспоставени соодветни контроли за потврдување на фактурите од странските болници, што резултирало со тужбени барања;
- контролните активности за вршењето на здравствените услуги во здравствените установи не се соодветно воспоставени или спроведени, поради што не е обезбедено целосно потврдување на фактурите за извршени здравствени услуги. Непостоењето на единствен интегриран систем за издавање упати, лекарски извештаи и пресметки за извршени здравствени услуги, кои се основа за изготвување на месечни фактури/извештаи создава ризик од пропусти и грешки. Во услови на ограничени кадровски капацитети нема можност за целосна контрола на ПЗУ на кои во 2022 година им се исплатени вкупно 3.362.245 илјади денари. Според презентираните податоци за извршени контроли во 2022 година во делот на болничка здравствена заштита, утврдивме дека во 80 од вкупно 86 контроли се утврдени неправилности, при што повеќето контроли се извршени во ЈЗУ, иако тоа нема значајно влијание на висината на надоместокот што го плаќа Фондот, за разлика од контролите кај ПЗУ кои треба да обезбедат потврдување на видот и обемот на фактурираните здравствени услуги што влијае на висината на исплатениот надоместок. Извештаите за извршени контроли се доставени до комисијата за договорни казни, но нема целосни информации за постапување по истите и за изречени договорни казни;

- по основ на фактури за издадени лекови на рецепт во текот на 2022 година на ПЗУ аптеки се исплатени вкупно 2.818.726 илјади денари, при што системските и мануелните контроли во процесот на препишување и издавање на лекови не се соодветно воспоставени и спроведени и постои ризик од плаќање на фактури за рецепти во вид и обем различен од реалниот. По утврдени двојно фактурирани рецепти од страна на ревизијата, Фондот има преземено активности за системски проверки со кои се откриени вкупно 65.609 спорни рецепти издадени во период од 2021 до 2023 година во вкупна вредност од 6.138 илјади денари. Утврдивме дека по побарана повторна контрола на спорните рецепти во 2022 година евидентирани се книжни писма и извршено е намалување на фактурите од аптеките за само 4% од вкупниот спорен износ. Покрај тоа преземени се и активности во насока на вградување на одредени нови системски контроли на фактурираните рецепти и извршена е измена на интерниот акт со која што е зголемен репрезентативниот примерок за мануелна контрола на рецептите, но овие контроли и понатаму имаат ограничен делокруг и не се доволно ефикасни, имајќи предвид дека просечно месечно се издаваат над 2 милиони [6] рецепти. Иако од 2021 година се започнати активности за воспоставување на систем еРецепт кој треба да овозможи целосна контрола во процесот на издавањето на рецепти и лекови и фактурирањето кон Фондот, истиот до денот на ревизијата не е имплементиран;
- имотно правниот статус на дел од градежните објекти и земјиштето е нерегулиран, нецелосно е утврдена вредноста на недвижниот имот и истиот не е целосно евидентиран во деловните книги;
- во спроведувањето на постапките и реализацијата на договорите за јавни набавки констатирани се неправилности, односно дел од договорите не се склучени во законски предвидениот рок, а при набавките на опрема и услуги за ИТ системот на Фондот нема доволно конкуренција.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:

- отсуство на целосни информации за побарувањата по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување и крајно неизвесна наплата на побарувањата кои настанале заклучно со 31.12.2008 година,
- неизвесност за крајниот исход на судските постапки во кои Фондот се јавува како тужена страна и тужител;
- не ажурирани референтни цени за здравствени услуги кои паѓаат на товар на Фондот.

Во делот Клучни ревизорски прашања известуваме за начинот на плаќање на извршените услуги на здравствените установи, укажувајќи дека не е обезбедено вистинско купување на услуги предвидено со Законот за здравственото осигурување. Фондот, во рамки на утврдениот буџет, наместо да ги надоместува извршените здравствени услуги е принуден да обезбеди средства за целосно функционирање на сите ЈЗУ, при што 2/3 од нив имаат статус на неодржливи, поради реализиран значајно помал обем на услуги во однос на договорениот надоместок.

Во делот Останати прашања известуваме дека листата на лекови на товар на Фондот не е ажурирана а Националната стратегија за е-здравство не е усвоена.

[6] Според Годишниот извештај на Фондот за 2022 година реализирани се вкупно 25.013.389 рецепти;

## 5.5.2 ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

3 ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година беа опфатени три јавни здравствени установи од областа на секундарна и терциерна здравствена заштита и тоа:

- ЈЗУ Клиничка Болница др. Трифун Пановски Битола,
- ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести и
- ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести.

Со извршените ревизии на финансиските извештаи и ревизиите на усогласеност за 2022 година на претходно наведените ЈЗУ беа утврдени состојби кои во најголем дел се повторуваат и во претходните годишни извештаи кај други јавни здравствени установи а се однесуваат на:

- неправилности во спроведениот попис на средствата и обврските;
- неправилности во евидентирањето и следење на потрошокот на лекови и други медицински материјали;
- разлики во пресметана и наплатена партиципација, односно непреземени активности за навремена наплата на побарувањата за извршените здравствени услуги и необезбедена комплетност на приходите за извршени здравствени услуги;
- слабости во организација на работното време што овозможува несоодветно определување на должината на работното време и висината на надоместоците кои ќе се исплатат за определени вработени како и несоодветна исплата на плата и надоместоци на плата;
- необезбедени законски задолжителните термини за вршење здравствени услуги преку Мој термин;
- **необезбедено доследно почитување на** одредбите на Законот за јавните набавки во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и следењето на реализацијата на склучените договори и
- слабости во внатрешните контроли во дел од работните процеси во ЈЗУ.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**, ревизијата известува за:

- Набавен линеарен акцелератор од страна на Министерството, за потребите на ЈЗУ Клиничка болница Битола во 2012 година во износ од 100.015 илјади денари, кој до денот на вршење на ревизијата не е ставен во употреба, од причина што не располага со соодветен кадар и дополнителна опрема потребна за функционирање на истиот.
- На ЈЗУ УК за детски болести регистрирани се помеѓу 130 и 140 пациенти кои боледуваат од цистична фиброза, а обезбедените средства, до ноември 2023 година, се доволни за набавка на терапија за само 15 пациенти. Ревизијата е на мислење дека во услови на ограничен буџет и ограничен број на пациенти на кои им се дава терапијата, постои ризик од субјективизам при изборот на пациенти кои ќе бидат вклучени на терапија, поради што е потребно Клиниката во соработка со Фондот и Министерството да преземат активности за обезбедување на средства со цел вклучување на оваа терапија на сите пациенти за кои постојат докази дека ги исполнуваат медицинските критериуми, потврдено од лекарски конзилиум и стручен колегиум;
- На ден 31.12.2022 година ревидираните ЈЗУ имаат ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 148.753 илјади денари, кои потекнуваат во периодот од 2009 до 2022 година. Наведеното

има влијание врз финансиската состојба на ЈЗУ и квалитетот на услугите што се даваат на граѓаните и создава ризик од застарување на побарувањата, поради што ревизијата укажува дека е потребно ЈЗУ во соработка со Министерството да изнајдат решение за надминување на состојбата со ненаплатените побарувања.

Во делот Останати прашања, ревизијата известува дека:

И покрај постоењето законска обврска на Министерството за здравство за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на јавните здравствени установи, истите не се во функција. Потребно е преземање на активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на истите.

Потребно е преземање активности од страна на министерот за здравство за донесување акт со кој ќе се утврди видот на трошоците кои можат да бидат вклучени во надоместокот при склучување на спогодба за непрекинато вршење на здравствена дејност помеѓу ЈЗУ согласно член 221 од Законот за здравствена заштита, имајќи предвид дека различни ЈЗУ на различен начин го уредуваат овој процес.



## 5.5.3 КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ЗА РАДИОЛОШКА ДИЈАГНОСТИКА СО МАГНЕТНА РЕЗОНАНЦА

3 ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

**Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ со цел да се даде одговор на прашањето „Дали на осигурениците им се достапни навремени и квалитетни здравствени услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца-МР?“ во периодот од 2019 година до 2022 година.**

Утврдивме дека и покрај остварениот напредок во поглед на обезбедување на седум нови апарати за МР во јавното здравство во последните три години, истите **не се доволно искористени,** а донесените политики и преземените мерки и активности од надлежните институции и здравствените установи не секогаш обезбедуваат достапни и квалитетни здравствени услуги со МР за осигурениците.

ОБЕМ НА УСЛУГИ/
БРОЈ НА АПАРАТИ
период 2017-2022




**Обемот на услуги во 2022 година е** на приближно **исто ниво како и во 2017 година**, иако **бројот на апарати за МР** во јавното здравство **од 7 е удвоен на 14**.

Годишниот просек на извршени 2,800 услуги по апарат, е под просекот на европските држави кој се движи од 4 до 9 илјади снимања годишно по апарат.

Во електронската листа објавени се вкупно 110.466 слободни термини за МР, од кои се закажани 83%, а искористени 56% односно извршени се 61.987 прегледи за кои е издаден специјалистички извештај. Постојат значајни отстапувања на бројот на објавени термини во однос на пропишаните, како резултат на дефекти на апаратите за МР и намален расположлив кадар, како и поради Ковид 19 кризата во 2020 и 2021 година.

Воспоставена е пракса за неосновано и неоправдано упатување за снимање со МР од страна на специјалистите, за што од Министерството за здравство не се преземени мерки за санкционирање. Ваквите состојби влијаат осигурениците не секогаш да можат да добијат термин за преглед и да ги остварат правата од задолжителното здравствено осигурување во јавното здравство, поради што, не ретко користат услуги во приватното здравство, за кои пак надлежните институции немаат податоци.

Дел од ЈЗУ немаат воспоставено централен систем за архивирање на снимки -ПАКС систем, поради што не може да се потврди вкупниот број на извршени снимања, особено што не се воспоставени ефикасни контроли за процесот на снимање и евидентирање. Само во три ЈЗУ се вршат снимања со МР за сите видови дијагностики, а во останатите поради недоволно обучен кадар и/или неисправни коили (антени) се вршат само одредени снимања.

Според добиените податоци од Мој Термин, во период од 2019 до мај 2023 година евидентирани се вкупно 92.533 прегледи, во кои се вклучени реализираните прегледи со издаден извештај и прегледи за кои не е издаден извештај, во редовен термин и без термин, по ЈЗУ прикажани во следниот графикон:

ОБЕМ НА УСЛУГИ/
БРОЈ НА АПАРАТИ
период 2017-2022



| | УИ за Радиологија | ЗД Скопје | КБ Битола | ГОБ 8- ми Септември | КБ Штип | УК Св. Наум Охридски | КБ Тетово | СБ Св. Еразмо | ОБ Струмица | ОБ Прилеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прегледи во редовен термин со издаден извештај | 15.654 | 19.154 | 8.988 | 2.876 | 6.102 | 3.984 | 2.872 | 1.042 | 1.315 | 0 |
| Приоритетни, итни и сервисни прегледи со издаден извештај | 12.436 | 11 | 1.846 | 226 | 911 | 2.166 | 746 | 600 | 80 | 0 |
| Прегледи во редовен термин и без термин за кои не е издаден извештај | 2.323 | 33 | 4.313 | 3.582 | 164 | 633 | 14 | 271 | 179 | 12 |

Според податоците од Мој Термин, за 12% од вкупниот број извршени прегледи не е издаден извештај, од кои 90% се однесуваат на три ЈЗУ, а една ЈЗУ нема напишано ниту еден извештај во Мој Термин. Овие ЈЗУ не вршат континуирана и целосна синхронизација на податоците од интерниот болнички софтвер со Мој Термин, поради што дел од издадените специјалистички извештаи се креирани надвор од Мој Термин.

Од вкупниот број евидентирани прегледи во Мој Термин, 21% се реализирани надвор од редовните термини како приоритетни, итни и сервисни прегледи, од кои најголем дел или 86% се реализирани во три ЈЗУ во Скопје и Битола кои имаат зголемен број на пациенти по овој основ. Во услови на зголемен притисок на овие ЈЗУ постои ризик прегледите со МР да се вршат со пократко времетраење од потребното, што влијае на квалитетот на здравствените услуги.

За период од 2019 до мај 2023 година, од ЈЗУ добиени се податоци за извршени вкупно 114.181 услуги за снимање со МР во вкупен износ од 747.873 илјади денари (околу 12 милиони евра) и фактурирани пресметки кон Фондот за здравствено осигурување за 100.662 пакети на здравствени услуги во вкупен износ од 666.658 илјади денари (околу 10,8 милиони евра), додека за истиот период од податоците од Мој Термин покажуваат вкупно 92.533 извршени услуги со МР.

Од страна на ЈЗУ прикажани се 25.632 извршени услуги повеќе од податоците во Мој Термин за кои нема доказ дали е напишан извештај, што влијае на остварувањето на правата за пациентите и квалитетот на извршените услуги. Во исто време од ЈЗУ и во Мој Термин прикажани се 17.503 извршени услуги повеќе од фактурираните пакети кон Фондот за кои нема доказ дали и на кој начин е извршена наплатата за услугите во вредност од 114.645 илјади денари (околу 1,8 милиони евра), при што можниот изгубен приход на ЈЗУ по основ на партиципација од пациентите изнесува најмалку 12.252 илјади денари. Во отсуство на ефикасни контроли горенаведените не совпаѓања не се детектирани како од ЈЗУ така и од страна на Фондот.

Услугите извршени како дополнителна дејност не се закажуваат преку електронската листа и не се евидентираат во Мој Термин. Цените за овие услуги се за 47% повисоки од цените за услуги извршени за странци и за вршењето на истите не се доставуваат писмени извештаи од страна на здравствените работници до установата.

По основ на одржување и сервисирање на апаратите, ЈЗУ имаат платено 75.495 илјади денари (околу 1,2 милиони евра) за вкупно 49 интервенции, по модел на апарат прикажани на следниот графикон:

| | БРОЈ НА АПАРАТИ | БРОЈ НА ДЕФЕКТИ | БРОЈ НА РЕДОВНИ СЕРВИСИ | % НА УЧЕСТВО НА ТРОШОЦИ ЗА ОДДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ |
|---|---|---|---|---|
| SIEMENS | 4 | 25 | 4 | 57% |
| PHILIPS GYROSCAN | 1 | 10 | / | 10.1% |
| GE SIGNA | 3 | 9 | / | 32.5% |
| PHILIPS INGENIA | 1 | / | 1 | 0,4% |

Дел од ЈЗУ редовно планираат и спроведуваат постапки, додека дел склучуваат договори за одржување и сервисирање на апаратите и набавка на резервни делови само по утврден дефект, што влијае на достапноста на услугите со МР.

По основ на склучени спогодби за вршење здравствени услуги во 4 ЈЗУ, кои немаат сопствен кадар за читање на МР снимки, исплатени се 9.156 илјади денари. Постојат значајни разлики во начинот на ангажирање и висината на надоместокот за докторите, како и отсуство на контроли и нерегуларности во начинот на утврдување и потврдување на ангажманот и исплатите за истиот, што влијае на економичното и рационално трошење на јавните средства.

За надминување на наведените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните институции, а во функција на обезбедување ефикасно користење, достапност и соодветен квалитет на здравствените услуги со магнетна резонанца.





# 5.6. ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ, БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

## 5.6.1. ЕФЕКТИВНОСТА НА НАЦИОНАЛНИОТ ПОРТАЛ ЗА Е-УСЛУГИ

Извршивме ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Ефективноста на националниот портал за е-услуги“, со цел да одговориме на прашањето „Дали со дигитализација на услугите, за граѓаните ќе се обезбедат ефикасни, целосни, квалитетни и електронски услуги со пониски цени?“

Ревизијата е спроведена во соработка со ревизорите од Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка.

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази стекнавме разумно уверување дека надлежните органи и институции делумно се посветени кон активностите за дигитална трансформација и овозможување на електронски услуги за граѓаните. Процесот на дигитализацијата на услугите е бавен, односно 140 закони заедно со Законот за општа управна постапка сè уште не се усогласени со пакетот закони за дигитализација.

Надлежните институции и органи имаат недостатокот на искусен и квалификуван ИТ кадар што доведува до зголемување на ризикот за реализација на активности во делот на дигитализацијата. Институциите не ги ажурираат податоците, односно дел од номинираните лица за оператори и верификатори на електронските услуги во каталогот на услуги не се повеќе во институциите, а дел се евидентирани со приватни електронски адреси. Одредени институции самостојно развиваат е-решенија, без интеграција на истите со националниот портал за е-услуги, што резултира со нерационално користење на ресурсите. Слабата заинтересираност на граѓаните, недоволната промоција на порталот и електронските услуги преку медиумите и социјалните мрежи, еднаквите цени на електронските и хартиените документи предизвикуваат за две години, бројот на регистрирани корисници на Националниот портал да се зголемил за 70.000, додека бројот на поднесени барања за електронски услуги се зголемил за 40.000, или само 0,556 поднесени барања по регистриран корисник. Преку националниот портал за 4 години реализирани се приближно 65.000 електронски услуги.



## ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА БАРАЊА ПО РЕГИСТРИРАН КОРИСНИК




Имајќи ги во предвид вложените финансиски средства во развојот и одржувањето на националниот портал во износ од 829.167 илјади денари од Буџетот и ИПА проекти, бројот на регистрирани корисници (112.657) на порталот и бројот на побарани 64.700 е-услуги произлегува дека цената на една реализирана е-услуга преку националниот портал изнесува 12.815 денари.

Министерството за информатичко општество не преземало активности за информирање на граѓаните и бизнис заедницата за дигитализацијата на процесите кај институциите и електронските услуги што се нудат преку националниот портал.

Преземените обврски за идентификација и елиминација на пречките и бариерите во пристапноста и стандардите за пристапност на интернет, не се имплементирани во целост, а лицата со оштетен вид не се во можност да ги користат електронските услуги преку националниот портал за е-услуги.

ВКУПЕН БРОЈ НА
ОПСЛУЖЕНИ ТИКЕТИ
ПО ЕТУ КАНЦЕЛАРИИ




Дополнително ЕТУ центрите надвор од Скопје не ги постигнале предвидените цели имајќи предвид дека опслужуваат од 0,9 до 146 граѓани месечно по центар, односно 0,2 до 24,33 граѓани по вработен во центарот месечно.

Отежнатиот пристап на лицата со попреченост, издадените 9.568 електронски документи со истечени сертификати, како и отсуство на мониторинг за задоволството на корисниците влијае врз квалитетот и достапноста на електронските услуги, а искористеноста на националниот портал за е-услуги од страна на граѓаните е на ниско ниво.

За надминување на утврдените состојби дадовме препораки со цел забрзување на процесот на дигитализација во државата, воведување на поголем број на електронски услуги, синхронизација на корисничките профили на граѓаните од различни портали со националниот портал, поголема промоција за постоењето и начинот на достапноста на националниот портал е – услуги, пошироко прифаќање на електронските документи и поголема искористеност на националниот портал како централен систем за единствена најава.

## 5.6.2. ЕФЕКТИВНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА ЗАШТИТА НА КРИТИЧНИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ

Извршивме ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи“ со цел да дадеме одговор на прашањето „Дали преземените мерки од надлежните органи обезбедуваат ефикасна и целосна заштита на критичните информациски системи?“

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека надлежните органи и институции не обезбедуваат ефикасна и целосна заштита на критичните информациски системи. Воедно отсуството на правна регулатива во државата од областа на безбедност на мрежи и информациски системи како и потреба од усогласување со директивата на ЕУ НИС2, не ги обврзува институциите за преземање одговорност за мерки за управување со ризици, доделување на улоги и одговорности за сајбер безбедност, обврска за известување по инциденти како и подготвени и тестирани планови за континуитет на нивните услуги.

Отсуството на стратешки документи како сет на активности и мерки, не обезбедува безбедна, отпорна и доверлива дигитална средина која влијае државата да биде безбедно место за он-лине делување и работа со напредни човечки и технички капацитети.

Последната Национална ИКТ стратегија е со важност до 2017 година додека последната Национална стратегија за сајбер безбедност е со важност до 2022 година. И покрај тоа што се подготвени, Нацрт Националната ИКТ стратегија и Нацрт Националната стратегија за сајбер безбедност се уште се наоѓаат во постапка на меѓу институционално усогласување. Кај субјектите недостасуваат одобрени развојни документи, стратегии, акциски планови за управување со ИТ ризици.

Законски и подзаконски акти за дефинирање критериуми и креирање на регистер со оператори на критична инфраструктура (ВИС и КИИ) како и дефинирање на минимални безбедносни мерки и стандарди за заштита на нивните информациски системи не се донесени.

Во ревидираниот период од 2020 до 2022 како и до денот на известување од ревизијата меѓу другото утврдивме дека:

- отсуствува регулатива за задолжителна пријава на компјутерски безбедносен инцидент од страна на институциите до МКД-ЦИРТ;
- начинот на оневозможување пристап до интернет мрежата на инфицирани и малициозни уреди кои се приклучени преку интернет операторите, а кои се извор на малициозни софтвери не е регулиран;
- не се назначени лица за информациска безбедност во институциите како и доволен број на вработени со кој се минимизира ризикот од навремена детекција на закани по информациската безбедност на прифатливо ниво како и преземање на мерки за заштита од истите;
- отсуствува континуирана стручна обука за најновите закани по информациската безбедност како и тестирање за проверка на свесноста меѓу другото и за препознавање на напади за измама на корисниците преку испраќање на лажна порака;
- нема формирани тимови за одговор на компјутерски безбедносни инциденти во доволен број;
- не се врши анализа на ризици со предлог мерки според приоритет на ризиците за нивно намалување, ублажување, пренесување или минимизирање на прифатливо ниво, со точна временска рамка за спроведување на истите;
- не се спроведува континуирана анализа, со цел согледување на реалната состојба и дефинирање мерки и препораки за подигнување на нивото на безбедност, извршување на редовни ревизии за де-

тектирање на грешки и ранливости на безбедноста, развој и периодично тестирање на планови на информациската безбедност во институциите;

- нефункционалноста на Националниот совет за сајбер безбедност ја доведува во прашање ефективноста, ефикасноста и релевантноста во справувањето со современите и идните предизвици за сајбер безбедноста на информациските системи;

- човечките ресурси за превенирање и справување со ИКТ безбедносни инциденти е недоволен, додека кај 40% од институциите не е назначено лице одговорно за информациска безбедност.

За надминување на утврдените состојби дадовме препораки со цел обезбедување доволен број на едуциран човечки персонал и ефикасна и целосна заштита на критичните информациски системи.





# 5.7. ПРАВОСУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

## 5.7.1. ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

**Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и за одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките за јавни набавки и за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.**



Извршивме ревизија на финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година, за сметките на основниот буџет, заедно со ревизија на усогласеност, за кои изразивме позитивно мислење.

Државната комисија во 2022 година постапила по 837 предмети од кои 93% односно 784 се решени, додека останатите се пренесени за решавање во 2023 година, поради некомплетна документација.
Решените предмети во 2022 година, според видот на одлуката донесена од страна на Државната комисија, се прикажани во следниот графикон:

## СТРУКТУРА НА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО 2022 ГОДИНА




Одлуките на Државната комисија се конечни и сите странки се должни да ги почитуваат и да ги спроведат.

По одлуките на Државната комисија може да се покрене спор пред Управниот суд, односно да поднесат жалба до Вишиот Управен суд.

Постапувањето на надлежните судови против донесените одлуки на Државната комисија во 2022 година е прикажана во следниот графикон:

## ПОСТАПУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИ СУДОВИ ПО ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ




Доколку економските оператори чии тужби/жалби се усвоени од страна на Управниот и Вишиот управен суд поведат постапка за надомест на штета (изгубена добивка) таквите состојби во иднина ќе доведат до одлив на средства од Буџетот на државата, што укажува на потребата од должно внимание при носењето на решенијата од Државната комисија по доставените тужби од страна на економските оператори.

## 5.7.2. ПРОЦЕС НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема „Процесот на доделување на договорите за јавни набавки", во АД ЕСМ Електрани на Северна Македонија, АД ТЕЦ Неготино, ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември, ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"–Охрид и Општина Битола.

Предмет на ревизијата беше процесот на доделување на договори за јавни набавки во периодот 2021 и 2022 година кај претходно споменатите субјекти, со цел да се утврди дали истиот се спроведува согласно Законот за јавните набавки и подзаконските акти.

Со опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување ревизорски техники и методологија, добивме разумно уверување да изразиме заклучок дека освен за утврдените слабости во планирањето на потребите за јавни набавки и нивната вредност на годишно ниво и на ниво на постапка за јавна набавка во делот на начинот на оформување на предметот на ЈН, утврдување на сразмерни услови и критериуми во тендерските документации за евалуација и во делот на транспарентноста за спроведените постапки преку објавување на известувања за одделните фази од постапката и измените на договорите преку склучување на анекси, процесот на доделување на договорите за јавни набавки, во сите материјални аспекти е во согласност со законските и подзаконските акти од областа на јавните набавки, во субјектите предмет на ревизија, освен за АД ЕСМ Електрани на Северна Македонија каде изразуваме неповолен заклучок поради значајноста на утврдените состојби.

Процесот започнува со донесување на планот за јавни набавки кој ги содржи вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи и во кој е определен предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка, по што следи спроведувањето на планираните јавни набавки и завршува со доделување на договор. Постапката треба да се спроведе согласно законските одредби во насока на обезбедување економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства, конкуренција и еднаков третман на економските оператори.

Во делот на годишното планирање на јавните набавки утврдивме дека:

- Годишните планови за јавни набавки за 2021 и 2022 година од страна на субјектите опфатени со ревизијата во пропишана форма се навремено објавени на ЕСЈН. На истите, договорните органи во текот на годината имаат направено измени и дополнувања кои се објавени на ЕСЈН.



- Проценката на вредноста на јавните набавки при изготвување на годишните планови, во главно се врши врз основа на историски податоци, а не врз основа на претходно истражување на пазарот.

Во тековната година, од страна на договорните органи не се објавени огласи за спроведување на дел од планираните постапки како и за дел од постапките кои со измените и дополнувањата се додадени во годишните планови.

Честите измени на ГПЈН и неспроведувањето на значаен дел од планираните постапки во дел од субјектите, упатуваат на несоодветно утврдување на приоритетите и потребите на договорните органи како и несоодветно менаџирање со потребните средства.

За начинот на спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме состојби кои се однесуваат на следното:

- Во случаи кога најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорните органи ја измениле одлуката и дообезбедиле средства потребни за реализација на договорот, но при тоа не спровеле анализа за да утврдат дали економски е поисплатливо да се склучи договор или да се повтори постапката.
- Предметот на набавка не секогаш е опишан јасно, целосно и недвосмислено и оформен на начин кој нуди можност за пристап и на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.
- Условите, критериумите и други неопходни информации за начинот на спроведување на постапката во тендерските документации не секогаш се опишани на целосен, точен и прецизен начин и се сразмерни со предметот на набавка.
- Во одредени случаи договорните органи не преземале активности да дадат одговор на поставените прашања од економските оператори, да ги информираат економските оператори за измени во барањата од тендерската документација како и да извршат пропорционално продолжување на крајниот рок за поднесување на понудите при извршените измени и дополнувања на тендерската документација, што влијае врз конкуренцијата и еднаков третман на економските оператори.
- Во дел од постапките комисијата за јавни набавки не извршила евалуација на понудите согласно условите и критериумите наведени во тендерската документација.
- Комисијата за јавни набавки не доставила известување до понудувачите чија понуда е избрана за најповолна, како и до кандидатите/понудувачите што биле одбиени или оние чија понуда не била избрана за најповолна, со детално образложение за причините за донесувањето на одлуката.

Со анализа на податоците од ЕСЈН за 2021 и 2022 година, утврдивме дека ревидираните договорни органи доставиле вкупно 290 известувања за вкупно 2.925 поништувања од кои 520 за постапки и 2.405 за делови од постапки за јавни набавки. Имајќи предвид дека во истиот период на ЕСЈН се објавени вкупно 9.292 поништувања на постапки и делови од постапки од страна на сите договорни органи корисници на системот, учеството на поништувањата на постапки и делови од постапки на ревидираните субјекти во вкупните изнесува 31%. Утврдивме дека дел од договорните органи во периодот на важност на договорот за јавна набавка, склучуваат анекси на истите со кои се менуваат условите од тендерската докумантација и техничката спецификација.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и договорни органи во функција на подобрување на состојбите кои се однесуваат на обезбедување на конкуренција, економично и ефикасно користење на средствата и поголема транспарентност во јавните набавки.

## 5.7.3. ВИШ УПРАВЕН СУД

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на **Виш управен суд Скопје** за 2022 година, за сметката на основен буџет за која изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата истакнува неколку состојби кои се однесуваат на:

- Отсуство на мислење од страна на Советот за судска служба по однос на Правилник за внатрешна систематизација и организација на работните места на Вишиот управен суд.
- Нивото на обезбедени средства за Судскиот буџет кој во 2022 година изнесува 0,29% наместо законски утврдените 0,8 % од бруто домашниот производ.
- Непополнети, испразнети места за судии од јули 2022 година што може да има влијание на решавањето на судските предмети.
- Управувањето со движењето на предметите во судот односно бројот на предмети во работа бележи тренд на опаѓање, а со тоа и бројот на нерешени предмети. Извршена е анализа на бројот на предмети во работа, решени и останати нерешени судски предмети за периодот 2020-2022 година кои се прикажани во следна табела.

| Опис | 2020 | 2121 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Број на предмети во работа | 4.478 | 4.297 | 3.656 |
| Решени предмети | 3.331 | 3.502 | 2.884 |
| Нерешени предмети | 1.147 | 795 | 772 |

## 5.7.4. НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Народен правобранител за 2022 година, заедно со ревизија на усогласеност за сметката на основен буџет за кои изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во делот на Останати прашања истакнавме одредени состојби, а кои се однесуваат на:

- Усогласување и допрецизирање на законските прописи кои го регулираат статусот, правата и обврските на вработените во Народниот правобранител.
- Улогата на народниот правобранител како национален известувач за трговија со луѓе не е предвидено со Законот за народен правобранител како дел од неговиот мандат.
- Недоволно прецизираната постапка за избор и именување на заменици на народниот правобранител која овозможува непостапување во разумни рокови и ја одолговлекува постапката за избор и именување на заменици на народниот правобранител.





# 5.8. ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 5.8.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно Годишната програма за работа за 2023, извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за животна средина и просторно планирање на сметките на основен буџет, сопствени приходи и самофинасирачки активности, за 2022 година при што изразивме неповолно мислење.

Со извршената ревизија утврдивме повеќе состојби меѓу кои и:

- За 2022 година во Министерството, не е спроведен попис на крајот на известувачкиот период како активност за усогласување на фактичката со сметководствената состојба на средствата и обврските.
- Не се евидентирани деловни објекти и не е извршено потврдување на почетните состојби на материјалните и нематеријалните средства, материјалните средства во подготовка, на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар.
- За реализација на Програмата за управување со водите за 2022 година не е воспоставен објективен и реален систем на избор на проекти, отсуствуваат јасни критериуми и правила за реализација на истите.
- Во Министерството не е назначено овластено лице за вршење на надзор и не е извршена целосна контрола на реализација на работите при исплатата на средства кај наменските дотации на општините по основ на средства од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива.
- Наплатата на надоместокот за водно право согласно склучените Спогодби со давателите на водните услуги не се врши со планираната динамика. Имено за период од 2020 година до септември 2023 година со носителите на водни услуги склучени се спогодби за не наплатен надомест во износ од 112.663 илјади денари. Утврдивме дека заклучно со септември

2023 година од вкупно пресметаните/доспеани 49.188 илјади денари наплатени се надоместоци во износ од 23.090 илјади денари, или 47%. За наплата останува износ на неплатени надоместоци во висина од 89.573 илјади денари.

- Дел од деловниот простор и опремата со која располага Министерството не е осигуран.
- Потреба од зајакнување на капацитетите и вработување на стручен кадар во Одделението за Лабораторија со цел акредитација на методите за емисии во воздух, како и во делот на континуирано користење, одржување и сервисирање на опремата.

Министерството остварува приходи по разни основи и тоа: регистрација на моторни возила и пловни објекти, А-интегрирана еколошка дозвола и Б-интегрирана еколошка дозвола во заштитено подрачје и надоместок за биоразградливи кеси (од 2021 година). Утврдивме отсуство на поврзаност на податоците од институциите вклучени во процесот на пресметка и наплата на надоместоците и нецелосна наплата на истите. Имено за 17 субјекти кои поседуваат А-интегрирани еколошки дозволи и се евидентирани во Регистарот, не се издадени решенија за годишен надоместок за поседување на А - интегрирана еколошка дозвола, поради што остварени се помалку приходи во буџетот на Министерството по овој основ во вкупен износ од 2.812 илјади денари. Министервото во 2023 за сите 17 правни субјекти, достави решенија ретроактивно за годините 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година, по кои пет правни субјекти уплатиле средства во износ од 1.197 илјади денари на сметката на Министерството.

Известивме за состојби кои имаат влијание врз работењето на Министерството, односно дека има потреба од почитување на предвидените рокови при следење на динамиката на реализација кај изработката на плански документи и целосно реализирање на договорените активности за одржување на опремата во пречистителната станица во село Јегуновце.

Исто така, известивме за состојбата со исплатата на средства по основ на склучени договори за реституција согласно кои во 2022 година се исплатени средства од Буџетот на Министерството во вкупен износ од 67.254 илјади денари односно надомест на трошоци за концесионерите поради спогодбено раскинување на Договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи лоцирани во заштитени подрачја на подрачјето на Националниот парк Шар Планина и за МХЕЦ Дворце, лоцирана на подрачјето на првата поширока заштитна зона на изворот Рашче.

Во делот на Останати прашања утврдивме:

- отсуство на одредби за регулирање на висината на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го Министерството за животна средина и просторно планирање,
- потребата од зајакнување на институционалната соработка со размена на податоци во врска со континуираната надградба на постојните системи за следење и известување за климатските промени во кои значајна улога има и Министерството,
- потреба од пропишување на Методологија за утврдување на критериуми за распределба на капиталните дотации,
- несоодветно воспоставен систем за наплата на надоместоците за поседување на А интегрирана еколошка дозвола, поради што е предвидено изработување и донесување на Методологија за пресметка на надоместок за поседување на интегрирана еколошка дозвола по која единствено ќе се врши пресметување на истиот.



# 5.9. СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИЈА

## 5.9.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година на сметката на основниот буџет на Министерството за транспорт и врски. Со извршената ревизија беа констатирани следните состојби:

- евидентирани се нематеријални средства за идејни решенија и физибилити студија за кои не се обезбедени уредни и вердостојни документи како основ за нивното евидентирање во деловните книги;
- не се евидентирани материјални средства во деловните книги и тоа: деловен простор /локали кои се доделени со Одлуки на Владата на Република Северна Македонија и за кои не е направена проценка на вредност, како и деловен простор Капетанија на пристаништето во Охрид за кој објект постапката за запишување на правото на сопственост е во тек;
- во деловните книги на сметката материјални средства во подготовка, евидентирани се градби финансирани преку Програмите за изградба на пешачки патеки и изградба на плажи и други програми, кои се завршени и се во употреба повеќе години, но за истите не е извршено примопредавање со општините каде што истите се изградени;

За надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности.

Покрај наведените состојби, во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна и состојбите кои имаат влијание врз работењето на министерството, и тоа:

- Министерството за транспорт и врски врз основа на Договор склучен на 29.08.2000 година помеѓу Владата (преку МТВ) и Експорт - Импорт банка АД Скопје има депонирано парични средства во износ од 100.000 илјади денари.

Во текот на 2018 година од побарувањата од стечајната маса на Експорт Импорт банка АД Скопје врз основа на решение од Основниот суд Скопје II распределени се парични средства во износ од 2.583 илјади денари и вратени на сметката на МТВ, а за остатокот од побарувањата во износ од 62.500 илјади денари постои неизвесност за нивната наплата.

Во делот на Останати прашања ревизијата ги

истакна и состојбите кои имаат влијание врз работењето на министерството, и тоа:

- во август 2018 година, со Одлука на Владата на РСМ за пренос на акции, заради сопственичко раздвојување на Операторот на електро-преносниот систем (АД МЕПСО) од Владата на РСМ, Министерството стана сопственик на Операторот на електропреносниот систем (АД МЕПСО) со што за првпат едно министерство се јавува во улога на сопственик на државно претпријатие. Со новиот закон за енергетика [7] се врши раздвојување на управувањето со правното лице кое врши дејност производство на електрична енергија и правното лице кое врши пренос на електрична енергија кој го вршел еден ист субјект (Владата на РСМ) поради што не постоела ефективна независност. Имено, со член 72 од Законот за енергетика е уредено дека МТВ е самостојно при донесување на одлуки за избор на органи на надзор и органи на управување и не смее да прифаќа упатства од Влада на РСМ или друг државен орган.

Ревизијата обрнува внимание дека одредбите од член 72 од Законот за енергетика по кои МТВ станува сопственик на операторот за електро-преносен систем се во колизија со член 27 [8] од Законот за организација и работа на органите на државна управа од причина што областа енергетика согласно истоимениот закон е во надлежност на Министерство за економија;

- предвидените средства во Буџетот на РСМ за субвенционирање на јавна услуга за превоз на патници во железничкиот сообраќај не се доволни да ги покријат трошоците за транспортни услуги на превозникот во државна сопственост, поради што се доведува во прашање обезбедувањето на квалитетна услуга од јавен интерес – превоз во железничкиот сообраќај;
- Со Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура [9] донесена од страна на Влада на РСМ предвидени се средства во износ од 320.000 илјади денари, планирани во буџетот на МТВ во програмата за инвестиции во железничка инфраструктура, кои се помалку од средствата утврдени во член 118 од Законот за железнички систем каде е уредено дека финансирањето на железничката инфраструктура покрај и од други извори се врши и со средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од најмалку 0,3 % од планираните даночни приходи во централниот Буџет на Република Северна Македонија за тековната година.

## ПЛАНИРАНИ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ВО ЦЕНТРАЛЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Даночни приходи 2022 | 0.3% | Годишна програма | Помалку планирани средства |
|---|---|---|---|
| 135.033.217 | 405.100 | 320.000 | -85.100 |
| 141.677.637 ребаланс | 425.033 | 320.000 | -105.033 |

[7] Закон за измена и дополна на законот за енергетика 96/19 и 236/22 година

[8] МТВ ги врши работите кои се однесуваат на: патниот сообраќај и патната инфраструктура; железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура; воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура; внатрешната пловидба; поштенскиот сообраќај и поштенската инфраструктура; други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичара и ски-лифтови и слично); станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и врши и други работи утврдени со закон и овие одредби,

[9] Сл. весник на РСМ бр.94/22, 258/22

## 5.9.2. ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усоглсеност за 2022 година кај ЈП за државни патишта при што изразивме **неповолно мислење** за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

За дел од државните патишта, чија изградба, реконструкција или рехабилитација е во тек, со ревизијата утврдивме **недостаток на системски и аналитичен пристап и недоволна подготвеност при нивно планирање, проектирање, градење и реконструкција**, што предизвикало зголемување на вредноста на склучените договори и пролонгирање на рокот за изградба/реконструкција на делниците. Имено, поради појавени непредвидливи и дополнителни работи биле правени измени и дополнувања на основните проекти – варијации, чии број се движи од една до 42 промени соодветно по проекти, како и продолжувања на рокот за градење на делниците од осум месеци до шест години. Најмногу варијации, најголемо продолжување на рокот и зголемување на вредноста на договорот од 45% (187 милиони евра) има кај изградбата на патната делница Кичево – Охрид.

Според износот на инвестирани средства и должината на патната делница која се гради, најголем проект, претставува изградбата на **патната делница Кичево – Охрид,** чија должина изнесува 56,7 km, а чиј износ заклучно со декември 2022 година изнесува 31.597.364 илјади денари (приближно 512 милиони евра), односно за **изградба на 1 km од оваа патна делница, до крајот на 2022 година инвестирани се 557.273 илјади денари (приближно 9 милиони евра).** Доноември 2023 година инвестираните средства достигнуваат износ од приближно 575 милиони евра.



Работни активности за санирање на свлечиште на патна делница Кичево - Охрид



Вијадукт патна делница Кичево - Охрид

Во мај 2014 година започнала изградбата на патната делница Кичево – Охрид. За таа цел во јануари 2014 година, склучен е договор за заем помеѓу банка од НР Кина (заемодавач) и ЈП за државни патишта (заемопримач) во износ од 505 милиони долари, а во декември 2019 година, склучен е договор за дополнителен заем во износ од 180 милиони долари, при што вкупното задолжување за овој проект изнесува **685 милиони долари.** За овој проект констатиравме дека најголем дел од делницата е трасирана, изградени се 25 вијадукти, при што различни делници се во различна фаза на изградба.

Основни **причини за забавената динамика** за изградба на патната делница Кичево – Охрид се наведуваат: недостатоците на проектот, задоцнета експропријација поради нерешените имотно правни односи, потребата од дислокација на надземни и подземни инфраструктурни објекти, одобрување на нови одлагалишта на земја, како и недоволен број на технички кадар, механизација и опрема обезбедени од изведувачот (подизведувачите).

Следни делници по големина се: надградбата и развојот на **патот - Ранковце - Крива Паланка,** со инвестирани средства во вкупен износ од 2.774.354 илјади денари (приближно 45 милиони евра) и должина од 25,5 km, додека според цената на чинење за 1 km следна по големина е **автопатската делница Скопје – Блаце** со износ од 362.978 илјади денари (приближно 5,9 милиони евра).

Со ревизијата е утврдено дека, 21 проект за изградба, рехабилитација и реконструкција на патни делници и изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, во износ од 14.430.650 илјади денари (приближно 234 милиони евра), **иако се ставени во употреба и се користат, во сметководствената евиденција на претпријатието не се соодветно признати како недвижности.** Овие средства генерираат приход, без притоа да бидат признаени соодветни расходи, односно за нив не е пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2022 година. Причина за оваа состојба е неизвршениот технички прием поради нерасчистени имотно – правни односи при експропријација на земјиште, изградени локални патишта кои не се предадени на општините, изградена и непредадена автопатската делница Демир Капија-Смоквица со Министерство за финансии и несоодветна алокација на инвестиции по проекти.

Утврдивме дека во периодот од 2015 до 2022 година направени се вложувања во проекти и недовршени градби, трошоци по основ на камати, еднократни и провизии за неповлечени средства, експропријации и други непознати трошоци, во вкупен износ од 1.924.211 илјади денари (приближно 31 милиони евра), за кои поради недоволни информации и/или соодветна документација не е **позната потребата од нивна набавка и нивната употребна вредност, што ја доведува во прашање нивната оправданост.**

За 96% од градежните објекти или 61.303.043 илјади денари, утврдивме дека претставуваат линиски инфраструктурни објекти, кои поради тешкотиите во обезбедувањето на одобренија за употреба од Министерството за транспорт и врски **не се евидентирани во катастарот на инфраструктурни објекти** во Агенцијата за катастар на недвижности.

Во текот на ревизијата утврдивме неправилно пресметана даночна основа и помалку пресметан и уплатен данок од добивка за 2022 година во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 27.525 илјади денари, при што од страна на ЈП за државни патишта преземени се активности и на крајот на 2023 година износот е целосно уплатен на трезорската сметка.

Уплатените средства на сметката на ЈП за државни патишта по основ на надоместок за патната такса од регистрација на моторни возила, нецелосно се трансферираат до општините. При тоа, во периодот 2016 – 2022 година, за 63% помалку се распределени средства по општините, односно не се распределени 3.580.588 илјади денари или приближно 58 милиони евра.




Со извршената ревизија е утврдено дека електронскиот систем за наплата на патарините е функционален во текот на цела година кај 7 наплатни станици, во последните шест месеци од 2022 година уште кај 2 наплатни станици, а 5 наплатни станици немаат воспоставена електронска наплата на патарина. При тоа со анализа е констатирано дека во просек само 13% од вкупно остварените приходи од патарини во 2022 година се со примена на електронска наплата преку користење на смарт картица и уред М – таг. Имајќи во предвид дека со користењето на електронската картица и уред М – таг за наплата на патарините, се обезбедува подобрена и ефикасна услуга за нивна наплата, со што се овозможува функционирање на унифициран и целосно интероперабилен систем за патарина на автопатите низ државата, со ревизијата е укажано на потребата од поголема промоција на можноста за нејзина употреба.

## 5.9.3. ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Со извршената ревизија кај ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта изразивме **мислење со резерва** за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и **неповолно мислење** за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта 12 години континуирано, односно од 2012 година до денот на известување за спроведената ревизија, јавната дејност за која е основано ја врши со сметка која е блокирана со извршни решенија за наплата на неподмирени обврски. Вршењето на дејноста на претпријатието се реализира во рамки на месечните лимити односно минимумот на парични средства над кои не може да се спроведе извршување, определени со Решенија на Основен суд Скопје II Скопје. Во последното донесено решение од 14.06.2021 година кое сеуште е во важност месечниот лимит за функционирање на ЈП е определен во износ од 231.000 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме дека ЈП низ годините има тренд на зголемување на обврските кон добавувачи во земјата како резултат на зголемена активност во делот на одржување и заштита на државни патишта, поради изградба на нови делници, зголемени трошоци за набавка на нафта и нафтени деривати, како и растот на цените на стоките и услугите.

Обврските кон добавувачи во 2018 година се во вкупен износ од 479.607 илјади денари, а во 2022 година се во износ од 965.533 илјади денари, односно истите имљат принт на згомување. Исто така тренд на зголемување бележат и обврските по извршни решенија кои во 2018 изнесуваат 324.393 илјади денари а во 2022 467.416 илјади денари.



Со ревизијата истакнуваме дека ваквиот начин на функционирање на ЈП, кое не е во можност редовно да ги плаќа доспеаните обврски, влијае врз зголемување на обврските по извршни решенија и зголемување на долгот по камати, што неповолно влијае на финансиската стабилност и ликвидност на претпријатието.

За усогласување на податоците, обезбедивме податоците од носителот на платниот промет, при што утврдивме дека според нивните податоци сметката на ЈП е блокирана за обврски по извршни решенија во вкупен износ од 663.115 илјади денари, што претставува за 195.699 илјади денари поголем износ на обврски во однос на евидентираните во сметководствената евиденција на ЈП (467.416 илјади денари). За утврдената разлика не добивме образложение и докази за објаснување на причините кои довеле до истата, поради што не е потврдена вистинитоста и објективноста на евидентираниот износ на обврски по извршни решенија во Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година.

Утврдивме дека претпријатието располага со градежни објекти и средства за работа во износ од 2.196.489 илјади денари кои заради вршење на дејноста се изложени на ризици и за истите одговорното лице нема спроведено постапка за осигурување на имотот и средствата на претпријатието од пожар и други елементарни непогоди, што може да предизвика штета врз имотот и средствата на претпријатието. Во врска со горе наведеното констатиравме дека во периодот од јуни до декември 2021 година биле набавени 15 товарни моторни возила опремени со специјална опрема за чистење на снег, а веќе во декември 2021 година, едно од возилата, по изминати 150 km и дваесет дена од приемот, било опожарено. При тоа, истакнуваме дека возилото не било каско осигурено, обезбедената фабричка гаранција не била искористена, а од периодот кога се случил пожарот до поднесената тужба за надомест на штета од испорака на неисправен производ и надомест за испуштена корист, изминал период од две години.

При ревизија на залихите утврдивме дека не е извршена верификација на мерна летва за мерење на нивото на течност која се користи при приемот на горивото. Исто така, полнењето на возилата со гориво се врши со пумпи, чии мерила подолг временски период не се верификувани. Со исклучок во две подземни цистерни, приемот на гориво се врши во т.н. надземни пластични и метални контејнери. При користење на горивото вработените го преточуваат во туби и канти. Од извршениот теренски увид со ревизијата се утврди дека овој начин на прием, складирање, ракување и издавање на горивото ја загрозува безбедноста и здравјето на граѓаните и неповолно влијае на животната средина.

Со извршениот увид во деловните книги на ЈП и теренска посета на подружниците, секциите и зимските пунктови утврдивме дека расходуваната опрема не е издвоена, дел од истата се користи за резервни делови или е уништена како отпад без да се спроведе соодветна законска постапка. Од вкупно расходуваните средства, 90% се возила и градежни машини кои се наоѓаат во подружниците и секциите на претпријатието и се користат за резервни делови, без обезбедена согласност од Владата. Истовремено начинот на користење на опремата за резервни делови не е уреден со интерен акт, поради што постои ризик од неконтролирана и несоодветна употреба на деловите.

Со извршената ревизија констатирани се и други состојби, неправилности и неусогласености од различна природа, кои влијаат на работењето на ЈП. За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбата.





# 5.10. ЕНЕРГЕТИКА

## 5.10.1. РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ ЗА ГАСИФИКАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

7 ДОСТАПНА И ЧИСТА ЕНЕРГИЈА

Гасификацијата во Република Северна Македонија е започнат процес, чија основна цел е подобрување на енергетската ефикасност, заштита на животната средина и обезбедување економска и енергетска стабилност. За исполнување на целите од Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година кои предвидуваат преодна транзициона состојба од јаглен во потполно декарбонизиран енергетски сектор, со што природниот гас добива се поголемо значење.

Неповолното влијание што го предизвика енергетската криза во 2021 и 2022 година врз граѓаните и стопанството, беа една од причините Државниот завод за ревизија во Годишната програма за работа, да планира и изврши ревизија на усогласеност на тема **„Развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија“**. Ревизијата е спроведена во АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, како правен следбеник на АД ГА – МА Скопје и АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост. Ревизијата го опфаќа период од 2019 година до септември 2023 година, но одредени области, прашања, настани и анализи се опфатени пред 2019 година и последователно до денот на известување за извршената ревизија.

Ревизијата ги опфаќа прашањата поврзани со **правната рамка и развојот на гасоводната мрежа и гасификацијата во државата, како и спојувањето на акционерските друштва за гасификација** НЕР и ГА-МА и организациона поставеност на новото друштво – НОМАГАС.

Процесот на планирањето на гасификацијата на територијата на целата држава отпочнува во 2010 година, со изработка на физибилити студија на национално ниво, а нејзината имплементацијата е започната по пет години, односно во 2016 година. Од спроведената анализа утврдивме дека поголем дел од проектите кои се предвидени со физибилити студијата се отпочнати, но изградбата на истите се одвиваат со бавна динамика и постојат отстапувања во однос на планираната временска рамка, местоположбата на гасоводите, како и планираните финансиски средства за изградба. **Отсуствува долгорочен план за развој на системот на пренос на природен гас, што има влијание на идните активности за проширување и надградба на системот за пренос на природен гас, како и неговата интерконекција со другите држави.**

Со ревизијата утврдивме дека функционалниот гасовод во државата е изграден во деведесеттите години од минатиот век и се состои од еден магистрален гасовод кој се наоѓа на источната

граница во месноста Деве Баир и се протега преку Крива Паланка, Кратово и Куманово до Скопје, како и градските гасоводни мрежи во наведените градови. Должината на магистралниот гасовод е 98 km, а заедно со неговите блок станици и приклучни места за разводни гасоводи изнесува речиси **130 km.** Вкупната должина на градските гасоводни мрежи, од каде фабрики, претпријатија, болници, училишта, општини, ТИРЗ и други објекти се снабдуваат со природен гас, изнесува речиси **80 km.** Набавната вредност на функционалната гасоводна мрежа, изнесува приближно 71 милиони евра од кои најголем дел или 49% претставуваат вложување во магистрален и разводен гасовод Деве Баир – Скопје и 26% отпаѓаат на изградбата на градската гасоводна мрежа во Скопје.

Во изминатиот период **искористеноста на магистралниот гасовод е недоволна** и по градовите во државата не постои формално воспоставена дистрибутивна мрежа. Потрошувачите се приклучени директно на преносната мрежа и природниот гас се користи единствено во индустријата и во јавните објекти, но не и во домаќинствата.

Со ревизијата утврдивме дека по изминати 13 години, изградбата на магистралните гасоводи не е целосно завршена и дел од нив се уште не се ставени во употреба.



**Изградена гасоводна мрежа**

- Постоечки гасовод
- ЛОТ 1-61 км Клечовци- БС5 изграден
- ЛОТ 1-36 км БС5 – Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино
- ЛОТ 2-92 км Неготино (Кавадарци) – Битола
- ЛОТ 5- 78 км Скопје-Тетово-Гостивар
- ЛОТ 5-34 км Гостивар-Кичево, Одобрение за градење
- Интерконекција со Грција (DESFA)
- ЛОТ 3 и 4 Основен проект

Имено, во периодот од 2014 до 2023 година за изградбата на магистралните гасоводи ЛОТ1-61 km, ЛОТ 1 – 36 km, ЛОТ 2 и ЛОТ 5 склучени се договори и анекси кон договорите, како и договори за непредвидени и дополнителни работи во вкупен износ од приближно 156,4 милиони евра. Најголем дел од нив иако се изградени сè уште не се ставени во употреба. Како причини за ваквата состојба се слабостите во делот на запишување на правото на сопственост на линиските инфраструктурни објекти, но и бавното решавање на предметите за експропријација за коишто во периодот од 2018 до 2022 година биле исплатени приближно 2 милиони евра.

Во извештајот е истакнавме дека се утврдени слабости во следењето на реализацијата на договорите за изградба и надзорот над изградбата на магистралните гасоводи, како и во начинот на одржување на гасоводната мрежа.

За делниците кои не се изградени, а за кои се набавени материјали и резервни делови утврдивме несоодветно управување со нивната залиха, што претставува ризик од нерационално трошење на јавни средства. Имено, ревизорите утврдиле постоење на залихи на материјали и резервни делови, со вкупна вредност од приближно 1,6 милиони евра, кои се набавена пред 2019 година и истите не се користат, со што се





Цевки за изградба на дистрибутивната мрежа за природен гас и затварање на прстенот околу Скопје

Затворен магацински простор во НОМАГАС

доведува во прашање потребата од нивна набавка како и можноста истите да бидат застарени и неупотребливи. Набавени се резервни делови и материјали со вредност за завршување на гасоводниот прстен околу градот Скопје, кој поради недоволна координација со надлежните служби на Град Скопје, не е завршен и на тоа место е изградена нова сообраќајница, поради што во иднина за да се затвори гасоводниот прстен околу градот ќе треба да се прават дополнителни активности и расходи.

Со ревизијата истакнуваме состојби кои се однесуваат на решавањето на долгогодишниот спор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, преку откуп на акцијата на АД во ГА-МА, за што е донесен закон и направена е Проценка на капиталот на ГА-МА. Утврдено е дека проценетата вредност од 65,5 милини евра не е сметководствено евидентирана во трговските книги на ГА–МА, ниту како основна главнина е впишана во Централниот депозитар на хартии од вредност на Република Северна Македонија и во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Не оспорувајќи ги заложбите за решавање на спорот на државата и АД за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, обрнуваме внимание на начинот на кој била извршена трансакцијата за пренос на паричните средства и откуп на акцијата во износ од приближно 32,7 милиони евра. Имено, на крајот на 2019 година од Буџетот на државата паричните средства за откуп на акцијата биле трансферирани на наменска сметка на НЕР во домашна банка, додека трансакцијата се реализирала по измината една година и осум месеци, односно на крај на август 2021 година, што има влијание на Буџетот на државата и неповолно се одразува на дел од основните буџетски цели и начела кои ги предвидува законот за буџетите.

Во останатата содржина од извештајот укажуваме на потребите за развивање на дистрибутивен систем на природен гас во државата, целосно самофинансирање на дејноста – пренос на природниот гас и реализацијата на идните активности за интерконекција со соседните држави.



# 5.11. ЕКОНОМИЈА

## 5.11.1. ЕФИКАСНОСТ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МЕРМЕРОТ

Извршена е ревизија на успешност на тема „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот" за да одговори на прашањето „Дали политиките и преземените мерки и активности од надлежните органи обезбедуваат сигурност за ефикасно доделување на концесии и надзор над реализацијата на склучените договори за експлоатација на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност?".

Минералните суровини се добра од општ интерес и како главен ресурс за вкупниот економски и општествен развој е неопходна нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина.



Вршење на експлоатација на минералните суровини се стекнува (концесионер) со добивање на концесија која ја доделува Владата (концедент) согласно утврдени постапки. За експлоатација на минерални суровини заклучно со 2022 година се доделени вкупно 348 концесии на 257 концесионери, на вкупна површина од 333,73 км2, што претставува 1,3% од вкупната територија на државата, од кои за експлатација на мермер 29 концесии.

Институционалната рамка за утврдување и спроведување на политиките и постапките за доделување на концесии за експлоатација, надзор и контрола над експлоатација на минералните суровини и наплатата на концесиските надоместоци ја сочинуваат:




За експлоатација на минерални суровини концесионерот е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и за експлоатирана (продадена) количина на минерална суровина.

За вршење на експлоатација на минерални суровини за периодот 2018 - 2022 година наплатени се вкупно 2.781.024 илјади денари, односно 45 милиони евра концесиски надоместоци од кои: 287.307 илјади денари надоместок за користење на простор, 2.487.581 илјади денари надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина и 6.136 илјади денари по основ на камата по двата основи.

Со извршената ревизија и обезбедените докази стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите кои се преземаат од страна на надлежните институции не обезбедуваат целосна подготвеност и сигурност за остварување на оптимална искористеност на минералните суровини, сеопфатна и навремена наплата на концесиските надоместоци и ефикасен систем на надзор над реализацијата на склучените договори.

Нашите ревизорски активности беа насочени во повеќе области при што утврдивме повеќе состојби и тоа како што следува:

Систем за управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини:

- На национално ниво не е донесена долгорочна стратегија за оптимално искористување и управување со минералните суровини повеќе од 11 години, а активностите за нејзино изготвување се започнати во 2022 година, со рок на донесување до април 2024 година.
- Законската регулатива која ја третира предметната област е изложена на чести измени и дополнувања, а одредени одредби не се доволно јасни и прецизни што создава несигурност при нивна примена.
- Базите на податоци на МЕ и катастарот на минерални суровини што го води Геолошки завод не обезбедуваат јасен и целосен преглед на состојбите со минералните суровини врз основа на кој ќе се вршат анализи со цел водење активна политика во однос на оптималното искористување на минералните суровини.

Концесиски надоместоци:

- Системот на плаќање на концесиските надоместоци се спроведува без да биде уреден начинот на меѓусебна комуникација и размена на податоците помеѓу надлежните институции и без јасно дефинирање на меѓусебните односи и надлежности, што создава слабости во непречено и целосно следење на плаќањето и преземање на навремени мерки и активности за наплата на ненаплатените надоместоци од страна на концесионерите.
- Висината на надоместоците за користење на простор кои се определени во државата е утврдена на ниско ниво, а воспоставениот начин на пресметка на надоместоците за експлоатирани количини не ги одразува реалните пазарни/продажни цени кои ги остваруваат концесионерите и истиот не придонесува за правично и рамноправно оптоварување на концесионерите.
- Остварените надоместоците во корист на државата од експлоатација на најквалитетниот мермер во износ од 103.248 илјади денари или 1,7 милиони евра за период од 2018 - 2022 година изнесуваат 1% од остварените приходи од продажба на концесионерот.
- За периодот 2018 - 2022 година, констатирани се помалку наплатени концесиски надоместоци во вкупен износ од 21.050 илјади денари односно 341 илјади евра од кои: 9.804 илјади денари по основ на простор, 5.421 илјади денари по основ на експлоатирана минерална суровина и во износ од 5.825 илјади денари по основ на пресметана, а ненаплатена камата и ненаплатен надоместок по записници од УЈП.

во 000 денари

## НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР (БЕЗ КАМАТА) ЗА ПЕРИОД ОД 2018-2022 ГОДИНА

| Концесиски надоместок за простор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пресметан концесиски надоместок | 54.950 | 54.609 | 48.697 | 62.389 | 71.251 | 291.896 |
| Вкупно наплатени надоместоци: | 54.518 | 53.714 | 48.687 | 62.656 | 67.732 | 287.307 |
| Наплатени надоместци по утврдениот рок | 24.704 | 22.184 | 11.865 | 32.488 | 33.096 | 124.337 |
| Процент на наплатени надоместоци по утврдениот рок | 44,96% | 40,62% | 24,36% | 52,07% | 46,45% | 42,60% |
| Ненаплатени надоместоци | 698 | 1.164 | 795 | 23 | 7.124 | 9.804 |
| Процент на ненаплатени надоместоци | 1,27% | 2,13% | 1,63% | 0,04% | 10,00% | 3,36% |
| Повеќе наплатени надоместоци од концесионери кои платиле надоместок | 266 | 269 | 785 | 290 | 3.605 | 5.215 |

За истиот период, ненавремено, односно по истекување на законски утврдениот рок наплатени се вкупно 1.174.809 илјади денари односно 19 милиони евра по основ на концесиски надоместок за простор и експлоатирана количина на минерални суровини.

во 000 денари

### НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ




- Во периодот на известување од ревизијата од вкупниот износ на ненаплатени надоместоци уплатени се 8.392 илјади денари за концесиски надоместоци и камата, а по основ на дадените препораки од претходната ревизија наплатена е камата во вкупен износ од 6.136 илјади денари која се однесува за периодот 2016-2022 година, што претставува додадена вредност во остварување на буџетски приходи.
- Користените рударски техники за добивање на корисна маса и отсуството на мерки за реупотреба на јаловината од мермер имаат влијание врз степенот на искористеност на минералните суровини, зголемено производство на јаловина со кои се создаваат негативни ефекти врз животната средина.
- Со извршено аерофотограметриско снимање од страна на експерт/геодет на дефинираниот простор на концесијата, кај 2 концесии утврдивме ископ на минерална суровина надвор од дозволата за експлоатација што ја поседуваат концесионерите на вкупен простор од 9.989 м2, што создава ризик концесионерите да не го пресметуваат и плаќаат надоместокот за експлоатираните количини надвор од експлоатационото поле.

Надзор над експлоатацијата на минерални суровини согласно склучените договори и издадени дозволи:

- Планирањето на надзорите и изборот на концесионери ДИТИ го врши без сеопфатна проценка и мерењето на степенот на ризиците кај субјектите на надзор, што влијае врз ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот и постигнување максимални ефекти во спречување на неправилностите.
- Недостигот на инспекциски надзор врз донесените планови за управување со отпад, поради непрецизни законски одредби за надлежноста за вршење надзор над истите создава ризик врз намалување на негативните ефекти и штетните влијанија врз животната средина.

За надминување на утврдените состојби, до надлежните институции дадовме препораки кои треба да обезбедат подобрување во делот на правната и стратешката рамка, управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини, функционалноста и ефективноста на постапките за доделување/одземање на концесиите за минералните суровини, наплатата на концесиските надоместоци, надзор над реализацијата на склучените договори и контрола над работењето на концесионерите со цел оптимално чување на минералните суровини согласно начелата на одржлив развој.



# 5.12. ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

## 5.12.1. ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година кај:

- ЈКП „Комуналец" и ЈКП „Водовод и канализација" основани од Општина Прилеп,
- ЈКП „Стандард" основано од Општина Дебар,
- ЈПКД „Комуналец" основано од Општина Струмица,
- ЈКП „Водовод" основано од Општина Битола и
- ЈП „Улици и патишта" основано од Град Скопје.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај јавните претпријатија констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

Утврдени се слабости во начинот на водење на сметководството, односно кај ЈКП „Комуналец" Прилеп не се врши признавање на ефектите од трансакциите/настаните кога истите се случуваат, туку во периодот кога обврските се исплатени, а ЈКП „Стандард" Дебар, применува несоодветен сметководствен третман за средствата добиени на трајно користење без надомест.

ЈКП „Водовод" Битола и ЈКП „Стандард" Дебар не изготвуваат шест месечен извештај за работењето на ЈП, со што е намалена транспарентноста при информирање за видот и обемот на вршење на дејноста, како и за нивното финансиско работење.

Кај ревидираните јавни претпријатија утврдени се неправилности во однос на проценување на билансните позиции во финансиските извештаи, односно нереално проценување на нематеријалните средства, а за дел од евидентираните градежни објекти и земјиште не се регулирани правата на сопственост.

Законската обврска за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење и со давателот на услугата за испорачаната вода, не е во целост испочитувана од страна на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп", ЈКП „Стандард" Дебар, и ЈП „Водовод" Битола.

За подигање и транспортирање на комерцијален отпад склучени договори со ЈКП „Комуналец" Прилеп имаат 59% од активните корисници - физички лица, а само 6% од правните лица, што ја отежнува наплатата на извршените услуги.

Кај ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, ЈПКД „Комуналец" Струмица, ЈКП „Водовод" Битола и ЈП

„Улици и патишта“ Скопје, начинот на пресметка и исплата на плата не се усогласени со важечките законски прописи, а во ЈКП „Стандард“ Дебар нето плати на вработените се исплаќаат во готово, преку благајна.

Неправилности во ангажирањето на лица по договор за дело се утврдени кај ЈКП „Стандард“ Дебар и ЈП „Улици и патишта“ Скопје.

Присутна е состојба на загуба на вода во системот за водоснабдување од 57% кај ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, 32% кај ЈКП „Комуналец“ Струмица, 81% кај ЈКП „Стандард“ Дебар, и 59% кај ЈКП „Водовод“ Битола, како резултат на стара и дотраена водоводна мрежа, пропусливост на резервоар, незаконско приклучување и потрошувачка, непрецизност на водомерите, нефактурирана потрошувачка, поливање на јавно прометни зелени површини за кои нема поставено протокомери и друго. ЈКП „Стандард“ Дебар има неприходувани 512.460 м3 вода за пиење испорачани на Општина Центар Жупа.

ЗАГУБИ
НА ВОДА




Поради ненавремено подмирување на обврските за надоместок за користење на вода и за испуштање во вода од страна на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп - 15.925 илјади денари, ЈПКД „Комуналец“ Струмица - 11.105 илјади денари и ЈКП „Водовод“ Битола - 2.296 илјади денари, остварени се помалку приходи во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 29.326 илјади денари. ЈПКД „Комуналец“ Струмица не ги подмирува обврските кон АД Водостопанство за испорачана количина на вода за водоснабдување кои на крајот на 2022 година, изнесуваат 43.546 илјади денари.

Како резултат на ненавремeното подмирување на обврските за надоместок за одржување на јавна чистота од страна на ЈКП „Стандард“ Дебар и ЈКП „Комуналец“ Прилеп остварени се помалку приходи во буџетот на Општина Дебар 2.830 илјади денари и буџетот на Општина Прилеп во износ од 21.902 илјади денари.

ЈКП „Стандард“ Дебар ја извршува дејноста за отстранување на отпадоци и смет, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад и депонирање на индустриски отпад без дозвола за управување со отпад.

Кај ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп и ЈП „Улици и патишта“ Скопје, реконструкцијата изградба на локални водоводни и канализациони инсталации, односно сообраќајници се врши без проектна документација / или надвор од проектната документација и без одобрение за градба.

Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, ЈКП „Стандард“ Дебар, ЈКП „Водовод“ Битола и ЈП "Улици и патишта" Скопје, а во ЈКП „Комуналец“ Прилеп постои неусогласеност помеѓу сметководствената вредност на основната главнина и упишаната во Централниот регистар.

Ревидираните јавни претпријатија не преземаат навремени мерки за наплата на побарувањата и не се врши проценка на степенот на наплатливост заради нивно соодветно проценување во билансните позиции согласно меѓународните сметководствени стандарди.

Кај ЈПКД „Комуналец“ Струмица, ЈКП „Стандард“ Дебар, ЈКП „Водовод“ Битола и ЈКП „Комуналец“ Прилеп присутни се недоследности во делот на пописот на средствата и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба.

Кај ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, ЈПКД „Комуналец“ Струмица, ЈКП „Стандард“ Дебар и ЈКП „Водовод“ Битола утврдени се слабости во примената на Законот за јавни набавки и нерационално трошење на јавни средства во однос на: техничката спецификација, комплетноста и веродостојноста на документацијата со која се докажува/ат способноста/ите на понудувачите/подизведувачите, реализација на рамковните спогодби без потпишување на поединечни договори и не спроведени постапки за јавни набавки.

Во годишните програми и склучените договори на ЈП „Улици и Патишта“ Скопје не се планираат преземените обврски од претходната година, така што основачот, односно нарачателот не ги прифаќа реализираните активности, кои за 2021 и 2022 година изнесуваат 68.213 илјади денари, што влијае на ликвидноста на претпријатието.

Кај ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, ЈПКД „Комуналец“ Струмица, ЈКП „Водовод“ Битола, ЈКП „Комуналец“ Прилеп и ЈП „Улици и патишта“ Скопје отсуствува/не функционира единицата за внатрешна ревизија како механизам за подобрување на работењето на субјектот, а во ЈКП „Стандард“ Дебар и ЈКП „Водовод“ Битола нема донесено пишани процедури во однос на текот на движење на документацијата, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење и контрола при прием и издавање на сметководствената документација, нејзино одобрување и плаќање. Во ЈКП „Водовод“ Битола отсуствуваат политики за информациска безбедност, а утврдени се недостатоци и во функционалноста на апликативниот софтвер за финансиско сметководствена евиденција и во „билинг“ системот.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат на инвестициони активности на ЈКП „Водовод“ Битола за санација и проширување на системот за водовод и канализација со средства од Кредитна банка за обнова и развој, при што на крајот на 2022 година обврските за главен долг изнесуваат 88.917 илјади денари, а за камата - 11.074 илјади денари.

Потребна е поголема ангажираност на јавното претпријатие ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп и основачот Општина Прилеп, во насока на комерцијализација на технолошкиот отпад и произведениот метан при пречистување на урбаните отпадни води, со што би се подобрила рентабилноста на претпријатието.







Мил на сушни полиња

Резервоар за  складирање на метан

ЈКП „Стандард“ Дебар е во постојана блокада од 2010 година и поради утврдениот месечен минимум на средства во износ од 2.282 илјади, неговото работење е проследено со намалена ликвидност и солвентност кои имаат влијание врз целокупните процеси, искажувајќи обврски кон добавувачите и неможност за нивно навремено подмирување.

ЈКП „Комуналец“ Прилеп по основ на налог за извршување, има обврска да исплати главен долг и камати во износ од 5.972 илјади денари за набавка на половни возила - метларки кои никогаш не биле ставени во функција што дополнително ќе влијае на работењето.





# 5.13. ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## 5.13.1. ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година кај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, при што констатирани се следните состојби:

- не се надминати состојбите во однос на не распоредени средства на уплатната сметка од наплатен придонес за ПИО кои Фондот не може да ги користи, а осигурениците не можат да ги остварат правата од ПИО;
- отсуствува електронска поврзаност на архивата на Комисијата за оцена на работната способност во Фондот со Комисијата за ревизија во МТСП, а пополнувањето на испразнетите работни места со лекари специјалисти е отежнато кое не обезбедува навремено и компетентно извршување на надлежностите на Комисијата;
- недостиг на стручен и обучен кадар за актуарство и перманентниот одлив на вработени од ИТ секторот и внатрешната ревизија што влијае на развој на актуарски и пензиски предвидувачки капацитети, функционирање на информацискиот систем и ажурноста на сите воспоставени системи и ефективноста на системот за внатрешни контроли.
- системот на внатрешни контроли во процесот на остварување на правата од ПИО и процесот на исплата на пензиските примања е уреден со повеќе поединечни интерни акти и процедури од кои дел не се ажурирани целосно согласно на електронскиот систем кој е во примена.
- отсуствува целосна поделба на надлежностите и одговорностите на вработените вклучени во процесите поради што постои ризик од неправилности во постапката за признавање на правата од ПИО, како и ризик од исплата на пензија и по истекот на законски утврденото право.



Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува меѓу другото и за:

- структурата и нивото на остварени приходи во известувачкиот период дефицитот во исплатата на пензиските примања, како и неизвесностите по работењето на Фондот поврзани со инфлаторните движења и неповолните демографски движења, е следна:




Изворните приходи т.е. приходите од наплатен придонес за ПИО во 2022 година се зголемени за 11,63% во однос на претходната 2021 година и во 2022 година изнесуваат 54.943.420 илјади денари, што претставува учество од 64.54% од вкупно остварените приходи. Расходите за социјални бенефиции (исплата на пензиските примања заедно со придонесот за здравствено осигурување на пензионерите, трансферите до вториот пензиски столб и инвалиднината) во 2022 година изнесуваат 87.607.370 илјади денари за вкупно 335.743 корисници на пензиски примања односно заклучно со декември 2022 година исплатите се за 9,8% повисоки во однос на 2021 година.

Фондот и покрај зголемување на приходите по основ на придонеси од ПИО има недостаток (дефицит) на средства за исплата на расходите за социјални бенефиции, поради што во 2022 година се трансферирани средства од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 31.022.110 илјади денари. Учеството на овие средства во вкупните приходи на Фондот за последните три години има тенденција на стагнација, односно намалување во однос на 2021 година и изнесува 33,58% од кој 22% се за покривање на тековниот дефицит за исплата на пензии, што е прикажано на графиконот:




- недоволните механизми за присилна наплата на утврдените штети поради неоснована исплата на пензии кои потекуваат од претходни години за кои се евидентираат побарувања од граѓани, а нискиот процент на поврат на повеќе исплатените средства упатува на неизвесност за наплата на истите во наредниот период и
- неосновано повлечени средства од сметката на Фондот од страна на извршителите по основ на налози за извршување, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија и преземените активности од страна на Фондот поврзани со реализација на налози за извршување.



## 5.13.2. АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година, при што со ревизијата констатирани се следните состојби:

Во делот на паричен надоместок во случај на невработеност констатиравме дека исплатени се средства во 2022 година во висина од 1.407.710 илјади денари, што претставува 42,62% од вкупните расходи на АВРСМ, и во однос на 2021 година исплатениот износ бележи намалување за 116.247 илјади денари.

Исплатените средства за паричен надоместок за периодот од 2019-2022 година по основ на стекнато право се презентирани на следниот графички приказ:



Со оглед на големото учество на овие расходи во работењето на АВРСМ извршивме проверка на функционирањето на постапката за остварување на право на паричен надоместок на избран примерок на предмети за 2022 година при што утврдивме дека кај дел од анализираните предмети документацијата е некомплетна, односно се забележува отсуство на дел од бараната докуметнација, а дел од документацијата се обезбеува или се изготвува по истекот на законски утврдениот рок.

Во делот на активни мерки за вработување за реализација на вкупно 14 програми и мерки за вработување предвидени со ОП во 2022 година исплатени се вкупно 1.420.003 илјади денари односно 43% од вкупните расходи на АВРСМ. Овој износ бележи зголемување во однос на 2020 и 2021 година и тоа за  148.902 илјади денари во однос на 2020 година, или во однос на вкупните расходи на АВРСМ за овој период се јавува зголемување од 4%.

Распределбата на расходите по програми и мерки е прикажана со следниот графикон:




Со анализа на поединечните мерки утврдивме дека за три мерки – Субвенционирање на плати, Вработување и раст на правни субјекти и Практикантство за кои е исплатен вкупен износ од 468.126 илјади денари во ОУ и ОП не се вклучени одредби врз основа на кои ќе се изработат ранг листи на лица на кои ќе им бидат одобрени средства и лица кои ќе бидат одбиени во случај на поголем број на пријавени кандидати при што усвоена е пракса за одобрување на апликациите по принцип прв пристигнат прв услужен. При распределбата на средства не е применет принципот на рамномерен регионален развој на осумте плански региони на начин на кој е дефиниран во ОУ[10] и ОП[11]. Притоа утврдивме дека за дел од планските региони се исплаќа повисок износ на средства во однос на утврдените проценти за учество согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста. Вообичаено, понизок од утврдениот е износот кој е исплатен за планските региони од централниот и источниот дел на земјата поради недоволен број на апликации, додека повисок од утврдениот е исплатениот износ кај скопскиот плански регион и планските региони во западниот дел од земјата при што во поедини случаи надминувањето е и двапати поголемо од утврдената квота со одлуката.

[10] Оперативни упатства

[11] Оперативен план

Во делот на административното работење на АВРСМ ги утврдивме следните состојби:

- слабости во делот на пописот на опремата и усогласување со податоците во сметководствената евиденција со фактичка состојба во однос на залихата на материјали;
- не воспоставен контролен механизам за следење на побарувањата по основ на остварените приходи од неуплатен придонес за вработување и невоспоставена меѓу институционална комуникација за евиденција на пресметана обврска за уплата на сите обврзници;
- исплата на додаток на плата заради зголемен обем на работа за кој не постои соодветен законски основ и без утврдени критериуми за избор на вработените лица кои го добиваат овој додаток;
- ангажман на лица вработени на определено време за вршење на редовни работни задачи при што се надминуваат и временските лимити за нивни ангажман;
- утврдивме дека интерните контроли во врска со наменското и законското користење на средствата кои се доделени за активните мерки за вработување се слаби при што кај поедини ЦВ не се врши проверка и одобрување од страна на одговорните лица на доставените про-фактури и фактури кои се однесуваат за набавките на материјал/опрема услуги и изградба.

Со ревизорските активности утврдивме дека дел од средствата се ненамenски потрошени за набавки кои не се поврзани со доставените бизнис планови на корисниците на средствата.

Во делот на прашања за континуитет известивме дека не е почитувана одредбата од Законот за вработување на инвалидни лица, согласно која од Буџетот на РСМ треба да се уплатуваат парични средства на сметката на Посебен фонд, по основ на уплатен ДДВ и царини од страна на заштитните друштва со што Агенцијата во целост не ги обезбедува финансиските средства кои законски и следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица.

Во делот на Останати прашања меѓу другото утврдивме и недоречености во делот на правната рамка која обезбедува услови за остварување на правата од ПН кои придонесуваат за не воедначена примена во пракса, кои се однесуваат на начинот на пресметка на висината на ПН при работа со неполно работно време и на условите за престанок на правото на ПН.





# 5.14. ОБРАЗОВАНИЕ

## 5.14.1. ЕФЕКТИВНОСТ НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ОДЛИВОТ НА ВИСОКО ОБРАЗОВНИ И СТРУЧНИ КАДРИ




Извршивме ревизија на успешност на тема **„Ефективност на мерките за спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри"** со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали Владата на Република Северна Македонија ги испланирала, имплементирала и мониторирала мерките и активностите од Националната стратегија за вмрежување и соработка со високообразовани и стручни кадри 2013-2020, на начин кој би можел да придонесе да се спречи одливот на високообразовани кадри?"**

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека активностите на Владата како носител на политиките за управување со миграцијата не се доволно ефективни за намалување на одливот на високообразовниот кадар од државата.

Во последните неколку децении меѓународните миграции во светски рамки забележуваат континуиран пораст, а денес нивниот обем е поголем од било кога. Тенденцијата кон пораст на емиграцијата на високостручни кадри, како и научен подмладок од одделни факултети, имплицира промени во квалитетот на работната сила и намалување на нивото на човечкиот капитал, а со тоа и негативни ефекти во областа на економскиот развој на земјата и научноистражувачката дејност.



Според податоците на Државниот завод за статистика бројот на македонски граѓани кои заминале во странство во периодот 2013-2022 година изнесува 7.861 лице, а нивниот број по одделни години е прикажан во следниот Графикон:

ОТСЕЛЕНИ
ГРАЃАНИ
ОД РСМ




Податоците на ДЗС за образовната структура на лицата кои ја напуштиле државата покажуваат дека во периодот 2015-2022 година од земјата емигрирале вкупно 719 високообразовани лица, прикажано по години во Графикон 2.

ОТСЕЛЕНИ
ВИСОКООБРАЗОВАНИ
ГРАЃАНИ



Добиените податоци од меѓународните организации / институции и од земјите на прием на наведените лица овозможуваат пореална проценка на обемот и структурата на іслеувањето од Република Северна Македонија [12]. Како посеопфатни податоци за бројот на отселени лица во одделни земји на прием/потекло може да се издвојат оние на Обединетите Нации и на Светската банка (чии нумерички вредности вообичаено се совпаѓаат). Тие покажуваат дека вкупниот број на македонските граѓани коишто престојуваат во земјите на прием ширум светот во последната деценија забележа континуиран пораст.




Извештајот на ИОМ за 2020 година покажува дека според стапката на емиграција во 2019 година Република Северна Македонија е во групата на топ дваесет земји во светот со најголема емиграцијата во странство[13].

Според процените на Светска Банка речиси 40% од високообразовниот кадар од Република Северна Македонија[14] ја има напуштено државата, а Индексот на одлив на мозоци на Global Economy, покажува дека Република Северна Македонија е на високото петто место (од 41 европска земја[15] ).

И покрај тоа Државата нема активна Стратегија односно не е усвоен нов стратешки документ по истекување на периодот на важност на Националната Стратегија за вмрежување и соработка со високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 година.

Од страна на Владата усвоена е Резолуција за миграциона политика, со посебна стратешка цел насочена кон намален интензитет на трајната емиграција во странство, со посебен фокус на лицата со високо ниво на образование, но не е воспоставен мониторинг на имплементацијата на мерките и активностите од истата, а усвојувањето на нови стратешки документи е без оценување и евалуација на резултатите од претходните.

Национална стратегија за вмрежување, соработ-

[12] Миграциите во РСМ – Профил на земјата 2021

[13] IOM, Migration Report 2020, UN Migration, Geneva, 2019, p. 27.

[14] https://documents1.worldbank.org/curated/en/657051570692065211/pdf/Migration-and-Brain-Drain.pdf, pg62

[15] https://www.theglobaleconomy.com/rankings/human_flight_brain_drain_index/Europe/

ка и спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020 е единствениот стратешки документ за јавни политики во којшто директно се адресира прашањето за „одливот на мозоци, која не е објавена во Службен весник и на веб страната на МОН, а отсуството на поткрепувачка документација за начинот на планирање и изработка на Стратегијата, не обезбедува веродостоен податок за вклученоста на сите релевантни институции во креирањето на стратешкиот документ.

Со Стратегијата се дефинирани приоритетни цели и мерки насочени кон намалување на одливот на високообразовен кадар, меѓутоа за реализација на мерките усвоен е еден Акциски план за 2013/2014 година со активности, рокови за извршување, финансиски средства, извори на финансирање, надлежни тела за реализација на целите и индикатори за успешност.

Утврдивме низок степен на имплементација на мерките и активностите од Акцискиот план што се должи на недоволна координација на институциите/надлежните тела носители на мерки и активности и не формираната работната група (проектна единица) во склоп на МОН, која треба да воспостави национален систем за полесно следење и управување со движењето на високообразовани поединци од земјата.

Не е воспоставен функционален систем за следење и управување со интелектуалната емиграција во Република Северна Македонија, заради невоспоставена мрежа или база на податоци на македонските високообразовани лица кои живеат и работат во странство и неизвршена анализа на состојбите со миграцијата на високообразовен кадар, со бројот на емигрирани лица, образовен профил, старосен профил, со адресирање на причините за емиграција.

Се доделуваат стипендии за втор и трет циклус на студии во странство без извршена анализа и утврдување кои студиски програми се од јавен интерес за државата и ќе бидат предмет на стипендирање, а МОН нема воспоставено ефикасен систем за следење дали студентите ги имаат исполнето обврските согласно објавениот конкурс и склучените договори.

Врз основ на извршената анализа ревизијата утврди значителни разлики помеѓу бројот на одобрени квоти и бројот на запишани студенти, што укажува на недостаток на анализи за реално креирање на уписната политика, насочена кон усогласување на понудата и побарувачката и во корелација со политиките за економски развој на државата.

Нефункционалноста на веб порталите nauka.mk и patent.mk оневозможува истите да се користат како средство за обезбедување на информации за резултатите од научно истражувачката дејност, иновациите, трансферот на универзитетскиот know-how на пазарот во компаниите и регистрираните патенти (иновативните пронајдоци).

Мониторинг на имплементацијата на мерките и активностите од Стратегијата не е воспоставен, ниту е извршена оцена на ефектите од имплементацијата на мерките.

**Проценките од извршената анализа на ангажираниот експерт за потребите на ревизијата покажуваат дека во периодот 2013-2021 година од државата просечно годишно мигрираат по околу 2.500 високообразовани кадри, за кои државата просечно годишно инвестирала по околу 5 милијарди денари или вкупно за анализираниот период потрошила 44,7 милијарди денари. Одливот на високообразованите кадри ја чини државата 0,8% од годишниот БДП.**

**Вкупниот ефект на опортунитетниот трошок во однос на изгубен БДП кој не е генериран заради годишната емиграција на вкупното население од државата се проценува на 5,15% од БДП на годишно ниво. Доколку на ова се додаде реално изгубената инвестиција во образование во овие кадри која во просек изнесува 3,19% годишно од БДП, вкупниот негативен економски ефект рефлектира вкупна загуба од 8,34% од БДП на годишно ниво.**

Препораките дадени во овој извештај се однесуваат на активностите кои МОН и Владата, треба да ги преземат со цел отстранување на причините од утврдените неправилности, утврдени состојби или потенцијални ризици прикажани во овој извештај во продолжение, преку навремени мерки за креирање на политики за намалување на одливот на високообразован кадар од државата, имплементација на мерките, мониторинг на имплементацијата и известување за степенот на реализација на мерките.

За наведената ревизија од страна Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија до Државниот завод за ревизија во писмена форма доставено е Мислење по однос на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор со што не информираат дека немаат забелешки по Нацрт извештајот и потврдување на наодите, заклучоците и препораките. Воедно не известуваат дека Извештајот ќе биде сериозно земан во предвид при креирање на политиките за спречување на одливот на високо образовните кадри.

## 5.14.2. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИТЕ, ПОЛИТИКИТЕ И ПРОЕКТИТЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КОИ ФУНКЦИОНИРААТ ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РАЗВОЈ НА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема "Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард" со цел да одговори на прашањето „Дали надлежните институции во Република Северна Македонија преземаат мерки и активности за континуирано подобрување на студентскиот стандард?"

Вкупните средства кои се реализирани согласно Програмата за финансирање, реализацијата и развој на дејноста студентски стандард за 2022 година се во износ од 1.397.455 илјади денари (околу 22,6 милиони евра) и тоа:




во 000 денари

## Правна рамка за остварување на дејноста студентски стандард

Студентскиот стандард во РСМ во рамки на законската рамка која ја уредува оваа област директно се врзува со Законот за студентски стандард, Законот за субвенциониран оброк, Законот за високо образование и Законот за просветна инспекција. МОН нема воспоставено Регистар на студентски домови, односно нема извршено верификација на студентските домови како што е предвидено со ЗСС, а подзаконските акти делумно или воопшто не се применуваат во работата на МОН и ДСД. Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите не е донесена. Инспекциски надзор во период од 2020-2022 година не се врши иако ДПИ има надлежности најмалку еднаш годишно да врши надзор и увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во студентските домови, а особено во процесот на сместување на студентите во домовите. Воспоставениот начин на субвенционирање на студентскиот оброк од страна на МОН преку исплата на трансакциските сметки на студентите не овозможува да се потврди дека исплатените средства за 2022 година во износ од 701.482 илјади денари (околу 11,37 милиони евра) или 50,2% од вкупните средства за студентскиот стандард се користени исклучиво за намената. МОН во текот на 2023 година има усвоено измени во ЗССО во обид да ја намали можноста од вакво постапување на корисниците на средствата. Честите измени и нецелосните стратешки документи поврзани со студентскиот стандард доведуваат до тоа да државата нема концизна и трасирана насока на политики кои треба да се преземат за остварување на видливи и одржливи резултати. Наведеното ја наметнува потреба од преземање на дополнителни активности за подготовка на посебен стратешки документ за студентскиот стандард.

## Студентски стипендии

МОН има воспоставено неколку мерки за стипендирање на студенти по кои во конкурсот за 2022/23 година се предвидени 3.105 стипендии. Одо овој број во текот на 2022 одобрени се 2.509 стипендии додека, со оглед на тоа што постои и можност за продолжување на еднаш одобрена стипендија, вкупниот број на стипендирани студенти изнесува 6.179 студенти односно на еден од 7,7 студенти во земјата му е одобрена стипендија. Притоа по овој основ МОН во текот на 2022 година има исплатен износ во висина од 235.849 илјади денари. Резултатите од извршена компарација на висината на исплатената стипендија по студенти во нашата земја во однос на соседните земји ја прикажуваме на следната табела:



Мерките за студентско стипендирање ги проценивме како соодветни, но постои простор за подобрување во делот на усогласување на стипендирањето со интересот за студирање по студиски програми, односно некои студиски програми на кои има голем број на запишани студенти, неоправдано се застапени кај повеќе од една група на стипендии со што се намалува можноста за стипендирање на студентите запишани на студиски програми за кои е евидентен низок интерес за студирање.

Бројот на студенти кои аплицирале за стипендија и на кои им е одобрена истата е прикажан во следната табела:

| | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
|---|---|---|---|---|
| Стипендии објавени по конкурс | 3.075 | 3.075 | 3.075 | 3.105 |
| Аплицирани студенти по конкурс | 4.480 | 4.331 | 4.704 | 5.451 |
| Одобрени стипендии | 2.697 | 3.026 | 1.907 | 2.942 |
| **Неодобрени стипендии** | **1.783** | **1.305** | **1.907** | **2.942** |

**За студирање на еден од првите 100 Универзитети во светот во 2022 година исплатени се средства во износ од 188.361 илјади денари кои имаат учество од 44,4% во вкупните средства за стипендии. Притоа максималниот износ кој МОН го исплаќа за еден студент изнесува до 40.000 долари годишно и дополнителни средства за престој во висина од околу 45.000 денари месечно за 10 месеци. Утврдивме дека голем дел од стипендираните студенти не ги почитуваат договорните услови и не се враќаат во земјата по завршувањето на студиите, но и невоспоставен систем за ангажирање на овие лица во земјата.**



## Сместување, функционирање, финансирање и инвестиции во студентски домови

Право на сместување и исхрана во државен студентски дом имаат редовните студенти кои се школуваат надвор од местото на живеење. Запишувањето и приемот во ДСД се врши по пат на конкурс кој го објавува МОН, а рангирањето и селекцијата на студентите од листата на апликанти се прави по неколку критериуми кои се однесуваат на материјалната состојба на студентот и неговото потесно семејство, успехот во студирањето и годината на студии. На конкурсот се објавуваат сите расположливи капацитети поделени по студентски домови, при што апликантите имаат можност за избор на префериран студентски дом. Капацитетот и исполнетоста на ДСД е прикажана во табелата подолу:

## КАПАЦИТЕТ И ИСПОЛНЕТОСТ ПО ДСД ЗА СТУДИСКА 2022/2023 ГОДИНА

| ДРЖАВНИ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | Расположливи/ Објавени капацитети | Исполнетост сместени студенти | Исполнетост сместени ученици | Процент на исполнетост |
|---|---|---|---|---|
| ДСД "Гоце Делчев' | 1.186 | 1.163 | / | 98.3% |
| ДСД "Стив Наумов" - 1 и 2 зграда | 620 | / | / | / |
| ДСД "Стив Наумов" - 3 зграда | 601 | 454 | / | 75.5% |
| ДСД "Стив Наумов" - нови бараки | 138 | 138 | / | 100% |
| ДСД "Кузман Јосифовски Питу" | 490 | / | / | / |
| **Вкупно ДСД Скопје** | **3.035/1.925** | **1.755** | **/** | **91.1%** |
| ДСД „Кочо Рацин" | 385 | 284 | / | 73.7% |
| ДСД „Никола Карев" | 242 | 118 | 91 | 48.7% |
| ДСД „Н. Х. Орде Чопела" | 335 | 19 | 165 | 54.9% |
| ДСД „Томе Стефановски Сениќ" | 370 | 229 | 48 | 74,8% |
| ДСД „Пелагонија" | 997 | 997 | / | 100% |
| ДСД „Браќа Миладиновци" | 236 | 68 | 195 | 111.4% |
| **ВКУПНО** | **5.681/4.490** | **3.470** | **499** | **77.28%/88.39%** |

Намалувањето на сместувачките капацитетите на студентските домови е резултат на затворањето на зграда 1 и 2 од ДСД Стив Наумов во 2019/2020 година, поради несоодветни услови за престој и планирано реновирање како и со затворањето на ДСД Кузман Јосифовски Питу, кој е ставен надвор од функција од месец мај 2022 година.



## Услови во студентските домови

Објектите кои ги користат ДСД во најголем дел се стари и не ги задоволуваат потребите на современото живеење, а намалените сместувачки капацитети и невоедначените услови кои ги нудат студентските домови се пресудни за степенот на искористеност и интересот на студентите за сместување во одредени ДСД, но и незадоволство на студентите во поглед на исхраната во студентските домови со што се наметнува потребата од преземање активности во насока на подобрување на условите во студентските домови и обезбедување на повисок стандард на живеење и студирање на студентите во државата.



ДСД Скопје – ДСД Гоце Делчев



ДСД Стив Наумов – 3та зграда

Во ова насока независен експерт изврши анализа на соодветноста на утврдената цена за сместување која како основен извор на приходи на ДСД не е променета од 2008 година и изнесува 6.820 денари месечно за 10 месеци во годината од која МОН партиципира 50% од цената, а остатокот го плаќаат студентите. Со извршената анализа утврдивме дека истата не обезбедува задоволително ниво на финансиска одржливост на домовите кои се соочуваат со неможност за навремено сервисирање на обврските и зголемување на долгот на студентските домови, што упатува на потреба од реално определување на економската цена за сместување и исхрана по студентите во ДСД.

Ревизијата во соработка со ангажиран независен експерт спроведе и анкета на задоволството на студентите од условите во студентските домови. Притоа на анкетата одговорија 286 студенти односно околу 8,25% од вкупниот број на сместени студенти во домовите при што на поставените прашања студентите одговара со оценки од 1 до 5. Резултатите од анкетата се прикажани во следната табела:

| Колку сте задоволни од следните услови во студентскиот дом во кој престојувате? | Просечна оцена |
|---|---|
| Исхрана (квалитет, разновидност, количина) | 2.64 |
| Хигиена (санитарии, чистота, достапност на топла вода) | 2.41 |
| Мебел (физичка состојба, функционалност) | 3.33 |
| Соби за домување (квадратура, опременост, други физички услови) | 2.98 |
| Техничка опрема (принтер, фотокопир, компјутер, ТВ) | 1.67 |
| Интернет (стабилност, брзина, јачина на сигнал) | 1.81 |
| Услови/атмосфера за учење (звучна изолација, почитување на куќен ред, соодветен простор) | 2.53 |
| Заеднички простории (менза, читална/библиотека, дворна површина) | 3.07 |
| Спортско-рекреативни услови (реквизити и простор за спорт и рекреација) | 2.12 |
| Културно-забавни активности во студентскиот дом | 2.46 |
| Загревање и ладење на просторот | 2.58 |
| Безбедност на објектот и студентите | 2.80 |

Во делот на инвестициите нагласуваме дека Проектот за енергетска ефикасност со кој се планира темелна реконструкција на сите ДСД во земјата е започнат од страна на МОН. Притоа за овој проект е обезбеден кредит и грант во вкупна висина од 24.785.067 евра, меѓутоа постои неизвесност во врска со доволноста на обезбедените средства за целосно реализирање на овој проект согласно планираното. Во врска со проширувањето на капацитетите на ДСД во текот на ревизијата заврши изградбата на ДСД Тетово со капацитет за 300 студенти, но се уште не е изготвен записник за технички прием поради што укажуваме приемот на студенти да се врши по целосно завршување на постапката за пуштање на овој објект во употреба на начин кој е пропишан во законските прописи од оваа област.

Од извршената ревизија донесовме заклучок дека мерките и активностите за развој на студентскиот стандард кои се преземаат од страна на надлежните органи не се доволно ефикасни и економични за остварување на одржливо ниво на финансиска самостојност на студентските домови, соодветно сместување и исхрана како и реализирање на проектите за реконструкција и проширувањето на капацитетите на ДСД.

Во делот на стипендирањето на студентите воспоставени се неколку мерки кои се соодветни, но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а поради аплицирање кај повеќе од една група на стипендии, обемната документација и недоследностите при утврдување на исполнетоста на условите дел од стипендиите не се доделени, но е воспоставен начин на стипендирање за студирање во странство со кој не се обезбедува ефикасна искористеност на исплатените средства и придобивки за државата.

Дадени се препораки до надлежните институции со цел отстранување на ефектите од утврдените неправилности или потенцијалните ризици, преку преземање на навремени мерки и активности за развој на студентскиот стандард, подобрувањето условите во кои функционираат ДСД, соодветно сместување и исхрана на студентите, реконструкција и проширувањето на капацитетите на ДСД, како и во делот на стипендирањето и поддршката на талентирани студенти.

## 5.14.3. УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ

Во текот на 2023 година Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година кај Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје – Ректорат и тоа на сметката основен буџет и сметките за средства од самофинансирачки активности: Сопствена, Конгресен центар, Интегративни функции и Интеруниверзитетската конференција.



Со ревизијата беа утврдени следните состојби:

- неизвршено евидентирање на земјиштето во деловните книги на Ректоратот.
- Не е воспоставено следење на наплатата на остварените приходи од закуп на станови на докторантите, трошоци за студирање на третиот циклус студии - докторски студии и продажба на обрасци.
- Утврдивме неправилности во начинот на подготовка кај дел од фактурите за пансионски и ресторантски услуги и извршената наплата во готово, како и неусогласеност на податоците за присуство на ангажираниот персонал од страна на економскиот оператор во Конгресен центар.
- Остварените приходи по основ на интегративни функции не се целосно поради не доставено известување за реализирани приходи од страна на организационите единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.
- Неуплатени членарини од страна на членовите на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија.
- Во делот на нагласување на прашања за Неизвесност и континуитет извршено е обелоденување меѓу другото и во делот на:
- неизвесноста за довршување и ставање во употреба на отпочнатата изградба на објекти во рамките на кампусот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје кои се наменети за Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, како и изградбата на спортска сала од Агенција за млади и спорт;
- реализација на договорот склучен помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и Акцелератор УКИМ заради финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции за деловно – технолошки акцелератори.





# 5.15. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

## 5.15.1. ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА




Во текот на 2023 година извршена е ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година, кај осум единици на локална самоуправа: Струмица, Прилеп, Дебар, Врапчиште, Новаци, Росоман, Желино и Шуто Оризари при што се констатирани следните состојби:

Кај ревидираните општини Дебар, Желино и Шуто Оризари, утврдени се слабости во процесот на буџетирање и значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи поради неизвршени или несоодветно извршени изменување и дополнување / ребаланс на буџетот. Во Општина Прилеп, Дебар и Врапчиште не се донесени програми за активностите за кои е надлежна општината, отсуствува граѓанското учество при креирање на буџетот и транспарентност во јавното информирање. Општина Желино во текот на 2022 година работи со блокирана сметка, користи плаќања со пресметки при наплата на побарувањата и исплата на обврските, што придонесува платниот промет да се врши надвор од трезорскиот систем што е спротивно на законските прописи.

Кај ревидираните општини Прилеп, Струмица, Дебар, Росоман, утврдени се слабости во администрирањето на комуналните такси и надоместоци. Општина Струмица не остварува приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.

Во општините Прилеп и Дебар утврдени се слабости во начинот и постапката на издавање под закуп на општинскиот имот.

Слабости во администрирањето на даноците на имот и даноците на наследство и подарок се присутни во општините Дебар, Врапчиште, Новаци, Росоман и Желино, а се однесуваат на нереално утврдена пазарната вредност на недвижниот имот.

Во буџетот на Општина Прилеп за 2022 година, уплатени се помалку средства во износ од 10.100 илјади денари по основ на надоместок за одржување на јавна чистота, а општините, Дебар, Новаци, Росоман и Желино воопшто не остваруваат приходи по овој основ.

Во општините Дебар, Прилеп и Струмица, утврдени се неправилности во однос на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото, односно немање Стратегија за развој на зеленилото и годишна програма за подигање и одржување на зеленилото, како и неостварени приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило.

Кај ревидираните општини утврдени се слабости во постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во однос на непочитување на законски пропишани рокови и во однос на не доставување годишни извештаи до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата остварени од надоместокот по овој основ кои треба да бидат искористени наменски за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Општините Прилеп, Струмица, Дебар, Шуто Оризари, Врапчиште и Новаци не ги почитуваат законските одредби при ангажирање на лица преку приватни агенции за вработување, авторски договори и договори на дело, а кај општините Дебар и Шуто Оризари утврдени се неправилности и во исплатата на надоместок за учество на седници на советниците.

Во општините Прилеп, Струмица, Дебар, Желино, Росоман, Врапчиште и Новаци утврдени се недоследности во начинот на исплата на средства на спортски клубови, здруженија на граѓани, фондации, талентирани ученици и социјални бенефиции, без донесени програми и прецизно утврдени критериуми за распределба на средствата за социјална заштита, спорт, образование и поддршка на граѓански организации во вкупен износ од 55.268 илјади денари.

Општина Прилеп и Росоман извршиле субвенционирање на јавното комунално претпријатие по некомплетни барања и документација за извршениот обем на активности во износ од 64.619 илјади денари.

Непочитување на одредбите од договорите за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавно осветлување во општините Дебар во вредност од (88.800 илјади денари), Новаци (45.578 илјади денари), Желино (72.951 илјада денари) и Врапчиште (94.798 илјади денари) од страна на приватниот партнер за обезбедување на документација за поставување на јавно осветлување, банкарски гаранции и од страна на општините за неизвршени контролни активности и утврдување на ефектот на заштеди на енергија.

При изведување на активностите за изградба/реконструкција на улици и патишта, водоводна и канализациона мрежа ревидираните општини не ги почитуваат одредбите од Законот за градење, во однос на обезбедено одобрение за градење на објекти кои спаѓаат во втора категорија на градби, градежните активности се изведуваат без изготвен проект и проектна документација само врз основа на техничка спецификација/премер пресметка и не се врши примопредавање на изведените градби.

Констатирани се неправилности и во начинот на евидентирање на побарувањата, утврдување на нивната старосна структура, а за даночните побарувања кои не се наплатени во пропишаниот рок не се пресметува и наплатува камата и не се преземаат мерки за нивна наплата.

Во ревидираните општини присутни се недоследности при спроведување на пописот на имотот и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување на состојбата на средствата и обврските помеѓу фактичката состојба утврдена со пописот и сметководствената евиденција. Имотот кој е во сопственост на општините не е во целост евидентиран во деловните книги, а за поголемиот дел на недвижниот имот не е обезбеден доказ за сопственост на општините.



Без соодветна поткрепувачка документација за извршени поправки и одржување на јавно осветлување, реконструкција и изградба на улици и патишта и изградба на детска градинка, за кои Општина Прилеп исплатила средства во износ од 51.313 илјади денари. Направени се расходи без поткрепувачка документација за потрошено гориво, дневници за службено патување, ресторански услуги, поправка и сервисирање на патнички моторни возила и транспорт на луѓе Општина Дебар потрошила 1.266 илјади денари а Општина Врапчиште 3.831 илјада денари.

Кај ревидираните општини утврдени се слабости кај постапките за јавни набавки и тоа во делот на: техничката спецификација и премер пресметката, не утврдени количини за одделните позиции (Општина Прилеп и Желино), тендерската документација и критериумот за избор на најповолна понуда (Општина Новаци), недоследности во реализацијата на договорите (Општина Прилеп, Струмица, Желино и Росоман) и не пријавени набавки под вредносниот праг во квартална евиденција (Општина Струмица).

Без постапка за јавна набавка набавени се стоки и услуги и извршени работи, за што исплатени се средства во вкупен износ од 10.122 илјади денари (Општина Росоман, Струмица, Врапчиште и Шуто Оризари).

Кај ревидираните општини Прилеп, Струмица, Дебар, Желино, Врапчиште и Новаци утврдени се слабости во системот за финансиско управување и контрола, во однос на пишани процедури, поделба на должности и утврдени контролни механизми во деловните процеси, а невоспоставена/нефункционална внатрешна ревизија кај Општина Прилеп, Шуто Оризари и Росоман.

Во Општина Шуто Оризари, Врапчиште и Росоман не е назначен одговорен сметководител, во Општина Желино утврдени се недоследности при изготвување на годишниот извештај и транспарентност во известувањето, а во Општина Врапчиште не е воспоставена сметководствена евиденција и не се водат деловни книги.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат меѓу другото и на: По Договор за заем помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Република Северна Македонија, во 2016 година Министерството за финансии и Општина Желино имаат склучено договори за под-заеми бр. 02 за реконструкција на локални патишта, училишни објекти и бр. МСИП/41 за: реконструкција на улица и изградба на атмосферска канализација, за што во текот на 2022 и 2023 година достасани се ратите во вкупен износ од 4.401 илјада денари, што дополнително ќе влијае на ликвидноста на буџетот на општината.

Во текот на 2022 година, Општина Новаци нема остварено приходи по основ на концесиски надоместок во вкупен износ од 48.349 илјади денари, поради задоцнета уплата што има влијание на остварувањето на планираните приходи во буџетот на Општината, кои за 2022 година бележат остварување од 65%.



## 5.15.2. РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРЕКУ НИВНА ИНКЛУЗИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Државниот завод за ревизија согласно Годишната програма за работа за 2023 година спроведе ревизија на успешност на тема **„Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“.** Целта на ревизијата беше да се утврди дали се развиени мерки, политики за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Ревизијата се спроведе како кооперативна ревизија со ВРИ на Албанија и ВРИ на Косово, со поддршка на Агенцијата на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените „УН Вомен“.

Спроведените ревизорски активности и обезбедените ревизорски докази овозможија да го изразиме следниот заклучок: Мерките и активностите за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд кои се преземаат од страна на надлежните државни институции не се доволно ефикасни и ефективни со цел вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд и задржување во руралните средини.

Имено, во Националните стратегии за вработување и акциските планови не се предвидени посебни цели, индикатори, мерки и активности прилагодени за потребите на жените од руралните средини за нивно вклучување на пазарот на труд. Жените од руралните средини и нивното вклучување на пазарот на труд, не се дел од стратешките приоритети и цели на Владата.

Податоците за реализација на Оперативните планови за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот не содржат податоци за корисници на мерки разделени по рурални и урбани средини, поради што не може да се утврди учеството на жените од руралните средини во овие програми и мерки.

Мерките за вработување и обуки кои се реализирани во периодот се општи, наменети се за сите мажи и жени во државата, но во нив не е вклучена родовата перспектива и не се прилагодени на потребите и специфичностите на жените во руралните средини.

Мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата која треба да придонесе за подобрување на инфраструктурата во руралната средина и услови за вклучување на жените и девојчињата во образованието и пазарот на труд како и здравствени услуги, поради недостиг на капацитети во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, не е акредитирана.



Состојба со инфраструктурата рурална средина с. Фурка - Дојран





**Набавена опрема за производство на матеница од мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство с. Ржаничино - Општина Петровец**

Во 2019 година за прв пат била воведена родово одговорна мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство, а во 2022 година бил објавен и вториот јавн повик. Утврдивме дека во 2022 година поднесени биле 66% помалку барања за финансиска поддршка во однос на 2019 година, а ставовите и перцепциите на жените се дека задоцнетите исплати на средствата за мерката од првиот повик влијаело на намалување на бројот на жени кои не поднеле барање во вториот повик.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема спроведено анализа за ефектот од спроведувањето на Мерката 112 - Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, односно нејзиното влијание во зајакнување, зголемувањето на бројот на млади земјоделци кои започнале со земјоделска дејност и нивниот статус од родов аспект.

Не се донесени посебни законски решенија за поддршка на речиси целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација во Република Северна Македонија кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија на државата (до 4%). Според податоците од Државниот завод за статистика во државата од вкупно 1.781 населени места, 12% или 205 населени места се без ниту еден жител, 12% или 218 населени места се до 10 жители, 38% или 684 населени места се до 100 жители.

Во 2023 година донесена е Програма за користење на неповратна финансиска поддршка за жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус осигуреник индивидуален земјоделец, со која се стекнуваат со правото на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, со што придонесува кон социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност.

Инвестирањето во објекти за згрижување на деца од предучилишна возраст во руралните средини претставува добра основа за задржување на младата популација во руралните средини, но утврдивме дека не е изработена сеопфатна анализа за потребата по рурални средини, временски рокови, надлежни институции и потребни финансиски средства.

Во државата постојат пет јавни установи за сместување на стари лица и истите се лоцирани во градски средини. Стратегијата за родова еднаквост 2021 - 2027 година во целта подобрен квалитетот на работа на жените предвиден е индикатор - изградба на домови за стари лица во руралните средини, но не се предвидени активности за постигнување на целта, односно не е утврдено во колку и во кои рурални средини ќе се градат домови.

Во насока на надминување на утврдените состојби дадовме препораки до одговорните лица на институциите, со чија имапламентација се очекува да се подобрат и отстранат недостатоците во организацијата и функционирањето на надлежните институции и во процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

**„Стереотипите и дискриминацијата мора да бидат елиминирани, извршната и законодавната власт мора да обезбедат услови за непречено вклучување на руралната жена на пазарот на труд. Таа сака, може и знае како да ја осигура својата иднина, да стане успешен претприемач, да изгради подобро утре за себе, своето семејство и за целокупниот општествен напредок“.**



# 5.16. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ КАМПАЊИ

## 5.16.1. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ – РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

Државната ревизија, согласно Законот за државната ревизија, опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Согласно Годишна програма за работа за Државен завод за ревизија за 2023 година извршивме ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на политичките партии СДСМ, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ и Алтернатива, на сметката за редовно работење.

Утврдивме дека 50% од дадените препораки сеуште не се спроведени, 33% се спроведени, а 17% од дадените препораки се во тек на спроведување.

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки укажуваат дека субјектите преземале активности и мерки за дел од дадените препораки, но постои потреба од дополнителни активности за кои се дадени насоки за постапување во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

## 5.16.2. ИЗБОРНА КАМПАЊА - ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2022 година

Државниот завод за ревизија е надлежен за следење на финансирањето на изборната кампања преку системот на финансиско известување воспоставен со Изборниот законик и подзаконските акти. Согласно методологија пропишана врз основа на Законот за државната ревизија и меѓународните стандарди за ревизија, Државниот завод за ревизија врши ревизија на регуларност (финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност) на Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања (финансиски извештај за изборната кампања).

Учесниците во изборниот процес имаат обврски да спроведуват активности кои меѓу другото се однесуваат и на:

- регистрација кај надлежните органи,
- регистрирање на трансакциски сметки,
- почитување на роковите за отворање и затварање на трансакциската сметка и изготвување и доставување на извештаи до надлежни органи за остварените приходи и расходи во изборниот процес.

Во Конечните извештаи, овластениот државен ревизор известува за: констатирани состојби, недоследности и незаконитости во функционирањето, финансирањето и реализацијата на расходи, состојби кои имаат влијание врз работењето во нареден период и системски слабости на законската регулатива.

Согласно Годишната програма за работа за на Државниот завод за ревизија за 2023 година, извршени се ревизии на финансиските извештаи на приходите и расходите на 18 учесници во изборната кампања за локални избори 2022 за избор на градоначалник на Општина Маврово и Ростуша и Општина Центар Жупа и за избор на членови на совет на Општина Тетово, и тоа на: 14 политички партии[16]; 2 коалиции[17] и 2 независни кандидати[18] поддржани од „група избирачи“.

Утврдени се состојби кои не се во согласност со одредбите од Изборниот законик кај дел од учесниците во изборната кампања, а се однесуваат на следното:

- од страна ПЦЕР од РМ Тетово, не се изготвени и доставени до надлежните органи законски пропишаните извештаи: Извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на изборниот круг, финансиски извештај за изборната кампања, како и 2 (два) извештаи со образец за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборната кампања;
- Група избирачи Агон Заими нема изготвено и доставено до надлежните органи извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на изборниот круг и финансиски извештај за изборната кампања;
- Демократска Партија на Турците на Македонија за Локални избори на изборна кампања 2022 за избор на Градоначалник на Општина Центар Жупа во вкупниот финансиски извештај не ги искажала приходите и расходите за платено политичко рекламирање по основ на договори за асигнација, платени од страна на Државната изборна комисија и не изготвила и доставила до надлежните органи извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на изборниот круг.

[16] Алијанса за Албанците, Движење Беса, Демократска паритија на Албанците ДПА, Демократска партија на Турците на Македонија-ДПТМ, ВМРО – ДПМНЕ, Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ, ДУИ, Алтернатива, Интегра Македонска конзервативна партија, Левица, ПЦЕР од РМ Тетово

[17] „Најдоброто за мојата општина“ за локални избори 2022 за општините Маврово и Ростуша и Центар Жупа и „Најдоброто за мојата општина“ за избори на членови на совет на Општина Тетово

[18] Ељмедина Абдулахи за членови на Совет во Општина Тетово и Агон Заими за членови на Совет во Општина Тетово

Изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарина на политичката партија, донации на политичката партија, донации на физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност, правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и кредити на политичката партија наменети за изборна кампања. За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, во изборниот процес, финансиските средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија, а се исплаќаат од страна на Државната изборна комисија.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање на изборната кампања, констатирано е дека истата е финансирана со средства во вкупен износ од 19.377 илјади денари. Од анализата на приходите по видови на извори на финансирање утврдивме дека 60% од средствата за финансирање на изборната кампања се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија исплатени од Државната изборна комисија, додека 40% се средства обезбедени од други извори на финансирање.

во 000 денари

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА - ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2022




Од вкупните расходи 19.377 илјади денари во изборната кампања, 17.774 илјади денари односно 92% се потрошени за реклама на учесниците во истата. Средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, односно пресметаните расходи по однос на пресметани обврски за објавено платено политичко рекламирање во расходите за реклама учествуваат со 65%, додека 35% од средства за реклама се обезбедени од други извори.

во 000 денари

## РАХОДИ ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2022



# 6

# СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ



# 6. СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ

Државниот завод за ревизија врши и оценка на степенот на усогласеност на законските и подзаконските акти и дава препораки за нивно менување, дополнување и усогласување.

Во овој дел ги истакнуваме дел од клучните утврдени системски слабости за кои има потреба од преземање на активности од страна на надлежните органи од извршната / законодавната власт за надминување на истите.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

### Закон за буџети

Усогласување на дел од членовите во Законот за буџети, чија примена ќе започне од 1 јануари 2025 година освен одредбите од членот 121 во кој се наведени исклучоците и тоа:

- **во член 35** да се дополни став 3, во насока на дефинирање на буџетска документација кон Предлог Буџетот на општините;
- **во член 76** да се дополни став 3 согласно кој матичните буџетски корисници ќе треба редовно да ги доставуваат сите договори за концесии во нивна надлежност и до општината на чија територија се наоѓа концесијата, како и став 5 дека Министерството за економија редовно ќе треба да ги доставува сите договори за јавни приватни партнерства и до општината на чија територија се наоѓа концесијата,
- **во член 94** да се измени и дополни:

  став 3 во кој треба да се уреди Предлог-завршната сметка на Буџетот на државата се доставува само до Фискалниот совет, а не и Државниот завод за ревизија;

  став 4 во кој ќе се регулира дека Државниот завод за ревизија врши ревизија на Завршната сметка на Буџетот, додека делот за постапување по дадените препораки треба да се избрише;

  став 6 во кој делот за можни отфрлања на поединечни ревизорски препораки да се избрише;

  став 7 потребно е да измени и да се уреди дека Собранието го разгледува Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ре-

визија на Завршната сметка на буџетот, со утврдување на рок на истото и

- измена на став 8 согласно кој Предлог-завршната сметка на буџетот на општината треба да се доставува до Советот на општината за донесување, а не до МФ и
- усогласување на ставовите 9, 10 и 11 од наведениот закон и одредбите на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

## Закон за вработени во јавниот сектор и Закон за буџетите

Согласно член 30 од Законот за буџетите, Владата предлогот на буџетот го доставува до Собранието најдоцна до 15 ноември во тековната година, кое пак најдоцна до 31 декември, треба истиот да го донесе, додека пак согласно член 20-б од Законот за вработени во јавниот сектор, функционерот кој раководи со институцијата е должен, најдоцна до 1 септември во тековната година, да изработи предлог план за вработување за наредна година и заедно со предлог буџетското барање да го достави на добивање согласност до МФ и надлежните министерства. Имајќи ги во предвид вака утврдените рокови ревизијата укажува на потребата од преиспитување на роковите за планирање, одобрување и донесување на плановите за вработување во Законот за вработените во јавниот сектор односно во услови на сеуште не донесен буџет на државата, во насока на  реално планирање на вработувањата во институциите во јавниот сектор и нивна реализација согласно обезбедените финансиски средства.

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

## Закон за финансирање  на политичките партии

Во Закон за финансирање  на политичките партии потребно е:

- доуредување на член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, во однос на донесување на поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно, земајќи го во предвид финансирањето на изборната кампања за одреден процес;
- допрецизирање на член 15 од Законот за финансирање на политичките партии, во однос на утврдување на услови и ограничувања кога политичката партија добива донации на недвижниот имот како вид на материјално средство.

## Изборен законик

Да се преиспитаат и допрецизираат одредбите од член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

Да се доуреди член 76-д од Изборниот законик со пропишување на мерливи критериуми во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање.

Постои потреба од пропишување на одредби со кои ќе се уреди дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат - група избирачи и да ги користи доделените

средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат.

Да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица“ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

Потреба од законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на обезбедени средства на сметката за изборна кампања, како и неплатени обврски.

Пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во Република Северна Македонија и Градот Скопје.

Потреба од доуредување на условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК.

Да се преземат активности за доуредување во делот на определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).

Да се преиспита потребата од дополнување на член 76-д став 11 од Изборниот закони во насока да се предвиди воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни.

Постои потреба од уредување на начинот на огранизирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи.

Пропишување на јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).

Преиспитување на утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

Доуредување на Изборниот законик во делот на Казни и прекршочни одредби, да бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа.

## ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

### Закон за комуналните такси

- Комуналната такса за користење на улиците и патиштата со моторни возила, ја наплаќаат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишан рокот во кој правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината и немаат обврска да ги известуваат општините, општините во Град Скопје и градот Скопје, за бројот на регистрирани возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

- Комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување, ја наплаќа трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и има обврска да ја уплати на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кој рок треба да се изврши уплатата, не е пропишана обврска на трговското друштво кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.

## Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата, раната детска заштита и заштитата на стари лица на општините се воведени блок дотации. Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Уредбите секоја година се идентични и не ги одразуваат реалните потреби и стандарди со што се доведува во прашање квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските. Од тие причини потребно е редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за блок дотации за општините со јасна, транспарентна ефикасна и функционална формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со реални вредности и големини, со цел воспоставување на оптимален, економичен и ефикасен систем за финансирање на пренесените надлежности на општините.

## Закон за даноците на имот

Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на примената на членот 39 од Законот за даноците на имот од неговото донесување од 2004 година, во делот на обврската за усогласување на регистарот на недвижен имот кој го водат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи. За имплементација на ова законско решение потребни се одредени допрецизирања во Законот како и софтверско поврзување на надлежните органи.

Во Законот за даноците на имот, утврдени се надлежности на УЈП за вршење надзор над работата на органите на општината, органите на општините во градот Скопје и на органите на градот Скопје, но без јасно дефиниран начинот на кој УЈП ќе ги спроведе активностите поврзани со преземените надлежности од општините. Исто така, не е предвидено доуредување на Законот преку донесување на подзаконски акт за истото.

## Закон за пожарникарство

